Универзитет Св. ,,Кирил и Методиј“ – Скопје

Филозофски факултет

Студиска програма: Малолетничка деликвенција

МАГИСТЕРСКИ ТРУД:

# Постапување со деца упатени на издржување на казна затвор

Ментор: проф. д-р. Сунчица Димитријоска

Студент: Славица Димитриевска-5169/18

Скопје, 2020 година

**Содржина**


Вовед....................................................................................................4

I ТЕОРЕТСКИ ОСНОВИ........................................................................7

1. ДЕТСКО ПРЕСТАПНИШТВО И КРИМИНАЛИТЕТ..........................................7
   1.1. Историски развој на поимот дете во судир со закон..................................7
   1.2. Дефинирање на поимот детско престапништво и криминалитет............15
2. ЕТИОЛОГИЈА НА ДЕТСКОТО ПРЕСТАПНИШТВО.......................................18
3. МЕЃУНАРОДНИ ИНСТРУМЕНТИ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА И ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВИТЕ СЛОБОДИ И ПРАВА..............................................................23
   3.1. Универзални инструменти за заштита на човековите слободи и права.....................................................................................23
   3.2. Регионални инструменти за заштита на човековите слободи и права.....................................................................................25
4. НАЦИОНАЛНО ЗАКОНОДАВСТВО ЗА ДЕТСКО ПРЕСТАПНИШТВО И ПРАВДА ЗА ДЕЦА.......................................................................28
5. ПОСТАПКА СО ДЕЦА ВО СУДИР СО ЗАКОН................................................33
   5.1. Надлежни органи во постапки со деца во судир со закон........................33
      5.1.1. Постапка пред центрите за социјална работа...............................35
      5.1.2. Постапка пред полиција.................................................................36
      5.1.3. Притвор........................................................................................39
      5.1.4. Постапка пред суд..........................................................................40
   5.2. Затвор за деца како казна.................................................................42
   5.3. Затвор за деца: поим и цел.................................................................44
   5.4. Ресторативна наспроти ретрибутивна природа на казната затвор.........47
   5.5. Административна поставеност на затворот.........................................50
   5.6. Хумано постапување и почитување на основните човекови права во затвор.............................................................................................52
      5.6.1. Право на образование....................................................................53
      5.6.2. Право на приватност и сопственост...............................................54
      5.6.3. Право на релаксација, физичка култура и спорт...........................54
      5.6.4. Право на здравствена заштита......................................................55
      5.6.5. Право на одржување контакти со надворешниот свет.................56
      5.6.6. Забрана на тортура и друг вид на сурово, нечовечко или понижувачко постапување или казнување................................................56
   5.7. Упатување и спроведување во затвор.................................................57
   5.8. Прием на дете во затвор....................................................................59
   5.9. Регистрација на дете во затвор...........................................................60
   5.10. Класификација и категоризација на осудени лица.........................61
   5.11. Постапување со деца во затвор.......................................................63

6. ТРЕТМАНИ – ПОИМ И ВИДОВИ НА ТРЕТМАН.............................................65
6.1. Третманот согласно националното законодавство..................................70
6.2. Постпенален третман..........................................................................76
6.3. Добри пракси за работа со деца во судир со закон................................78

II ИСТРАЖУВАЧКИ ДЕЛ..................................................................................83

1. МЕТОДОЛОШКА РАМКА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО..........................................83
1.1. Предмет на истражувањето..................................................................83
1.2. Цел на истражувањето.........................................................................84
1.3. Хипотетичка рамка на истражувањето....................................................85
1.3.1. Основна хипотеза.............................................................................85
1.3.2. Помошни хипотези............................................................................85
1.4. Истражувачки прашања........................................................................86
1.5. Основни поими.....................................................................................86
1.6. Локација...............................................................................................86
1.7. Инструменти за спроведување на истражувачкиот труд..........................86
2. РЕЗУЛТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО..............................................................88
2.1. Затвор за деца Охрид..........................................................................88
2.2. Управа за извршување на санкции.........................................................93
2.3. Меѓуопштински центар за социјална работа Скопје.................................97
3. АНАЛИЗА НА ПОДАТОЦИТЕ ОД СПРОВЕДЕНИТЕ ИНТЕРВЈУА.................99
4. ЗАКЛУЧОЦИ.................................................................................................113
5. ПРЕПОРАКИ.................................................................................................115
**Библиографија**..........................................................................................120
**Прилог 1**.....................................................................................................126
**Прилог 2**.....................................................................................................130
**Прилог 3**.....................................................................................................132

„Навистина е тешко, многу тешко кога знам дека остатокот од животот ќе го поминам во затвор. Дете сум се уште, а децата прават грешки. Од грешките учиме, за жал она што другите го бараат е да не заклучат и клучот да го фрлат“ – изјава на 16 годишно дете осудено на доживотен затвор без право на помилување дадена за неделникот „Ритамот одвнатре“ (“The Beat Within”), 1998 година[1]

## Вовед

Детското престапништво или деликвенција е проблем со кој се соочуваат се повеќе држави низ светот. Дел од нив на проблемот му приоѓаат со особен интерес и внимание, обидувајќи се навремено да го откријат, превенираат и да го спречат негово ширењето во криминогена инфекција од поголеми размери, додека пак други на истиот не гледаат како закана по развојот и формирањето на еден млад човек во зрела и општествено корисна личност, туку го занемаруваат, сметајќи го само како фаза во растот и развојот на детето што ќе помине сам од себе.

Детското престапништво спаѓа во редот на оние криминолошки промени што се следат и истражуваат во континуитет и за кои постојат многубројни тврдења дека се во пораст. Од друга страна, детското престапништво се разликува од криминалот на возрасните и заслужува особено внимание и разработка бидејќи доброто познавање на овој феномен може да придонесе кон превенција и стагнација на опсегот што моментално го има во современите општества, доброто познавање и дефинирање ќе постави и јасно регулирање на оваа појава преку добро утврдени правни акти и правилници за постапување со деца.

Децата во судир со законот имаат свој посебен биолошки, психолошки и социјален развој кој мора да се земе предвид при одредување на мерките за нивно превоспитување и ресоцијализација, а се со цел враќање на младиот човек во заедницата и негово оспособување за живот на слобода. Честопати ќе чуеме дека општествените чинители работат за најдобриот интерес на детето, но се поставува прашањето што е најдобар интерес на детето? Имаме ли дефиниција за тоа? Постои ли едно, единствено правило применливо насекаде, а кое претставува најдобар интерес на детето? И на крајот, кој одредува дека нешто е преземено со цел најдобар интерес на детето?

За да се одредат соодветни мерки, најнапред е потребна сеопфатна проценка на детето и тоа од социјален, психолошки, психопатолошки и медицински аспект. На некој начин треба да се направи проценка на

[1] Sims, B. and Preston, P. (2006), Handbook of Juvenile Justice Theory and Practice, Taylor & Francis Group, LLC (стр. 173)

севкупниот живот на детето за да се утврдат сите ризик фактори кои довеле до нарушено поведение и престапничко однесување.

Проучувањето на децата во судир со закон е тесно поврзано со нивната класификација која на едно општо ниво во пенологијата се дели на интерна и екстерна класификација[2]. Интерната класификација се прави врз основа на многубројни фактори директно поврзани со личноста на детето, лични карактеристики, социјални и психосоцијални карактеристики, како и можностите за превоспитување. Додека пак екстерната класификација се спроведува на многу помал број фактори, а пред се на поделбата на женски и машки деликвенти, возраст, повторништво и сл.

Децата лишени од слобода и упатени на издржување на казна затвор се исложени на ризик од насилство, злоупотреба, криминогена инфекција, како и разни други видови на сурово, нечовечко или понижувачко постапување или казнување. Дури и краткотрајното лишување од слобода остава траги по психичкото здравје кај децата и го нарушува нивниот когнитивен развој. Во прилог на ова, ќе ја споменам и самицата или изолацијата на детето, многубројни истражувања одат во насока дека трагите што ваквата изолација ги остава по психифизичкиот и когнитивен развој на детето се несогледиви. Токму од тие причини меѓународните инструменти за заштита на човековите права упатуваат евентуалното лишување од слобода на дете да се примени само како последна можност и да се користи во исклучителни ситуации. Токму поради нивната возраст, зрелост и психичка ранливост, а земено предвид долготрајните штетни последици врз развојот на личноста, децата се сметаат за најранлива категорија на лица.

Правата на децата се гарантирани со Конвенцијата на Обединетите Нации за права на децата и многубројни други меѓународни документи и протоколи за постапување со нив во различни ситуации. Во нашата земја Законот за правда за децата („Службен весник на Република Македонија" бр. 148/2013) го уредува постапувањето со децата во судир со законот, а неговите основни цели се остварување на приоритетниот интерес и заштита на децата од криминал, насилство и од кој било облик на загрозување на нивните слободи и права, нивна социјализација, воспитување и превоспитување, помош, грижа и заштита во постапка пред суд. Додека пак при лишување од слобода, односно упатување на детето на извршување на казната затвор, на сила стапуваат одредбите пропишани согласно Законот за извршување на санкциите („Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 99/2019).

[2] Osvrti-Zbornik članaka (1971), Etiologija maloletničkog prestupništva, Savez društva defektologa Jugoslavije, Beograd (prof. dr. Milam Milutinović-Maloletnička delikvencija kao društveni problem) стр. 12

Низа извештаи, меѓу кои извештаите на Европскиот комитет за превенција од тортура[3], како и на Поткомитетот за спречување на тортура и друг вид сурово, нечовечко или понижувачко постапување или казнување на Обединетите Нации[4] ја критикуваат состојбата во која се наоѓаат местата за лишување од слобода, односно затворите во нашата земја, особено состојбата и постапувањето со децата лишени од слобода.

Овој магистерски труд кој настана како резултат на особен интерес и работа на студиите по малолетничка деликвенција има за цел да даде свој придонес во видувањето на овој феномен, а особено да ги прикаже состојбите со децата упатени на издржување на казна затвор, да направи проценка на степенот на спроведување на меѓународните и национални стандарди за правда за децата во нашата држава, условите во кои децата престојуваат и до кој степен се остварува рехабилитациската и ресоцијална цел на казната која ја издржуваат.

Особен фокус на трудот е постапувањето со децата во текот на издржувањето на казната затвор од прием до излегување од затвор, третманите за ресоцијализација и рехабилитација во текот на периодот на призонизација, како и постпеналните третмани по излегувањето на детето од затвор. Значењето на овој труд е дотолку поголемо бидејќи Република Северна Македонија ја има ратификувано Конвенцијата на Обединетите Нации за правата на детето во далечната 1993 година, а следствено на тоа и низа други меѓународни документи за хумано постапување со лица лишени од слобода, поради што се има обврзано да ги почитува обврските и должностите кои произлегуваат од истите.

Трудот се состои од два дела и тоа теоретски дел кој ги содржи сите аспекти на детското престапништво, најнапред со осврт на историскиот развој на детското престапништво, а потоа со појаснување на неговата етиологија, меѓународните инструменти, националното законодавство, кривично-правната постапка и третманите за помош на детето престапник, како и истражувачки дел кој врз основа на спроведени инстервјуа со релевантни чинители дава приказ на состојбата во која се наоѓаат децата лишени од слобода и упатени на издржување на казна затвор и начинот на кој државата, односно институциите се справуваат со нив во текот на издржувањето на казната, но и во постпеналниот период. Трудот завршува со анализа од која произлегуваат заклучоци и препораки со цел подобрување на севкупната состојба по однос на овој феномен.

---

[3] https://rm.coe.int/pdf/168075d656 (пристапено на 11.01.2020 година)

[4] United Nations Human Rights Office of the High Commissioner (онлајн). Достапно на: https://tbinternet.ohchr.org/_layouts/15/treatybodyexternal/Download.aspx?symbolno=CAT%2fOP%2fMKD%2f1%2fAdd.1&Lang=en (пристапено на 11.01.2020 година)

# I ТЕОРЕТСКИ ОСНОВИ

## 1. ДЕТСКО ПРЕСТАПНИШТВО И КРИМИНАЛИТЕТ

### 1.1. Историски развој на поимот дете во судир со закон

Во Стариот свет или библискиот период на Западното општество не постоела точна дефиниција за поимот дете, генерално за деца се сметале сите лица на возраст до седум години и истите до тој период биле изземени од законите, додека пак оние над таа возраст биле сметани како мали возрасни лица.

Раното кинеско право разликува три стадиуми на кривична одговорност на детето: детето под 7 годишна возраст било целосно ослободено од казнување, од 7 до 10 годишна возраст било изведено пред царот за помилување, додека во случај на извршување кривично дело за кое не била предвидена смртна казна, можело да биде казнето само парично.[5]

Пресметливоста пак своите корени за првпат ги наоѓа кај Старите Грци и Аристотел кој во поглед на пресметливоста, децата ги изедначува со животните поради нивните недоволно развиени психички способности.

Низ целиот Западен и Блиско-источен свет од тоа време, децата се сметале за правно сопственишто на татковците, доколку биле родени слободни, или пак на родителите робови. Во т.н. Код на Хамураби, Мозаичниот Код, Куранот, Законот на Дванаесте Таблици (лат. Leges Duodecim Tabularum, корпус на закони кои биле на сила во Стар Рим во 451 и 450 година п.н.е.) и Corpus Juris Civilis (составен од Кодекс-компилација на сите претходни римски закони, Билтен-јуриспруденција и Институти-правни процедури и принципи), бил присутен правниот статус на „неличност“. Секој од овие правни кодови содржел правила на однесување и секако казни кога истите не биле почитувани. Во тој период, ситните криминални активности извршени од страна на децата се расчистувале спогодбено меѓу семејствата. Во Рабинскиот закон на пример, постоеле три категории на деца: 1) новороденче - до 6та година, 2) дете претпубертет - од 7 години возраст до пубертет и 3) адолесцент - од пубертет до 20 годишна возраст. Разликата помеѓу новороденче, дете и возрасен постоела уште во тие времиња. Децата на возраст до 7 години се сметале за неспособни да сторат кривични дела бидејќи им недостигал ментален капацитет за да ја разберат тежината на делото.

Во казненото право долго време преовладувало стојалиштето дека малолетните сторители на кривични дела не треба да се издвојуваат од полнолетните сторители, иако уште во римското право постоело разликување на сторителите според возраста. За првпат со Јустинијановата кодификација

[5] Нанев, Л. Кошевалиска, О. (2018), Малолетничко казнено право, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип

била поставена прецизна законска граница меѓу малолетниците (impuberes) и полнолетните сторители (puberes) - на четиринаесет години за машки и дванаесет години за женски деца.

Изедначувањето на малолетниците со полнолетните сторители продолжило и во средновековниот период каде според обичајно-правните правила границата на малолетството била фиксирана меѓу дванаесетата и петнаесетата година од животот, со натамошна примена на правилото „malitia supplet aetatem” („злобата ја надоместува возраста“).

Иако законите и правните процедури содржани во јустинијановиот Corpus Juris Civilis биле карактеристични за Рим од 6от век од н.е. истите биле направени на начин што станале основа за поддршка на догмата на христијанската црква. Ваквите закони биле употребени и од страна на Римо-католичката црква од 11от век која во периодот на поврзување со Германското обичајно право, доведува до развој на еден нов правен систем, Римо-германскиот систем.

Интересно е што и во овој период децата се сметаат за сопственост на таткото, па така во Средниот век децата на возраст до 7 години биле целосно иззмени од каква било кривична одговорност, додека оние меѓу 7 и 14 години се сметале за недоволно зрели за да имаат намера да извршат кривично дело, но се сметале за кривично одговорни доколку се докажело дека се доволно способни за да ја развијат таквата намера.

Ренесансата со својата појава кон крајот на 15от век носи нови трендови во постапувањето со деца. Во Англија на пример децата до 7 годишна возраст уживале целосен имунитет, додека оние од 7 до 14 годишна возраст биле третирани како возрасни доколку се докажело дека ја разбираат кривичната тежина на стореното дело. За време на Ренесансата одговорноста за стореното дело од страна на детето се фрлала врз родителот како неспособен да го воспита своето дете.

Во т.н. Период на просветителството (помеѓу 1500 и 1800 година) се менуваат гледиштата во однос на деликвенцијата и малолетните сторители на кривични дела. Тоа е период и кога се појавуваат филозофите како Монтескје, Русо, Бентам и нивниот поглед кон животот. Во тој период се менуваат методите на постапување со децата и младите, физичкото казнување како главна казна се истиснува од казнениот систем, а се повеќе се дава приоритет на други методи на рехабилитација и ресоцијализација на сторителите на кривични дела. Токму во овој период се појавуваат новите начини на справување со деликвенцијата и тоа преку давање приоритет на социјализацијата, но и на разни институции за задржување на деца и нивен третман во нив, токму во овој период се јавуваат и новите „институции за деца“. Првата ваква институција била основана од страна на Католичката

црква во 1704 година во месноста Сан Мишел, во близина на Рим. Целта на ваквата институција била „корекција и поучување на расипаната младост бидејќи како неуки се штетни, но доколку се поучат може да станат корисни за државата“.[6]

Во истиот период во Америка ситуацијата со деликвентната младина се решавала по урнек на законите на Велика Британија, децата на возраст од 7 до 10 години се сметале за неспособни, односни несвесни за сторување кривично дело и биле под целосна одговорност на своите татковци, додека оние од 10 до 17 години биле сметани за „минијатурни возрасни“ и одговарале за своите дела бидејќи се сметало дека кај нив е развиена свесноста за стореното.

Во периодот од 1750 до 1900 година во Америка децата до 7 годишна возраст биле целосно иземени од каква било правна одговорност, но бидејќи на нив се гледало како грешници, одговорноста за таквото однесување била ставана врз родителите. И додека во некои колонии од тогашна Америка за таквите прашања се расправало јавно, во други пак се одело чекор понатаму и децата биле одземани од родителите и вдомувани во т.н „соодветни“ домови, на кој начин станувале сопственост на државата.

Кривичниот законик на Марија Тереза од 1768 година точно ги утврдува долната и горна староснa граница на малолетството, 7 години за долна граница, под која детето не можело да биде казнето, освен со тепање, и 14 години за горна граница, под која на детето не можело да му се изрече смртна казна.

Законот на Леополд Тоскански од 1786 година разликува неколку видови на малолетници и воведува нов критериум за утврдување одговорност кај детето. За децата до 12 години старост тој предвидува воспитни мерки и истите не можеле да бидат казнети, додека пак за оние од 12 до 14 години старост бил воведен критериумот на „разборитост” (discernement) и можело да се казнат, но поблаго и тоа само доколку се утврди разборитоста.

Идејата на „discernement” се зацврстила со францускиот револуционерен Кривичен законик од 1791 година, во кој границата меѓу малолетството и полнолетството била поставена на шеснаесет години без притоа да се одреди долната граница; виновните малолетници од шеснаесет до осумнаесет години се казнувале како возрасни, со тоа што била исклучена смртната казна и било предвидено ублажување на казните.[7] Под „разборитост” како услов за казнена одговорност и казнување, се подразбирала душевна развиеност на малолетникот што овозможува сфаќање на значењето на делото.

---

[6] Sims, B. and Preston, P. (2006), Handbook of Juvenile Justice Theory and Practice, Taylor & Francis Group, LLC (стр. 11)

[7] Нанев, Л. Кошевалиска, О. (2018), Малолетничко казнено право, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип

Во 19от век многу од децата под 10 годишна возраст во случаи кога биле фатени од полицијата биле испраќани во институции управувани од страна на државата, додека пак оние над 10 години биле затворани заедно со возрасни сторители на кривични дела. Ваквиот третман на децата над 10 годишна возраст траел до средината на 19от век.

Лишувањето од слобода значело која било форма на притвор или затвор или задржување на лица во јавни или приватни простории од затворен тип, кои лицето не смее да ги напушти по своја волја, а таму биле сместени по налог на кој било судски, административен или друг јавен орган.[8]

Следниот бран на реформи во малолетничкото казнено право бил предизвикан со брзите општествени промени во индустриската ера од втората половина на 19от век. Наместо домашно образование и воспитување, на сцена стапиле училиштата како облици на масовно образование. Од друга страна, развојот на науките, особено медицината, психологијата и психијатријата, отвориле нов пристап кон решавање на социјалните проблеми, вклучувајќи ја во нив и контролата над конфликтните однесувања на малолетниците. Со тоа биле создадени сите претпоставки за формулирање на новата доктрина на „мерки во интерес на малолетникот" засновани врз „моделот на благосостојба" и теоријата на „parens patrie": државата е таа што треба да развие систем на едукативни и други мерки за воспитување, грижа и контрола над малолетниците.[9]

Првиот законски текст кој ја третира категоријата деца бил донесен во Норвешка во 1896 година, а во тој период во САД се појавиле и првите посебни судови за малолетници, најпрвин во Чикаго 1899 година, а потоа и во другите американски држави (веќе во 1910 година такви судови постоеле во триесет и пет американски држави). Ваквите судови и денес претставуваат костур на системот на малолетничката правда во американскиот и канадскиот правен систем. Возрасната граница за процесуирање на деца варирала од земја до земја, некои земји давале целосен правен имунитет на деца до 12 години возраст, додека пак кај други истиот имунитет важел за деца до 10 години возраст. Во одредени држави пак постоела и друга класификација на деца чија долна граница била поставена на 10 односно 12 години возраст, но горната на 16, 17 или 18 години возраст кога веќе се цени целосна кривична одговорност на сторителот. Повеќето судови имале надлежност на деца до 21 годишна возраст. Друга новина во овој период е формирање на т.н. работна група во судовите која се состоела од судија за детско престапништво, обвинител и службеник за пробација, вака составената група би се сретнала со

---

[8] Прописи на Обединетите Нации за заштита на малолетни лица лишени од слобода (Хавански прописи) – Havana Rules (1990) Rule 11 (b) Достапно на: https://www.unodc.org/pdf/criminal_justice/United_Nations_Rules_for_the_Protection_of_Juveniles_Deprived_of_their_Liberty.pdf

[9] Нанев, Л. Кошевалиска, О. (2018), Малолетничко казнено право, Универзитет „Гоце Делчев", Штип

родителите/старателите на детето со цел да ги договорат следните чекори за негов третман. Сепак во овој период и покрај ваквиот исчекор во третманот на детето престапник и правните новели, индивидуалниот пристап недостасувал или доколку и постоел бил претежно декларативен, па така единствен индивидуален третман била пробацијата. Интересно да се спомене е дека институционализацијата на децата и во тој период се сметала како нецелисходна, односно дека не вродувала со плод. Податоците говореле дека дури 25% од децата се враќале во затвор уште истата година[10]

Судовите надлежни за малолетници различно ја определувале горната возрасна граница и истата можела да биде меѓу шеснаесет и дваесет и една година, во ваквите судови се судело за казнени дела, состојби на запуштеност и останати девијантни однесувања. Се работи за концепција на малолетничката делинквенција што недоволно ги диференцирала асоцијалните однесувања на малолетниците со оние со кои се повредуваат казнено-правните норми, притоа долната граница според „common law" била фиксирана на седум години; а со англискиот Закон за малолетници од 1963 година истата била подигната на десет години. Децата од таа возраст до четиринаесет години во повеќето држави можеле да одговараат ако е исполнет условот на „разборитост", додека малолетниците над четиринаесет години биле казнено одговорни, но за нив бил предвиден посебен систем на казни.

Во прилог на погоре изнесеното, до 1920та година во Америка само 10 држави дозволувале процесуирање на деца во судови за возрасни сторители на кривични дела, но во деведесетите години од минатиот век, по известување од страна на неколку медиумски куќи за сторени кривични дела од страна на деца, а реално стапката на криминалитет сторена од деца била пониска од претходно, дури 50 држави дозволиле судско процесуирање на деца во судови за возрасни. Покрај судењето на деца во судови за возрасни, се заостриле и казните. Под одредени околности, дури 42 држави овозможиле објава во медиуми на идентитетот на детето, односно името, презимето, адресата на живеење и фотографијата, 30 држави дозволиле јавност при судење на дете, додека неколку држави дозволиле споделување на судските списи на детето со училиштата. Иако официјално ваквите чекори се преземале со цел да се подигне јавната свест, малкумина ги земале предвид рехабилитацијата и последиците што ваквото јавно анатемисување ги остава по детето. Ваквите мерки сигурно не придонеле кон детска ресоцијализација и реинтеграција во општеството. Дека ситуацијата со рехабилитација на младиот сторител на прекршок или кривично дело во Америка била на незавидно ниво, говори и податокот дека одредени политичари отишле чекор понатаму, па барале во записник да бидат внесени дури и најмалите казни некогаш изречени на дете, пр. казна за пушење цигара, а записникот да биде споделен со колеџи,

[10] Податок од 1975 година - Sims, B. and Preston, P. (2006), Handbook of Juvenile Justice Theory and Practice, Taylor & Francis Group, LLC (стр. 19)

универзитети и други образовни установи. Сево ова ја става судската рехабилитација, и секако ресоцијализација и реинтеграција на детето под голем знак прашалник.

Од особено загрижувачки размери е податокот дека се до 2005 година во дури 36 држави од американската федерација било дозволено извршување на смртна казна на деца на возраст од 10 до 18 години.[11] Сепак, на 1 март 2005 година, Врховниот суд на Соединетите Американски Држави ја укинува ваквата казна во сите американски држави со образложение дека таков вид на казна е неуставна за лица под 18 години.[12] Иако Америка ја има отфрлено смртната казна, се уште јавно се дискутира дали децата може да бидат осудени на доживотен затвор без право да бидат помилувани. Во годините потоа иформациите упатуваат дека годишно околу 2500 деца на возраст од 13 години биле осудувани на доживотен затвор без право на помилување. Но, во јуни 2012 година повторно Врховниот суд носи одлука со која не се дозволува деца под 18 години да бидат осудени на доживотен затвор без право на помилување и повикува на индивидуална проценка на секој случај поединечно.[13] Сепак, реалноста говори дека се уште 29 земји дозволуваат доживотна казна затвор без право на помилување.

Канадскиот Закон за малолетници од 1984 година, долната граница на малолетството ја поставува на дванаесет, а горната на осумнаесет години: со препорака на обвинител или суд за малолетници, малолетниците може да бидат изведени и пред суд за возрасни, што претпоставува постоење на разборитост и одговорност за извршеното дело, не се исклучени ниту алтернативните мерки по барање на обвинителот и на тој начин се избегнува формалната процедура.

Во Англија и Велс со Законот за казнена правда од 1982 година се заострува репресијата, па така за лица од седумнаесет до дваесет и една година е можна примена и на доживотно лишување од слобода во посебни центри, додека за казнено одговорни малолетници од петнаесет до дваесет и една година може да им се изрече казна лишување од слобода во рамки на казната пропишана за казнено дело сторено од возрасни. Долната граница на кривична одговорност во оваа земја е 10 години, па така деца од 10 до 17 годишна возраст при сторување на кривично дело може да бидат изведени пред суд и осудени. Сепак, санкциите во ваквите случаи се разликуваат од оние за возрасните, но веќе со наполнети 18 години возраст лицето се изедначува во кривично-правната одговорност со онаа на возрасниот сторител и му се суди исто како на возрасен.

---

[11] Buljubašić, S. (2005), Maloljetnička delikvencija, Sarajevo, Arka Press, (стр. 120.-Шкулиќ, 1999:42.)

[12] Death Penalty Information Center (онлајн). Достапно на: https://deathpenaltyinfo.org/policy-issues/juveniles (пристапено на 15.10.2019 година)

[13] The Sentencing Project (онлајн). Достапно на: https://www.sentencingproject.org/publications/juvenile-life-without-parole/ (пристапено на 15.10.2019 година)

За разлика од Англија и Велс, во Шкотска долната граница за кривична одговорност на малолетен сторител е 8 години. Веќе на оваа возраст детето може да биде приведено и обвинето за сторено кривично дело. Возраста за кривичниот прогон е подигната на 12 години, ова значи дека дете на возраст помеѓу 8 и 11 години не може да биде изведено пред суд, но може да биде изведено пред т.н Совет за деца[14] што претставува еден вид легислативен суд или совет составен од стручни лица во областа на малолетничкото престапништво кој одлучува за најдобриот интерес на детето.

Во Ирска согласно Законот за деца од 2001 година, за дете се смета секое лице под 18 години. Овој закон не прави разлика помеѓу дете и младо лице, сите категории кои постоеле во претходните закони, на пр. млади лица, малолетници, повеќе не постојат. Согласно измените во Законот за кривична правда на оваа земја од 2006 година, возраста за кривична одговорност на дете е подигната од тогашните 7 на 12 години. Ова значи дека децата кои не наполниле 12 години не може да бидат обвинети за сторени кривични дела, исклучок се прави кога станува збор за дете на возраст од 10 или 11 години, а се терети за кривични дела како убиство, убиство од небрежност, силување или сексуален напад. Кога детето под 14 годишна возраст е обвинето за кривично дело, кон него не може да се преземат понатамошни постапки без согласност на Директоратот на јавното обвинителство.

На другата страна на светот, во Саудиска Арабија како земја каде владее шериатското право и во која многу малку закони или прописи се однесуваат на правата на децата сторители на кривични дела или прекршители, недостатокот на јасна легислатива во однос на ова прашање им остава простор на службениците за спроведување на законот, односно на судиите и обвинителите слободно да одлучуваат кога да се уапсат децата, колку долго да бидат задржани и како да бидат казнети. Во оваа земја недостига закон со кој се одредува возраста под која детето не треба да се суди како возрасен. Како резултат на тоа, судиите честопати ги третираат децата како возрасни лица и може да им изречат смртна казна, ампутација на екстремитет или друг вид на казна. Казнувањето се врши на деца кои се уште немаат наполнето 18 години возраст, како и на оние кои се постари од 18 години, но кои го извршиле кривичното дело додека биле на возраст под 18 години.

Честопати децата во ваквите судски процеси немаат правен советник, односно адвокат, а со тоа и ограничен или непостоечки капацитет да се бранат. Саудиска Арабија ја има ратификувано Конвенцијата на Обединетите Нации за правата на детето со напомена дека се воздржува од примена на оние членови од Конвенцијата кои се во спротивност со шериатското право.

[14] Mygov.scot (онлајн). Достапно на: https://www.mygov.scot/childrens-hearings/

Законот за правда за децата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 148/2013), најголемото разграничување го прави помеѓу „дете во ризик“ и „дете во судир со закон“. И додека за поимот „дете во судир со закон“ ќе дискутираме долж целиот овој труд, тука накусо ќе се осврнеме на поимот „дете во ризик“ како претходник на категоријата „дете во судир со закон“ бидејќи недостатокот или неуспешната превенција и заштита на децата во ризик, претставува дополнителен ризик фактор или придонесува кон создавање на „дете во судир со закон“.

Согласно Законот[15], **дете во ризик** е секое дете кое наполнило седум, а не наполнило 18 години со телесна попреченост или пречки во менталниот развој, жртва на насилство, воспитно и социјално запуштено, кое се наоѓа во таква состојба во која е отежнато или е оневозможено остварувањето на воспитната функција на родителите/или/от, односно старателите/или/от, кое не е вклучено во системот на образованието и воспитувањето, вовлечено во питачење, скитање или проституција, кое употребува дроги и други психотропни супстанции и прекурзори или алкохол, а кое поради ваквите состојби е или може да дојде во допир со закон како жртва или како сведок на дејствие кое со закон е предвидено како прекршок или дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело. [16]

Самиот поим дете во ризик може да се разгледува од повеќе аспекти, психолошки, социолошки, медицински, но наједноставното толкување на овој поим во последните години е дете кому многубројните потешкотии со кои е соочено во животот, дел од нив предизвикани не по негова вина, му се закануваат на неговиот правилен и позитивен раст и развој и адаптација во општеството. Проблемите или факторите кои влијаат врз позитивното формирање на детето може да бидат од генетска, преднатална природа, но оние со највисок ризик по неговото формирање во здрав и општествено-продуктивен човек се всушност факторите од неговото најнепосредно опкружување, сиромаштија, малтретирање (физичко, психичко и сексуално), смрт на родител/и, училишен неуспех, негативно влијание на средината во која живее. Оттука, како деца најмногу изложени на ризик и можност да дојдат во судир со закон се децата без родители и родителска грижа, децата жртви на насилство, децата од семејства со брачни и семејни проблеми и конфликти, деца што употребуваат дроги, деца од сиромашни семејства и деца со посебни потреби.

Со се погоре кажано добивме појасна слика за поимот дете и казнивоста на детето низ вековите во разни општества и делови од светот. Во многу судови и земји нашироко се дискутирало за утврдување на правна дефиниција каде завршува детството, а каде започнува полнолетството. Видовме и дека во

[15] Закон за правда за децата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 148/2013)
[16] Ibid 15 Член 19

рамки на доктрината parens patriae децата дури биле сметани и за сопственииштво на таткото. До одредена возраст имале апсолутен или делумен имунитет. Кога пак станува збор за казнувањето, во одреден период биле третирани и како „минијатурни возрасни“ поради што биле тепани, камшикувани, затворани. За жал, како што не постои една единствена причина за детското престапништво, не постои ниту една единствена дефиниција или метод за постапување со детските престапници и нивна рехабилитација. Да се надеваме дека во годините што доаѓаат ќе станеме посвесни за сериозноста на ова прашање и ќе посветиме поголемо внимание или дури ќе воспоставиме рамнотежа помеѓу рехабилитацијата и затворањето, а индивидуалните потреби на секој млад човек ќе бидат сериозно земени предвид.

### 1.2. Дефинирање на поимот детско престапништво и криминалитет

Малолетничката деликвенција или детското престапништво согласно смерниците утврдени со Законот за правда за децата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 148/2013), пројавуваат одредени проблеми при нивно дефинирање. Причините за тоа се што при дефинирање на поимот се користат други, навидум слични термини како на пр.: малолетничка запуштеност, престапништво, деликвенција, неприлагодена младина, младина со лошо поведение, асоцијално однесување, малолетнички криминалитет и уште многу други.

Сепак, како што е случај со дефинирање на други поими, и за овој е потребно да се гледа во потесна и поширока смисла на зборот. Поширокатa смисла ги опфаќа сите облици и манифестации на девијантно и асоцијално однесување, од поткрадување по дома, бегање од часови, некултурно и непристојно однесување до повреда на моралните норми и вршење на тешки кривични дела. Потесната дефиниција на овој поим се задржува само на повреда на правните норми од потежок и полесен вид или поконкретно, повреда на кривично-правните норми.

Употребата на самиот поим има за цел да ги опише специфичностите на појавата, но и тежината на самото дело и проблемот што се наметнува по однос на сторителот, односно детето. Самиот поим во себе ги содржи сиве овие деликатни прашања специфични по својата природа од причина што на прв поглед на нив се гледа негативно и исклучително од кривично-правен аспект бидејќи станува збор за сторување кривично дело за кое се бара санкција. Сепак, самиот факт дека делото е сторено од малолетник, односно дете, го оневозможува обидот поимот да се дефинира на едноставен и упростен начин и отвора цел спектар на потпрашања кои се тесно поврзани со други научни области, социолошки, психолошки, педагошки, економски итн.

Па така, за да дојдеме до поимот на детското престапништво, најнапред ќе го разгледаме поимот „воспитна запуштеност“ под кој на едно општо ниво се

подразбира занемареност, поблаги форми на престапништво или одредена предделиквентна состојба. Некои автори сметаат дека со овој поим се опфаќаат сите облици на антисоцијално однесување кај децата, додека пак други воспитната запуштеност ја делат во три подгрупи и сметаат дека истата ја карактеризираат три облици: воспитна загрозеност, воспитна заменареност и малолетничка деликвенција.

Сето погоре кажано не упатува на заклучокот дека факторите кои влијаат врз однесувањето на детето може да бидат од внатрешна и надворешна природа, односно добар дел од нив се фактори врз кои детето не може да влијае, особено доколку се работи за родителска запуштеност и негрижа.

Детското престапништво е доста широк и генерички термин кој во себе вбројува разни форми на антисоцијално однесување од страна на малолетно лице односно дете. Различно се одредува и во криминолошката, социјална, правна, педагошка и останата литература. Секоја научна дисциплина од различен агол, односно перспектива гледа на оваа појава. Повеќе кривични законици во светот овој термин го толкуваат како однесување спротивно на законот, сторено од дете кое се уште нема постигнато полнолетство.

Како предмети од областа на детско престапништво се сметаат оние кои се процесуираат во кривични судови за дела предвидени во кривичните законици на државите, сторени од страна на дете или пак однесување кое е толку антисоцијално што ги нарушува правата на другите и се заканува по добробитта на самиот поединец, но и на општеството.

Вообичаено, кривичниот законик го смета за престапник секое дете под 18 години возраст кое сторило нелегална активност и кое е процесуиран од страна на судот за деца.

Овде треба да се направи разлика помеѓу „деликвент" односно „престапник" и „деликвентен чин", „престапнички чин". Чинот кој го има прекршено законот се смета за престап, додека престапник (деликвент) е етикетата што му се става на сторителот чие однесување отстапува од општоприфатеното во општеството. Со сторување на ситен престап не се станува престапник, обично ваквите ситни прекршоци како на пр. кршење на прозор во училиште, не се сметаат за деликвентни и вообичаено се толерирани од општеството.

Битен фактор во објаснувањето на поимот детско престашништво има и староста, односно одредувањето на возраста на сторителот во неговите долни и горни граници. Возраста игра значајна улога и во социјална смисла на зборот, како и во остварувањето на одредени права. Возраста е особено важна кога станува збор за кривичното право, токму од возраста ќе зависи дали на сторителот ќе му се суди, какви мерки или санкции ќе му бидат изречени и на кој начин постапката ќе се води.

Од феноменолошки аспект детското престапништво не се разликува многу од престапништвото на возрасните сторители, бидејќи и кај едните и кај другите станува збор за кривично дело, разликата е само во сторителот на делото поради што се наметнува различно правно постапување.

Сепак, земено предвид ресторативната цел на казната, како и фактот дека проблематиката на престапничкото однесување не е само работа на кривичниот прогон туку со него се занимаваат и институции од социјална, воспитна, педагошка и психолошка природа, на престапништвото треба да се гледа како на општествена, а не правна појава.[17]

[17] Buljubašić, S. dr. (2005), Maloljetnička delikvencija, Sarajevo, Arka Press. (стр. 22-Јашовиќ, 1991:56, 57)

## 2. ЕТИОЛОГИЈА НА ДЕТСКОТО ПРЕСТАПНИШТВО

Етиологијата на детското престапништво претставува едно од најинтересните области за истражување, главна причина за тоа е што преку подобро осознавање на детското престапништво се добива појасна слика за криминалитетот.

Одредени теоретичари при изучување на етиологијата на детското престапништво, приоритет даваат на био-физичките, антрополошки, психопатолошки карактеристики на личноста, додека пак други се фокусираат на психолошките теории каде главен акцент се става на интелегенцијата и влијанието на нагоните кај личноста.

Низ историјата прашањето на престапничкото однесување се гледало од повеќе аспекти, пред се филозофски (Платон, Аристотел) или религиски (Свети Августин, Тома Аквински), сериозните истражувања за овој феномен започнуваат во 19от век, па така проучувањето на престапничкото однесување се гледа од пет различни пристапи, и тоа: антрополошки, биолошки, психопатолошки, психолошки и социолошки пристап.

Основач на *антрополошката теорија* е италијанскиот психолог и психијатар Ломброзо (Cesare Lombroso, 1835-1909) кој сметал дека деликвентното лице го карактеризираат одредени надворешни карактеристики кои пред се се гледаат на главата, асиметрична глава, истакната вилица, уши, асиметрично тело и глава и сл. Тој деликвентите ги дели во пет категории и тоа: родени злосторници, деликвентни епилептичари, деликвенти од страв или страст, душевно болни деликвенти и случајни деликвенти. Ваквата своја теорија подоцна ја корегира, но само во делот дека престапничкото однесување може да биде под влијание на одредени надворешни фактори, пред се општественото опкружување, но во суштина тој не отстапува од првобитниот опис на престапникот.

*Биолошката теорија* се дели на теорија на наследство, расна и ендокринолошка теорија. И додека теоријата на наследство во себе ги опфаќа наследните, генетски фактори, расната теорија е дискриминаторска посочувајќи дека одредени раси имаат предиспозиции за криминал. Оваа теорија особено зема замав за време на нацистичка Германија каде како раси склони кон криминал биле посочени Евреите, Ромите и Словените. Во САД пак припадниците на црната раса се сметале за лица склони кон криминал.

*Ендокринолошката теорија* како подгрупа на Биолошката се темели на тврдењето дека криминалитетот кај одредени лица се јавува како резултат на пореметување во ендокриниот систем. Неправилното функционирање на ендокриниот систем се поврзува и со т.н.хипогликемичен криминал, односно одредени научници (Podolsky Edward, 1902-1965) сметале дека колку нивото на шеќер во крвта е пониско, толку поривот за вршење криминално дело кај

човекот е повисоко[18]. Сепак, и оваа теорија како и расната се сметаат за крајно несериозни и неиздржани, па дури и дискриминаторски бидејќи истите се научно недокажани, не сите луѓе со пореметување во ендокриниот систем се криминалци ниту тежнаат кон вршење криминални дела.

Припадниците на *психолошката теорија* пак однесувањето на престапниците го објаснуваат како резултат или последица на разни психолошки својства и состојби на личноста. Во рамките на оваа теорија се развиле неколку подгрупи, и тоа: *теорија на неприлагодување*, способноста или неспособноста на личноста да се прилагоди на општественото опкружување и околности, *теорија на интелигенцијата* во чија суштина се смета дека ниската интелигенција и малоумност се главните причинители за деликвентно однесување на поединецот, односно непостоењето на интелектуални капацитети за да се сфати стореното и последиците од истото, *психоаналитичка теорија* чии корени се базираат врз учењето на Зигмунд Фројд (Sigmund Freud, 1856-1939) и која смета дека секоја личност во себе има одредени потсвесни импулси и нагони за вршење кривични дела, оваа теорија смета дека секоја личност е потенцијален претстапник односно може да стори одредено кривично дело како резултат на таквите импулсивни нагони. Дали ваквите нагони ќе излезат на површина или ќе бидат сузбиени, зависи од низа фактори, а пред се од општественото опкружување, воспитувањето, способноста на личноста да ги контролира. Како подгрупа на психолошката теорија е и *теоријата на фрустрации* која всушност се базира на нагонот како резултат на лишување или неможност да се задоволи одредена потреба. Во такви околности фрустрациите кај личноста поради попреченост се зголемуваат и може да резултираат во нагон за деликвентно однесување. Мотивацијата за ваквото однесување лежи во фрустрацијата на личноста, а агресијата е нејзина последица.

*Социолошката теорија* ја толкува личноста од два агла, личноста во средината и опкружувањето и личноста сама по себе со своите социјални карактеристики, оттука социолошката теорија се дели во две групи, теорија каде криминалитетот се поврзува со општествената структура и теорија за криминализација на поединецот. Во првата група најпознати се *теоријата на аномијата* според која поединецот е во расчекор со наметнатите норми и стандарди и личните капацитети и можности истите да ги достигне или почитува, *теорија на диференцијална асоцијација и идентификација* под која се подразбира влијанието што поединецот го добива во групата, односно дружбата со деликвентни поединци влијае врз однесувањето на поединецот.

*Теоријата на општествена дезорганизација* на некој начин го отсликува општеството на земјите во транзиција како нашата, каде желбата за власт и стекнување богатство на лесен начин и преку ноќ наметнува

[18] Buljubašić, S. dr. (2005), Maloljetnička delikvencija, Sarajevo, Arka Press. (стр. 35-Милутиновиќ, 1976:84)

критериуми кои се далеку од морални и вредносни, во вакви услови чесноста и скромноста се исмејуваат, а бидејќи дезорганизираноста е широко распространета, истата влијае врз креирање на деликвентни поединци меѓу младите. Како последица на ваквото општествено уредување, односно неуредување, дезорганизација каде преовладуваат силите на раздорот и ги надвладуваат оние на складноста, нормите и редот, се јавува деликвентното однесување.

Четвртата теорија во оваа група е *теоријата на културен конфликт и културен расчекор* која всушност како причина за деликвентно однесување ги наведува разликите помеѓу културните правила, норми и стандарди на одредена група со друга група поради што настанува конфликт. *Теоријата на супкултурата* е карактеристична за американското општество и претставува последица на класната структура на тамошното општество, пр. криминалитетот и бандите се најтипични за припадниците на работничките слоеви.

Како последна теорија ќе ја наведеме *теоријата на етикетирањето* која всушност се разликува од останатите претходно наведени затоа што таа ја објаснува перцепцијата што средината ја има кон поединецот и неговото опкружување и желбата нештата да се етикетираат без разлика дали се точни или не.

Како природни и социо-културни причини за детското престапништво се климата и географската положба, воените и поствоени услови, сиромаштијата и економските прилики, семејството и непосредното опкружување, училиштето, урбанизацијата и градската средина. Па така, ризик факторите кои може да доведат до деликвентно или престапничко однесување се делат на надворешни и внатрешни ризик фактори или статични и динамични ризик фактори. Сепак најприфатена поделба на ризик факторите е т.н. еколошки или социоеколошки модел кој е составен од четири нивоа и тоа:

- Индивидуални фактори (интраперсонални)
- Семејни фактори (интерперсонални)
- Фактори на средината
- Општествени/фактори на јавната политика[19]

Одредени автори особено значење во однос на настанувањето на детското престапништво, но и негово спречување и сузбивање даваат на семејството и влијанието што членовите на семејството го имаат врз детето бидејќи во него тоа се раѓа, расте и развива како личност, во семејството детето ги стекнува првите животни искуства и ги учи правилата и нормите на

[19] Киткањ, З. Новаческа Макалоска, И. (2018), Фактори на ризик, превенција и рана интервенција при нарушување во однесувањето, Филозофски факултет, Скопје

општественото живеење. Со менување на семејните вредности и оддалечување од оние традиционални придобивки на семејството, се менуваат и нормите и критериумите на однесување на децата. Сето тоа придонесува кон слабеење на авторитетот на родителите, а следствено на тоа и на возрасните и останатите воспитувачи на детето (негователи, воспитувачи, наставници, професори), надзорната и контролна улога на родителот/старателот слабее или исчезнува, а со тоа и насочувачката, односно воспитна функција чија цел е да го усмери младиот човек на правилен пат.

Втор битен аспект за дискусија при анализа и појаснување на детското престапништво е училиштето и влијанието на училишната средина врз детето, оттука и тезата дека првите тешкотии и проблеми во училиштето се основниот индикатор дека нешто не е во ред со младиот човек, односно дека неговиот развој не се одвива во правилен смер. Пречестото менување на наставните програми, пренатрупаноста на учениците со градиво, примена на несоодветни методи за совладување на наставното градиво, пречеста промена на наставниот кадар и нивниот несоодветен однос кон воспитните и образовни обврски, лошата материјална положба на образованието во целост придонесува кон успешно, односно неуспешно остварување на образовната функција, а со тоа и врз градење на младата личност.

Слабиот успех, неподготвеноста да се следи наставниот процес, неприлагодувањето во средината, предизвикува внатрешен конфликт кај детето, но и конфликт кон останатите во средината, соучениците, професорите, придонесувајќи кон неправилен развој и формирање на младата личност и негово прераснување во проблематична или деликвентна личност.

Следен елемент кој битно придонесува за развој и формирање на деликвентна личност е слободното време. Доколку времето за рекреација и дружење не е осмислено и исполнето со продуктивни содржини, истото се злоупотребува. Злоупотребата на слободното време произведува престапничко однесување бидејќи младиот човек најчесто кривичните или прекршочни дела ги сторува во своето слободно време, од досада. Многу истражувања ја потврдуваат оваа теза објаснувајќи дека кога младиот човек нема исполнет слободен простор и време со креативни содржини, склон е кон авантуризам и преземање на активности кои се деструктивни, како по него како личност, така и по непосредната околина.

Во модерниот свет во кој живееме особено влијание имаат и средствата за масовни комуникации. Нивната лесна пристапност, рашireност освен позитивно, влијаат и негативно врз неизградениот и отворен за нови искуства млад човек. Денес се повеќе се користат и социјалните мрежи кои освен за разонода и виртуелна дружба и поврзаност, креираат и зависност, наметнуваат ставови, норми за некакво модерно, современо урбано живеење притоа неправејќи прецизно разгранучување помеѓу доброто и лошото.

За крај може само да заклучиме дека доколку концептот на детското престапништво или малолетничка деликвенција се гради во самата личност на сторителот на кривичното дело, тогаш сиве овие поединечни фактори се однесуваат и произлегуваат од личноста и играат голема улога во објаснување на овој феномен. Оттука, не случајно кога станува збор за малолетничката деликвенција, секогаш првиот чекор кон нејзино сфаќање и појаснување се прави со проценка и разбирање на самата личност.

## 3. МЕЃУНАРОДНИ ИНСТРУМЕНТИ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА И ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВИТЕ СЛОБОДИ И ПРАВА

Меѓународните инструменти се делат на универзални, на кои може да пристапат држави од целиот свет и регионални кои се однесуваат на земји членки на регионално ниво.

### 3.1. Универзални инструменти за заштита на човековите слободи и права

*Декларацијата за човековите права на Обединетите Нации од 1948 година* ги дефинира основните права на секој човек и истата претставува појдовна точка за утврдување и усвојување на бројни други инструменти со кои се регулираат човековите слободи и права.

Обединетите Нации во 1955 година ги усвојуваат *Стандардните минимални правила за постапување со затвореници* како корпус на необврзувачки правила, но со кои се дефинираат начелата за однесување со лицата лишени од слобода, нагласувајќи ја потребата од хуман третман и почит кон човечкиот дигнитет. Во 2015 години Обединетите Нации ја усвојува најновата верзија на ваквите правила, уште попознати на Правила на Мандела.[20]

Во тесна врска со горе наведените Стандардни минимални правила е и *Конвенцијата на Обединетите Нации против тортура и друг вид сурово, нечовечко или деградирачко постапување или казнување од 1984 година*. Конвенцијата предвидува забрана на тортура и ги обврзува државите потписнички истата да ја спречат преку преземање на мерки и континуирано следење на состојбите и условите во местата на лишување од слобода. Во случај на сторена тортура, Конвенцијата бара од државите потписнички истата да ја истражат. Врз основа на оваа Конвенција се востановува Комитет за борба против тортура кој го следи спроведувањето на Конвенцијата и од државите бара редовно известување за состојбите во местата на лишување од слобода и начинот на кој Конвенцијата се почитува на национално ниво. Во 2002 година е усвоен *Факултативниот протокол кон Конвенцијата на Обединетите Нации против тортура и друг вид сурово, нечовечко или деградирачко постапување или казнување (ОПКАТ)* со кој за прв пат се поставуваат критериуми и гаранции за ефикасни превентивни посети од страна на националните експертски тела т.е. Националните превентивни механизми чиј мандат е да ја следат состојбата со човековите права во местата на лишување од слобода и да спречат тортура и друг вид сурово, нечовечко или деградирачко постапување. Факултативниот протокол предвидува и постоење на Поткомитет за спречување тортура кој има право да врши посети на сите

[20] United Nations Office on Drugs and Crimes (онлајн). Достапно на: https://www.unodc.org/documents/justice-and-prison-reform/GA-RESOLUTION/E_ebook.pdf (пристапено на 13.10.2019 година)

места каде има притворени или затворени лица во земјите потписнички на Конвенцијата.

*Минималните стандардни правила на Обединетите Нации за спроведување на малолетничка правда усвоени во 1985 година („Пекиншки правила“)* уредуваат корпус на прашања во врска со спроведувањето на малолетничката правда, како што се малолетничките судови, возраста за кривична одговорност на детето, кривичното гонење на деца, казнена политика и сл.

*Конвенцијата на Обединетите Нации за правата на детето од 1989 година*[21] е основниот постулат со кој се дефинира поимот дете. Нејзиниот член 1 го дефинира поимот дете и вели „дете е секое човечко суштество кое не наполнило осумнаесет години возраст, ако врз основа на законот кој се однесува на детето, полнолетството не се стекнува порано“. Согласно Конвенцијата, државите потписнички се обврзани да ги почитуваат сите права на детето, да делуваат во негов најдобар интерес и да не вршат дискриминација по ниеден основ. Децата имаат потреба од посебна заштита, вклучувајќи ја тука и правната заштита. Тие спаѓаат во најранливата група лица кон кои е потребен посебен пристап и третман, а особено кога се во судир со законот.

Во делот кој се однесува на санкциите, односно членот 37 од Конвенцијата, државите членки се обврзани да обезбедат гаранции дека ниедно дете нема да биде изложено на мачење или други свирепи, нехумани или понижувачки постапки или казни. За децата е невозможно да биде изречена смртна казна, ниту доживотен затвор за кривични дела кои биле сторени на возраст под 18 години. Ниедно дете не може незаконски да биде лишено од слобода, додека апсењето и лишувањето од слобода може да бидат употребени како крајни мерки и во најкусо можно времетраење. Судењето во разумен рок е гарантирано, а постапката мора да биде итна со обврзувачка правна заштита и друга соодветна помош.

Воедно Конвенцијата укажува дека со секое дете лишено од слобода треба да се постапува хумано, да се уважуваат потребите на детето согласно возраста, да биде издвоено од возрасните затвореници, како и да остварува редовни контакти со семејството, односно најблиските.

*Упатствата на Обединетите Нации за спречување на малолетничка деликвенција од 1990 година („Ријадските упатства“)* ги дефинираат стандардите за спречување на малолетничка деликвенција, вклучувајќи ги и децата во ризик, но и мерките што се преземаат за елиминација на ваквите ризици. Овие упатства ја дефинираат улогата што одредени општествени

---

[21] United Nations Human Rights Office of the High Commissioner (онлајн). Достапно на: https://www.ohchr.org/en/professionalinterest/pages/crc.aspx (пристапено на 02.09.2019 година)

фактори, пр. семејството, заедницата, образованието ги имаат во спречувањето на деликвенцијата меѓу децата, особено меѓу оние деца изложени на ризик.

*Прописите на Обединетите Нации за заштита на малолетни лица лишени од слобода*, усвоени во 1990 година („Хавански прописи“) ги утврдуваат правилата на постапување со секое дете во каква било установа, со цел да се обезбеди негова/нејзин развој и благосостојба. Овие стандарди ги утврдуваат материјалните услови за престој на деца лишени од слобода, заштита на нивните права и најдобар интерес, но и спроведување на разни образовни, стручни и друг вид полезни програми за рехабилитација и ресоцијализација на детето.

Истата 1990 година се усвоени и *Стандардните минимални правила на Обединетите Нации за воинституционални мерки („Правила од Токио“)* со кои се регулира примената на ваквиот вид безбедносни мерки, но и казни.

*Упатствата за постапување со деца во рамки на кривично-правниот систем (Виенски упатства)*[22] се усвоени во 1997 година и даваат насоки согласно кои треба да се применат начелата од Конвенцијата за правата на детето и останатите меѓународни стандарди за спроведување правда за децата.

*Основните начела на Обединетите Нации за употреба на програмите за ресторативна правда во кривичната сфера* од 2002 година даваат детални насоки на програмите за ресторативна правда и како истите треба да функционираат.

### 3.2. Регионални инструменти за заштита на човековите слободи и права

Во 1950 година е усвоена *Европската конвенција за заштита на човековите права и основни слободи* која ги идентификува сите неотуѓиви слободи и права на поединецот и ги повикува државите потписнички да се придржуваат кон истите без никаква дискриминација. За секое кршење на правата утврдени со оваа Конвенција постапува Европскиот суд за човекови права, кому може да му се обрати секое лице кое смета дека одредено право утврдено со Конвенцијата му било прекршено.

*Европската конвенција за спречување тортура и нечовечко или деградирачко постапување или казнување* од 1987 година дополнително ја зајакнува заштитата на луѓето од тортура или друг вид на деградирачко постапување или казнување и воедно го воспоставува Европскиот комитет за

---

[22] Упатства на ОН за постапување со деца во рамки на кривично-правнио систем (Виенски упатства) – 21/07/1997 Достапно на: https://www.unodc.org/pdf/criminal_justice/Guidelines_for_Action_on_Children_in_the_Criminal_Justice_System.pdf (пристапено на 30.09.2019 година)

борба против тортура кој има овластување да спроведува посети во сите места на задржување, односно лишување од слобода.

Со *Упатствата на Комитетот на министри при Советот на Европа во однос на правда по мерка на децата* усвоени во 2010 година се воспоставени насоки за третман и мерки за заштита на правата на децата кои доаѓаат во допир со правосудните системи во својство на сторители, жртви, сведоци или трети лица во постапка.

Сите овие универзални и регионални инструменти како дел од поширокото меѓународно право не прифаќаат забрана за притворање и казнување со казна затвор на детето, туку предност даваат на негово вонинституционално сместување. За третманот, односно постапувањето со малолетно лице лишено од слобода, меѓународните инструменти поставуваат стандарди и критериуми кои секоја земја потписник на овие инструменти треба да ги почитува.

Овие правила јасно и експлицитно ги наведуваат правата на малолетниот сторител на кривично дело лишен од слобода:

- Лишувањето од слобода треба да претставува крајно средство и да трае во што покус временски рок,

- Лишувањето од слобода треба да биде во согласност со меѓународните инструменти,

- Лишувањето од слобода на деца треба да се извршува во посебни простории, одделно од возрасните сторители на кривични дела, каде предност ќе се даде на индивидуализацијата на третманот, образованието и воспитувањето на детето и негово оспособување за живот на слобода,

- Затворот за деца треба да му овозможи на младиот човек непречено да одржува комуникација со членовите на своето семејство и најблиските,

- Детето во затвор треба да биде здравствено осигурано и да има непречен пристап на здравствена заштита и помош,

- Во затвор децата треба да посетуваат настава или часови по стручно оспособување,

- Местата за лишување од слобода како што се затворите треба да бидат екипирани со стручен кадар од неколку профили, и тоа: педагог, психолог, социјален работник, правник и други профили во зависност од потребите,

- Сите видови на дисциплински мерки кои содржат суров, нехуман и деградирачки третман кон детето се забрануваат, тука вклучувајќи го и телесното казнување, сместувањето во мрачна келија и самицата. Се

забранува и тенденциозно смалување на количеството на храна предвидена за еден малолетен затвореник. Како дисциплинска мерка не смее да се користи ниту подвргнување на детето да извршува одредени работни задачи.

Она што секој меѓународен инструмент го потенцира е дека секоја установа наменета за лишување од слобода треба да биде редовно контролирана од надворешно тело/орган, како од страна на државата на чија територија се наоѓа установата од ваков вид, така и од меѓународно создадени тимови или тела за ваква намена. Ваквиот вид на тело или комисија треба да биде независно и да не подлежи под какви било влијанија. Секое дете лишено од слобода треба да биде слободно, непосредно и непречено да разговара со членовите на ваквата комисија и без страв да го каже своето мислење.

Бидејќи реинтеграцијата на детето претставува составен дел на ресторативната правда, самото извршување на казната затвор има за цел да го оспособи со вештини и знаења за негово реинтегрирање и ресоцијализација во општеството по излегување од затвор. Оттука сите надлежни органи, а овде особена улога ја имаат службите или центрите за социјална работа, треба да обезбедат помош на детето. Ваквата помош има за цел да ја намали стигматизацијата и предрасудите што околината може да ги има за детето.

## 4. НАЦИОНАЛНО ЗАКОНОДАВСТВО ЗА ДЕТСКО ПРЕСТАПНИШТВО И ПРАВДА ЗА ДЕЦА

Во нашата држава основниот закон со кој се штитат правата на децата е Законот за правда за децата („Службен весник на Република Македонија" бр. 148/2013), кој претставува подобра, усовршена верзија од својот претходник Законот за малолетничка правда („Службен весник на Република Македонија" бр. 87/07). Со стапување на сила на Законот за правда за децата[23], Законот за малолетничка правда престанува да постои. Она по што новиот закон се разликува од стариот е јасната одредба на „дете во ризик" и „дете во судир со закон", поимот „малолетник" се заменува со поимот „дете" и повеќе не се користи терминот „малолетничка деликвенција" туку „детско престапништво". Законот е во целост усогласен со упатствата на Конвенцијата за правата на детето на Обединетите Нации и за дете се смета секое лице на возраст до 18 години. Законот прави разлика помеѓу **дете во ризик до 14 години** и **дете во ризик од 14 до 18 години,** како и **дете во судир со закон од 14 до 16 години** и **дете во судир со закон над 16 години**. Друга новела со овој закон е и воведување на категоријата **дете жртва**.

Со цел остварување на правата на детето, како и негова заштита, законодавецот воведува неколку поими заради негова заштита и соодветен третман во случај на сторување казниво дело. Оттука, согласно овој закон разликуваме **дете во ризик** *е секое дете кое наполнило седум, а не наполнило 18 години со телесна попреченост или пречки во менталниот развој, жртва на насилство, воспитно и социјално запуштено, кое се наоѓа во таква состојба во која е отежнато или е оневозможено остварувањето на воспитната функција на родителите/или/от, односно старателите/или/от, кое не е вклучено во системот на образованието и воспитувањето, вовлечено во питачење, скитање или проституција, кое употребува дроги и други психотропни супстанции и прекурзори или алкохол, а кое поради ваквите состојби е или може да дојде во допир со закон како жртва или како сведок на дејствие кое со закон е предвидено како прекршок или дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело,* **дете во ризик до 14 години** *е секое дете кое во времето на извршување на дејствието со закон предвидено како кривично дело за кое е утврдена парична казна или затвор над три години или дејствие со закон предвидено како прекршок наполнило седум, а не наполнило 14 години,* **дете во ризик од 14 до 18 години** *е секое дете кое во времето на извршување на дејствието со закон предвидено како кривично дело за кое е утврдена казна затвор до три години или дејствие со закон предвидено како прекршок наполнило 14, а не наполнило 18 години,* **дете во судир со закон од 14 до 16 години** *е секое дете кое во времето на извршување на дејствието со закон предвидено како*

[23] Закон за правда за децата („Службен весник на Република Македонија" бр. 148/2013)

*кривично дело за кое е утврдена казна затвор над три години наполнило 14, а не наполнило 16 години,* **дете во судир со закон над 16 години** *е секое дете кое во времето на извршување на дејствието со закон предвидено како кривично дело за кое е утврдена казна затвор над три години наполнило 16 години, а не наполнило 18 години,* **дете жртва е секое дете на возраст до 18 години** *кое претрпело штета, вклучувајќи физичка или ментална повреда, емотивно страдање, материјална загуба или друга повреда или загрозување на правата и интересите како последица на сторено дејствие со закон предвидено како кривично дело,* **помладо полнолетно лице** *е лице кое во времето на пресудување за дејствие со закон предвидено како кривично дело наполнило 18, а не наполнило 21 година.*[24]

Согласно возраста на детето, македонскиот законодавец предвидува мерки на помош и заштита кои не содржат какво било одземање или ограничување на слободите и правата на детето, но секако и санкции кои се состојат од помош и заштита, како и ограничување и одземање на одредени права и слободи на детето.

Во корпусот на воспитни мерки предвидени за кривично одговорно дете на возраст над 14 години, се јавуваат мерките:

- Укор или упатување во центар за деца,
- Засилен надзор од страна на родителите/или/от, односно старателите/или/от, згрижувачко семејство или од страна на центарот, и
- Заводски мерки-упатување во воспитна установа или во воспитно-поправен дом. [25]

Во делот на санкциите, односно казните, за кривично одговорно дете на возраст над 16 години, законодавецот ги предвидува следните казни:

- Затвор за деца,
- Парична казна,
- Забрана за управување со моторно возило од определен вид или категорија, и
- Протерување на странец од земјата.[26]

Санкции или казна затвор се предвидува за кривично одговорно дете над 16 годишна возраст и тоа само ако поради тешките последици од

[24] Член 19 од Законот за правда за децата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 148/2013)
[25] Ibid 24 Член 37
[26] Ibid 24 Член 50, став 2

стореното дело и високиот степен на кривична одговорност не би било оправдано да се изрече воспитна мерка.

На дете од 14 до 16 годишна возраст за дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело може да му се изречат само воспитни мерки, додека за дете од 16 до 18 годишна возраст освен воспитни мерки, по исклучок може да му се изрече и казна или алтернативна мерка.

Санкцијата што се изрекува треба да одговара на личноста на детето, тежината на дејството и неговите последици. При определување на санкцијата односно казната кон детето се зема предвид и разборитоста како услов за казнена одговорност и казнување под што се подразбира душевна развиеност на детето, односно негова зрелост за разбирање на делото кое го има сторено, како и последиците што произлегле од истото.

Лишувањето од слобода може да се изрече како крајна мерка и тоа само кога со мерките на помош и заштита не може да се постигне посакуваната цел.

Видот на санкција не зависи само од природата на делото или од постоењето и степенот на казнена одговорност, туку од потребите на личноста за воспитување, помош и грижа.

Казната затвор за деца се извршува согласно одредбите на Законот за извршување на санкциите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 99/2019). Согласно новелите од овој закон во делот на извршувањето на кривичните санкции спрема деца во глава дваесет и пет детално се уредени одредбите за извршување на казната затвор за деца. Овој закон, согласно директивите на меѓународните инструменти, но и укажувањата на релевантните меѓународни тела за спроведување на Конвенциите потпишани и ратификувани од нашата земја, обезбедува почитување на правата што секое дете лишено од слобода треба да ги ужива за време на издржувањето на казната затвор. Па така, истиот дава преглед на правото на сместување, индивидуален третман и постапување со секое дете согласно неговата возраст, пол и потреби, право на образование, исхрана, физичка активност, здравствена заштита, право на одржување контакти со семејството, но и право на отсуство заради посета на истото.

За поздравување е фактот што при креирање на одредбите на овој закон целосно се земени предвид насоките и упатствата на меѓународните документи, пр. Хаванските прописи[27] кои наложуваат лишувањето од слобода на дете да биде последна опција и истата да биде во што пократко времетраење. Целта на таквото лишување од слобода не е казнување на

[27] Прописи на Обединети Нации за заштита на малолетниците лишени од слобода (Хавански прописи), А/РЕЗ/113 од 14 декември 1990 година Достапно на: https://www.unodc.org/pdf/criminal_justice/United_Nations_Rules_for_the_Protection_of_Juveniles_Deprived_of_their_Liberty.pdf

детето, туку негова рехабилитација, едукација, ресоцијализација и оспособување за живот на слобода. Пекиншките правила[28] пак предвидуваат индивидуална помош за секое дете што ќе подразбира социјална, образовна, стручна, ментална, медицинска и физичка помош согласно возраста, полот и зрелоста на личноста.

Законот воедно ги следи и препораките на Извештајот на Европскиот комитет за спречување на тортура издаден во 2017 година како резултат на посетата на Комитетот спроведена во декември 2016 година[29], со што во целост ја исфрла самицата за деца и предвидува краткорајно изолирање на дете во посебна просторија во максимално времетраење од 5 до 7 дена и тоа исклучително само за потешки повреди на редот и дисциплината, како и на Куќниот ред на установата, во кој период стручниот тим презема посебни корективни активности.

Други релевантни документи од национален карактер се Упатството за определување на видовите и начините на третман на осудените лица („Службен весник на Република Македонија“ бр. 173/2011) и Правилникот за распоредување, класификација и разместување на осудените лица во казнено-поправните установи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 173/2011). Со овие два документа се определуваат видовите и начините на третман на осудените лица, односно распоредувањето, класификацијата и разместувањето на осудените лица во казнено-поправните установи.

Упатството за определување на видовите и начините на третман на осудените лица[30] ги определува видовите и начините на третман на осудените лица во казнено-поправните установи, каде под поимот „третман“ се подразбира индивидуално определен динамичен систем на методи, мерки и постапки спрема осуденото лице во казнено-поправната установа за време на извршувањето на казната затвор.[31]

Правилникот за распоредување, класификација и разместување на осудените лица во казнено-поправните установи[32] пропишува распоредување,

---

[28] Стандардни минимални правила на Организацијата на Обединети Нации за спроведување на малолетничка правда (Пекиншки правила), А/РЕЗ/40/33 од 29 ноември 1985 година

[29] Report to the Government of “the former Yugoslav Republic of Macedonia” on the visit to “the former Yugoslav Republic of Macedonia” carried out by the European Committee for the Prevention of Torture and Inhuman, Degrading Treatment or Punishment (CPT) from 6 to 9 December 2016 Достапно на: https://rm.coe.int/pdf/168075d656 (пристапено на 04.01.2020)

[30] Упатството за определување на видовите и начините на третман на осудените лица („Службен весник на Република Македонија“ бр. 173/2011)

[31] Ibid 30

[32] Правилникот за распоредување, класификација и разместување на осудените лица во казнено-поправните установи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 173/2011)

класификација и разместување на осудените лица во казнено-поправните установи.[33]

[33] Правилникот за распоредување, класификација и разместување на осудените лица во казнено-поправните установи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 173/2011)

## 5. ПОСТАПКА СО ДЕЦА ВО СУДИР СО ЗАКОН

### 5.1. Надлежни органи во постапки со деца во судир со закон

Европската конвенција за заштита на човековите права и основни слободи во одредбата со која се гарантира правото на слобода и безбедност (член 5), утврдува дека никој не може да биде лишен од слобода, освен врз основа на закон, а кога се работи за притвор на дете, врз основа на законска процедура заради воспитување под надзор или заради приведување пред надлежен судски орган.

Системот на органи и институции кои по својата основна функција и положба во општеството се задолжени да работат и преземаат акции за спречување и сузбивање на детското престапништво се: центрите за социјална работа, министерствата за внатрешни работи, обвинителствата, судовите за деца, како и установите за извршување на санкции за деца.

Центрите за социјална работа се ангажираат за следење на појавите, координација на иницијативите за преземање на превентивни и репресивни мерки и акции преку благовремено откривање на детската запуштеност, престапништво и деликвенција. Тие играат особена улога во проучување на личноста на детето престапник и давање предлози за разрешување на случајот и негово учество во извршувањето на воспитните мерки. Стручноста на оваа служба има особен придонес во превенирање на деликвенцијата.

Во однос на криминалната и деликвентна активност, министерствата за внатрешни работи остваруваат значајна улога преку своите облици на репресивно и реактивно делување и благовремено откривање на деликвентните активности. Кога се во прашање децата сторители, овој орган може да одигра многу значајна улога преку благовремено откривање на жариштата. При поднесување на кривични пријави за сторени кривични дела од деца, треба да оствари нужна координација со органите за старателство, односно центрите за социјална работа со цел избегнување на негативни последици од покренување и водење на постапка.

Обвинителствата како единствени, самостојни државни органи за гонење на сторителите на кривични дела се надлежни за покренување подготвителна постапка спрема децата сторители на кривични дела. Тие мора да го применат начелото на опортунитет и целесообразност како основа за неотпочнување на кривична постапка против дете. Ова од гледиште на увереност дека не е целесообразно да се води постапка против дете бидејќи со неа може да се предизвикаат обратни ефекти по самата личност на детето.

Целта на судовите за деца е третман и рехабилитација. Работата на судиите не е едноставна бидејќи на нив паѓа одлуката дали детето ќе биде пуштено на слобода и вратено дома или задржано под надзор со програма за

негова рехабилитација и ресоцијализација. Индивидуалниот третман темелен на добра анализа и евалуација на детето се смета за најцелисходен.

Оттука и улогата на судовите за деца е огромна бидејќи ним им е доверена задачата за процесуирање на кривичната одговорност на младиот човек и одредување на казната, односно санкцијата. Па така, од особена важност се специјализираните одделенија и судиите за деца. Судиите се оспособени и стручни за работа по предмети од детско престапништво.

Од суштествено значење е и улогата на органите и установите за извршување на санкции за деца сторители на кривични дела, односно за деца во судир со закон (воспитно-поправните домови и затворите за деца). Во извршувањето на воспитните, алтернативни мерки, како и санкциите, во преден план е стручноста и ангажирањето на стручните лица во центрите за социјална работа и установите за воспитување, превоспитување и правилен развој на детето, како и нивната добра организираност, професионалност и агилност. Кај нас, но и пошироко во светот на овој план се манифестираат многубројни слабости и пропусти поради кои не се добиваат посакуваните резултати.

Доколку за појдовна точка го земеме најдобриот интерес на детето и неговите права, тогаш основните начела на кои треба да се потпира малолетничкото казнено законодавство би биле:

- Начело на законитост,
- Начело на индивидуализација,
- Начело на сразмерност во однос на степенот на одземање и ограничување на правата на детето,
- Начело на приоритет на превентивните воспитни мерки во однос на репресивните мерки,
- Начело на избегнување на формалната судска постапка.[34]

Во својата суштина малолетничкото правосудство не се занимава само со постапувањето со деца во судир со законот, туку и со причините кои довеле до таквото казнено постапување, како и негова превенција. Од тие причини основите на малолетничкото правосудство се превенција и заштита.

Превенцијата по своја природа има за цел да спречи настанување на дејствија што се кривично казниви. За да се превенираат таквите активности, потребно е да се откријат сите причинители кои може да доведат до степен на сторување кривично дело, односно да се открие што се влијае врз детето за тоа да стори казниво дело.

[34] Сламков, Ѓ. (2009), Казнено право - општ дел, Европски универзитет - Република Македонија, Скопје

Комплексноста на ваквото профилирање на детето во судир со закон ја обработивме во погорните поглавја и утврдивме дека факторите кои влијаат врз детето да дојде во судир со закон се многубројни, односно може да бидат од внатрешна и надворешна природа, што значи фактори поврзани со самата личност на детето, па се до непосредното општествено опкружување.

Кога станува збор за заштитата, тогаш активностите ги усмеруваме во насока на заштита на оние млади лица кои веќе дошле во судир со законот сторувајќи казнено дело. Работата со оваа популација се состои од нивно одвраќање да го повторат делото, односно одвраќање од повторништво и нивна рехабилитација, ресоцијализација и реинтеграција во општеството.

За да се оствари ваквата заштитна цел, државата не само што треба во целост да го усогласи своето законодавство со меѓународните стандарди, туку треба истото да го спроведе во пракса и да отпочне со програми кои ќе имаат за цел едукација на младата популација и нивно правилно усмерување и воспитување.

Кога станува збор за законодавството и постапувањето со детето во судир со закон, треба да се земат предвид сите чинители кои го спроведуваат законот, тука се мисли пред се на полицијата, адвокатите, обвинителството, судиите, центрите за социјална работа и сите останати кои доаѓаат во допир со детето. Ова е од особена важност за оние земји кои поминале низ воен или граѓански конфликт или процес на транзиција на општественото уредување каде ризик факторите се понагласени и посилно може да влијаат врз развојот на децата. Во таквите земји постои нарушена општествена структура и нефункционално правосудство, поголем број на ризик фактори, а со тоа и деца во ризик и состојби заради кои лесно може да дојдат во судир со законот, непостоење или слабо функционирање на институции кои треба да вршат превенција и заштита на децата, неквалитетен кадар во таквите институции и сл.

### 5.1.1. Постапка пред центрите за социјална работа

Земено предвид горенаведеното, а имајќи го предвид најдобриот интерес на детето и неговото правилно воспитување и развој, законодавецот во нашата земја во сржта на Законот за правда за децата[35] ја има идејата на воспитување, поправање, односно помош на детето, па оттука кон дете во ризик до 14 години и дете во ризик над 14 години се применуваат мерки на помош и заштита со цел негово социјализирање и воспитување, и тоа само кога центарот за социјална работа ќе оцени дека состојбата на ризик се одразува врз развојот на личноста.

[35] Закон за правда за децата („Службен весник на Република Македонија" бр. 148/2013)

За дејствие на дете во ризик до 14 години, кое со закон е предвидено како кривично дело и за кое е предвидена казна затвор над три години, како и кога во извршување на делото учествувале и други лица за кои може да се води постапка пред суд и за дејствие на дете во ризик над 14 години, кое со закон е предвидено како кривично дело за кое е утврдена казна затвор до три години или парична казна, Министерството за внатрешни работи (МВР) доставува известување до центарот за социјална работа и до надлежниот јавен обвинител. За други состојби на ризик, освен МВР известување до центарот за социјална работа може да поднесе и училиштето, институцијата каде е згрижено детето, родителите/старателите.

Првиот разговор со детето се врши во рок не подолг од 15 дена од приемот на известувањето, но во случаи кога постои загрозеност на личноста не подолго од 36 часа. Освен детето, на ваквиот разговор присуствува и родителот, односно старателот, а разговорот го води претставник на стручен тим или стручен тим составен од психолог, педагог, социјален работник и дипломиран правник. Во случаи кога кривичното дело за кое се товари детето предвидува казна затвор подолга од 5 години, на ваквиот разговор присуствува и бранителот на детето, односно адвокатот.

Од спроведениот разговор стручниот тим во рок од 30 дена изготвува план со мерки на помош и заштита за индивидуална работа со детето и родителите. Најдоцна во рок од 10 дена по донесувањето на ваквиот план, стручниот тим повторно разговара со родителите/старателите со цел да се испита дали околностите на ризик во меѓувреме се отстранети. Надзор над спроведување на ваквиот план врши Заводот за социјални дејности.

Доколку родителите односно старателите не го спроведат планот на центарот за  социјална работа, во рок од 7 дена центарот за социјална работа го известува надлежниот судија за деца кој во рок од 3 дена носи одлука за примена на мерките содржани во планот со упатства до центарот за социјална работа.

### 5.1.2. Постапка пред полиција

Постапувањето на полицијата со деца во ризик, односно деца во судир со законот има свои специфичности кои се разликуваат во однос на постапувањето со возрасни, односно полнолетни лица. Тука пред се се мисли на механизмите за остварување на специфичните права на децата во системот на малолетничката правда. Токму овие специфични права произлегуваат од Конвенцијата на Обединтетите Нации за правата на детето и се водечки принципи при постапувањето со дете и заштита на неговите слободи и права. Секое постапување треба да го има за цел најдобриот интерес на детето, недискриминацијата, учеството на детето во носењето одлуки од негов интерес и правилниот равој на детето. Полицијата од друга страна е првиот контакт што

детето го има во системот на казнената правда, па оттука однесувањето на полицијата е од особено значење бидејќи колку истата може да има заштитна улога, толку може да претставува и фактор на ризик на малолетничкиот криминалитет.

Сложеноста на полициското постапување во случаите со деца е многу повеќе од поголем обем на пишана работа, тука пред се станува збор за поинаков вид на комуникација, однесување, известување, соработка со други релевантни чинители во системот, но и со општественото опкружување на детето.

Тука меѓу другото ќе се каже и дека доста често жените се оние стручни лица во полицијата специјализирани за работа со деца, бидејќи на нив се гледа како „специјалисти“ за деца поради нивната традиционална улога на мајка, како и сфаќањето дека имаат посебни предиспозиции за грижа за децата.

Развивањето на вештини за откривање на најразличен криминал сторен од деца всушност оваа проблематика од полициското постапување ја чини многу специфична и комплексна. Овде особено значајно е раното откривање на малолетничката деликвенција и нејзино превенирање. Првичните знаци се поврзуваат со асоцијалните однесувања, бегање од училиште, од дома, па до врсничко насилство.

Кога станува збор за самата постапка со дете, Министерството за внатрешни работи може да повика дете на разговор заради собирање информации поврзани со сторување на кривично дело. Пред отпочнување на разговорот детето се запознава со своите права, додека пак разговорот се води во присуство на негов бранител и родител/старател. Разговорот се води во посебни простории соодветни за разговор со дете и може да трае најдолго четири часа. Доколку има потреба разговорот може да биде продолжен друг ден.

Сепак, наводите на Народниот правобранител од спроведените теренски посети на Националниот превентивен механизам во текот на 2017 година[36], говорат дека претежно полициските станици немаат посебни простории наменети за задржување на деца и разговорот најчесто се води во просторијата за состаноци, во канцеларијата на сменоводителот или инспекторот за малолетничка деликвенција доколку таков има во полициската станица. Во одредени градови низ земјата полициските службеници се соочуваат и со проблеми за обезбедување на претставници од центарот за социјална работа. Дел од посетените полициски станици имаат пракса разговорите со децата да ги вршат во подрачните центри за социјална работа.

[36] Годишен извештај на Народен правобранител-Национален превентивен механизам за 2017 година (2018) Народен правобранител на Република Македонија, Скопје Достапно на: http://ombudsman.mk/upload/NPM-dokumenti/2018/NPM%20Godisen%20izvestaj-2017.pdf

Наводите говорат и дека голем број полициски станици воопшто немаат специјализирани инспектори за малолетничка деликвенција, па при задржување на дете и негов распит, разговорот го врши инспекторот за јавен ред и мир и превенција кој претходно има поминато обуки за постапување со деца.

Задржување на дете во полициска станица може да трае најмногу 12 часа. Во случаи кога детето го нарушува јавниот ред и мир и е затечено во тоа, истото може да биде задржано најмногу осум часа. Дете испорачано од странски орган може да биде задржано најмногу 12 часа.

За задржување на дете, Министерството за внатрешни работи веднаш го известува надлежниот јавен обвинител, судијата за деца, односно судија на претходна постапка, родител/старател, бранител и центарот за социјална работа. Известувањето поради итноста се врши телефонски, но за истото се води и записник кој се доставува во рок од 24 часа каде се наведуваат сите релевантни информации поврзани со задржувањето на детето, времето на задржување, причините за задржување, времето кога детето било поучено за неговите права, психофизичката состојба на детето и сл. Записникот се потпишува од детето, негов родител/старател и бранител. Задржувањето се врши во посебни простории, засебно од просториите за полнолетни лица.

Задржувањето подолго од 6 часа мора да го одобри службеник за прифат во посебно определена и опремена полициска станица, а најдоцна во рок од 12 часа детето мора да биде изведено пред судија за деца кој одлучува дали на детето ќе му биде одреден притвор или ќе биде пуштено на слобода.

Од наводите на Народниот правобранител при испитување на материјалните услови и остварување на другите права на задржаните лица во полициските станици, особено на децата, се констатира дека законски предвидените рокови се почитуваат, а особено се внимава на времетраењето на истите. Најчесто врз должината на задржувањето влијаат физички односно логистички фактори, односно времето потребно да се повикува стручно лице за разговор со детето, обучен инспектор, социјален работник, да се известат родителите/стартелите.

За начинот на полициското постапување во делот на известување на сите релевантни страни при задржување на дете говорат и Пекиншките правила во својот дел 2 „Истрага и поднесување на кривична пријава“ каде во член 10.Првиот контакт, се вели: „Доколку дојде до приведување на малолетникот, неговите родители или старателот треба веднаш да бидат известени за тоа

приведување, а онаму каде што такво известување не е можно, родителите или старателот треба да бидат известени во најбрзо можно време“[37].

Правилата ја утврдуваат и неможноста да се води разговор со детето без присуство на негов бранител. Оваа одредба е целосно инкорпирана во нашиот закон за правда за децата, со што се гарантира правото на детето на правна помош дури и во ситуација кога неговите родители/старатели не се во можност таквата помош да ја обезбедат.

### 5.1.3. Притвор

Оваа мерка се применува само на предлог на јавен обвинител, а по претходно мислење на центарот за социјални работи. Основите за определување притвор на дете се исти како и за возрасен сторител на кривично дело предвидени со Законот за кривичната постапка и тоа:

1) се крие, ако не може да се утврди неговиот идентитет или ако постојат други околности што укажуваат на опасност од бегство;
2) постои основан страв дека ќе ги сокрие, фалсификува или уништи трагите на кривичното дело или ако особени околности укажуваат дека ќе ја попречува кривичната постапка со влијание врз сведоците, вештаците, соучесниците или прикривачите;
3) особени околности го оправдуваат стравот дека ќе го повтори кривичното дело или ќе го доврши обиденото кривично дело или дека ќе стори кривично дело со кое се заканува, или
4) уредно повиканиот обвинет очигледно избегнува да дојде на главната расправа или ако судот направил два обиди уредно да го повика обвинетиот, а сите околности укажуваат дека обвинетиот очигледно одбегнува да ја прими поканата. [38]

Како мерка се применува само во исклучителни ситуации со цел обезбедување присуство на детето и по добро образлагање од страна на судијата за деца. Притворот може да биде и краткотраен во времетраење од 24 часа, а најдолго може да трае 30 дена.

Со образложен предлог на судијата за деца, а по претходно прибавено мислење од јавен обвинител и од центарот за социјална работа, советот за деца од оправдани причини може да го продолжи притворот за дополнителни 60 дена.

---

[37] United Nations Standard Minimum Rules for the Administration of Juvenile Justice ("The Beijing Rules") Adopted by General Assembly resolution 40/33 of 29 November 1985 “10.1 Upon the apprehension of a juvenile, her or his parents or guardian shall be immediately notified of such apprehension, and, where such immediate notification is not possible, the parents or guardian shall be notified within the shortest possible time thereafter.”

[38] Закон за кривичната постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.150/2010, 100/2012, 142/2016, 198/2018)

Во притворот детето се сместува одделно од полнолетните лица и има право на работна и друга активност корисна за неговото воспитување, а воедно најмалку еднаш неделно има право и на редовен контакт со своето семејство.

За краткотрајноста на притворот и негово изрекување како последна мерка говорат и меѓународните акти (Пекиншките правила, Хаванските прописи), со посебен акцент дека притворот пред судење треба да се избегнува и ограничи само во исклучителни околности, а доколку е можно да биде заменет со други алтернативни мерки, засилен надзор, сместување во семејство, дом и сл.

Стандардните минимални правила на Обединетите Нации за спроведување на малолетничката права, познати како Пекиншки правила[39] во својот член 13 го уредуваат прашањето на притворот и бараат притворот да биде изречен како крајна мерка, а приоритет да биде даден на алтернативните мерки за обезбедување присуство на детето во суд. Како главна причина за избегнување на притворот е наведена криминогената инфекција и влијанието на повозрасните престапници врз детето. Оттука овие Правила бараат детето да биде заштитено од ваквите влијанија и да биде одвоено од возрасните сторители на кривични дела, а за време на лишувањето од слобода да ги ужива сите права и да му биде овозможена образовна, медицинска, социјална, психичка и друга помош согласно претходно изготвен индивидуален план за работа со него.

### 5.1.4. Постапка пред суд

Судска постапка се поведува само ако детето над 14 години сторило дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело за кое е предвидена казна затвор до три години или потешка казна или кога целта на мерките или на санкциите не може да се постигне без таква постапка.

Постапка спрема дете над 14 години се поведува само по барање на јавен обвинител, за дејствија пак за кои се гони по предлог или приватна тужба може да се поведе постапка само доколку оштетената странка во рок од три месеца од сторување на делото доставила предлог за поведување на постапка до надлежен јавен обвинител. Доколку јавниот обвинител не достави барање за покренување на постапка, оштетената странка не може понатаму да поднесе приватна тужба.

По пријавување на дејствие што со закон е предвидено како кривично дело сторено од дете над 14 години, а за кое е предвидена парична казна или казна затвор до три години, надлежниот јавен обвинител може да не поведе

---

[39] Стандардни минимални правила на Обединетите Нации за спроведување на малолетничката правда (Пекиншки правила) Достапно на: https://www.ohchr.org/Documents/ProfessionalInterest/beijingrules.pdf (пристапено на 10.09.2019 година)

постапка доколку смета дека водењето постапка би било нецелесообрзано, условно да го одложи водењето постапка во период од шест месеци под услов детето во тој период да не стори друго кривично дело и да не поведе постапка доколку центарот за социјална работа известил дека е постигната спогодба меѓу детето, неговото семејство и оштетеното лице за санирање на направената штета од стореното дело. Ваквите мерки не се применуваат во случај кога кривичното дело имало за последица смрт на некое лице.

Во случај на сторување кривични дела за кои е предвидена казна затвор во траење до пет години, надлежниот јавен обвинител по претходна согласност на детето, неговите родители, бранителот и оштетената странка може да предложи **медијација**. Медијацијата се спроведува во рок од три дена по добивање писмена согласност од сите страни вклучени во постапката. По доставувањето писмена согласност за медијација од страна на страните во постапката, спогодбено се определува медијатор од Именикот на медијатори во надлежниот суд, а во случај кога страните не можат да се спогодат, тогаш јавниот обвинител т.е судот е должен да определи медијатор. Времетраењето на медијацијата е најмногу 45 дена од денот на доставување писмена согласност, а доколку постапката не се заврши во овој рок, тогаш предметот се враќа кај јавниот обвинител и постапката продолжува на суд.

На секое дете сторител на кривично дело или прекршок му се гарантира судење во разумен рок пред независен и непристасен суд основан со закон. Постапката е итна и не може да трае подолго од една година од денот на приемот на предметот во судот до донесување на првостепена пресуда. Во случаи кога за сторено кривично дело е предвидена казна затвор во времетраење од најмалку четири години, постапката може најдолго да трае една година и шест месеци. Одбраната на детето е задолжителна долж целата постапка, а детето може да биде испитувано само во присуство на бранител. Кога се суди на дете јавноста е секогаш исклучена. Центарот за социјална работа треба да биде запознаен со сите фази на постапката, да дава предлози и да укажува на фактите што се однесуваат на детето, како и на околностите во кои истото живее.

Кога во текот на постапката ќе се утврди дека детето во време на извршување на дејствието што со закон е предвидено како кривично дело не наполнило 14 години, постапката ќе се запре и за тоа ќе се извести центарот за социјална работа кој ја презема постапката под своја надлежност.

Постапката за дете се води во судовите со проширена надлежност, а кај нас тоа се судовите во Скопје, Велес, Прилеп, Битола, Охрид, Струга, Гостивар, Тетово, Куманово, Кочани, Штип и Струмица.

Станува збор за специјализирани одделенија каде судат судии за деца одговорни за подготвителната постапка, понатаму совети за деца и советници

за деца. Подготвителната постапка ја води судијата за деца, а тој/таа заедно со јавниот обвинител, службениците од полицијата најмалку пет дена во година посетуваат специјализирана обука за деца.

Советот за деца е составен од судија за деца и двајца судии поротници кои се избираат од редот на просветните работници, психолози, педагози, социјални работници. Ваквиот совет одлучува во прв степен, додека посебен кривичен совет исто во основните судови одлучува по жалби на првостепената одлука. Овој совет е составен од тројца судии исто специјализирани за детско претстапништво.

Жалби по однос на првостепени одлуки може да се поднесат и во Апелационите судови (Скопје, Гостивар, Битола и Штип), каде исто така се одлучува во совети и тоа составени од еден судија за деца и двајца судии.

Жалбите што се разгледуваат во Врховниот суд се доставуваат до посебен совет составен од пет судии.

Јавниот обвинител поднесува барање за подготвителна постапка до судијата за деца на надлежниот суд. Во случаи кога околностите за детето и самиот извештај доставен од центарот за социјална работа ги објаснува сите околности на делото, во рок од осум дена судијата за деца го изнесува предметот пред советот за деца заради конечно решавање. Центарот за социјална работа својот извештај го изготвува во рок од еден месец. Советот за деца може предметот да го врати на дополнување, а доколку истиот е комплетен советот за деца изрекува мерка или друга санкција со барање за мислење до центарот за социјална работа кој пак извештајот по ова прашање го доставува во рок од петнаесет дена.

Податоците што се прибираат за детето со цел осознавање на неговата личност како и појаснување на околностите под кои било сторено делото ги прибавува судијата за деца преку центарот за социјална работа во рок од 30 дена. Во одредени ситуации детето се прегледува од стручен тим со цел констатирање на неговата физичка и душевна состојба.

### 5.2. Затвор за деца како казна

Лишувањето на деца од слобода, односно нивно затворање редовно се игнорира и погрешно интерпретира. Во голем број земји во светот затворите за деца немаат доволно средства и се борат со пренатрупаност, најчесто се полни со насилство, а децата се занемарени. Затворите за деца се се освен она што треба да бидат, важен сегмент на правниот систем чија цел е јакнење на менталното здравје на децата, образование, детоксификација, превоспитување и оспособување на детето за живот на слобода. За жал, наместо да претставуваат безбедни места за престој на децата со цел нивна

рехабилитација и ресоцијализација, затворите најчесто претставуваат места каде децата добиваат се освен соодветна грижа.

Согласно Закон за правда за децата („Службен весник на Република Македонија“ 148/2013), кривично одговорно дете над 16 годишна возраст може да се казни само во случаи кога постојат тешки последици од стореното дело, а заради високиот степен на кривична одговорност, изрекувањето на воспитна мерка не би било оправдано.

Меѓу некулкуте со закон предвидени казни за кривично одговорно дете над 16 годишна возраст, законодавецот утврдува и можност за изрекување на казна затвор.

Сепак надлежните органи пред да ја изречат казната затвор треба најпрво да ги разгледаат сите со закон понудени алтернативи со цел заштита на најдобриот интерес на детето, како и негова понатамошна реинтеграција во општеството. Во оние случаи кога не постои друга алтернатива освен затвор, истиот се изрекува како крајна мерка и во најкусо времетраење, а целта на истиот е да му се понуди на детето индивидуален пристап, работа со него заради лично оспособување за квалитетен и продуктивен живот на слобода.

За да се изрече казна затвор на дете како санкција од најстрог вид, потребно е да бидат исполнети неколку услови и тоа, детето да има наполнето минимум 16 години возраст, тежината на стореното дело да биде толку голема што друг вид на мерка или санкција не би била целисходна ниту етички оправдана, односно за стореното кривично дело да е предвидена казна затвор во минимално времетраење од пет години, и секако детето кое го има сторено таквото дело истото да го има извршено при висок степен на кривична одговорност и под исклучително отежителни околности.

Кога станува збор за проценување на кривичната одговорност на дете, проценката се врши малку поинаку во однос на кривичната одговорност на возрасен сторител на кривично дело, па оттука акцентот се става на неговата емотивна и ментална способност да го разбере стореното дело и последиците предизвикани од истото.

Затворот за деца не може да биде пократок од една ниту подолг од десет години, а се изрекува на полни години или на половина година.[40]

[40] Член 51, став 3 од Законот за правда за децата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 148/2013).

При одмерување на казната, судот не може да изрече затвор за деца во траење подолго од казната пропишана за тоа дело, но судот не е врзан за најмалата пропишана мера на таа казна.[41]

При одмерување на казната, судот ги зема предвид сите околности кои може да влијаат врз висината на казната, односно дали истата да биде построга или поблага, со други зборови судот го има предвид психичкиот развој на детето и потребното време за негова рехабилитација, превоспитување и стручно оспособување за живот на слобода.

Самото извршување на казната затвор се спроведува согласно Законот за извршување на санкциите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 99/2019), кој во својата глава дваесет и пет, „Извршување на кривични санкции спрема деца“, јасно и детално ги поставува условите во кои треба да бидат сместени децата, правата кои треба да ги уживаат и начинот на кој треба да се постапува со нив.

## 5.3. Затвор за деца: поим и цел

Прописите на Обединетите Нации за заштита  на малолетници лишени од слобода, уште попознати како Хавански прописи[42] јасно ги упатуваат државите членки на Обединетите Нации дека лишувањето на дете од слобода и негово сместување во институција треба да биде крајна мерка и во најкусо времетраење. Истовремено Прописите нагласуваат дека во случај на лишување од слобода, најдобриот интерес на детето и неговата заштита, односно почитувањето на неговите права треба да биде во прв план и истите да се гарантираат и по излегувањето на детето од затвор.

Основна цел на извршувањето на казна затвор на дете е негово превоспитување, ресоцијализација и оспособување за живот на слобода. За да се оствари оваа цел која најмногу ја допира личноста на детето и директно ја обликува неговата иднина, потребно е исполнување на повеќе услови за целосно превоспитување на младиот човек и негово одвраќање од вршење идни кривични дела.

Кога станува збор за ресоцијализацијата како главна идеја и цел за примена и извршување на кривичните санкции, треба да се има на ум дека ресоцијализацијата претставува поим кој е во непосредна врска со природата и карактеристиките на криминалитетот како општествена и негативна појава. Ресоцијализацијата се остварува со помош на одредени методи и техники чија

---

[41] Член 51, став 4 од Законот за правда за децата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 148/2013).

[42] Прописи на Обединети Нации за заштита на малолетници лишени од слобода (Хавански прописи) Достапно на: https://www.unodc.org/pdf/criminal_justice/United_Nations_Rules_for_the_Protection_of_Juveniles_Deprived_of_their_Liberty.pdf (пристапено на 10.09.2019 година)

цел е промена на однесувањето и сфаќањата на личноста, нејзино превоспитување и поучување за системот на вредности во општественото опкружување. Најчесто користени термини кои се подразбираат под ресоцијализацијата се „третман“ или „тренинг“ (обука).

И Законот за извршување на санкциите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 99/2019) во својот член 14 изрично наведува дека процесот на ресоцијализација претставува основна функција на казнено-поправните и воспитно-поправните установи, додека самата цел на извршувањето на казната затвор е оспособување на осуденото лице да се вклучи во општественото живеење на најдобар можен начин и оспособен за самостоен живот на слобода. Притоа, законот нагласува дека кон сите лица кои издржуваат казна затвор ќе се постапува на човечен начин, почитувајќи го неговиот дигнитет, како и физичко и ментално здравје.

Тука се поставува прашањето дали ресоцијализацијата подразбира и одредени елементи на репресивност? Казнено–поправните установи сами по себе се типични репресивни установи. Ресоцијализацијата на некој начин ја подразбира репресијата, но не во преден план, туку во оној дел кога кај осуденото лице треба да се развие чувство за дисциплина, почит и ред. Ресоцијализацијата не може да се базира врз репресијата затоа што нејзината цел не е да го казни лицето, тоа е казнето со самата санкција упатување во затвор, туку ресоцијализацијата треба да го научи лицето како да почитува одредени правила и норми за да биде општествено корисно и за да може самостојно, некршејќи го законот да живее на слобода. Репресијата во овој дел има мала, но значајна улога и тоа до оној момент кога лицето треба да сфати дека ресоцијализацијата е за негово добро.

Поимот ресоцијализација подразбира конкретизација на целите на казнувањето, дефинирање и одредување на мерките заради остварување на поставените цели и следење и мерење на ефектите од примената на мерките низ кои се остварува ресоцијализацијата на осуденото лице. [43] Ресоцијализацијата претставува долготраен процес кој се состои од преземање на мерки и активности за превоспитување на лицето кое има сторено казнено дело и негово оспособување со вештини за позитивни промени во општественото живеење.

Други поими кои се користат при објаснување на процесот на позитивно менување на осуденото лице се: превоспитување, социјална адаптација, поправање, рехабилитација. Самите термини социјализација и ресоцијализација означуваат дека е потребно преземање мерки и активности за оспособување на одредено лице со алатки и вештини за позитивни промени.

[43] Арнаудовски, Љ. (1988), Пенологија – наука за извршување на кривичните санкии, Универзитет „Кирил и Методиј“ – Скопје, Правен факултет -Скопје

Со сторување на чин кој се смета како асоцијален и неприфатен од општеството, лицето потврдува дека не било добро социјално адаптирано, па токму поради тоа е потребно да се работи со него за да се стекне со вештини кои ќе му овозможат правилна социјална адаптација. Сепак, треба да направиме разлика помеѓу социјализација и ресоцијализација, бидејќи социјализацијата на личноста се остварува долж целиот негов живот наидувајќи на низа позитивни и негативни искуства и негова способност на прилагодување на истите, во оној момент кога одредено лице ќе стори нешто што се смета за социјално неприфатливо, односно општествено неприфатливо може да зборуваме за ресоцијализација, со други зборови враќање на стариот пат, присилно превоспитување со цел поучување за позитивните вредности и норми на општественото живеење.

Кога се објаснува поимот ресоцијализација треба уште да се додаде дека ресоцијализацијата не е само индивидуален процес, туку и општествен од причина што во него се вклучени многу општествени чинители, од оние кои се професионално ангажирани, па се до оние кои се заинтересирани за промена на личноста со цел спречување и сузбивање на криминалитетот. Ресоцијализацијата е појава која се остварува во институционализирани и вонинституционализирани облици, во организација и под надзор на општеството, под негово влијание и со негово директно учество.

За потребите на ресоцијализацијата, Управата за извршување на санкциите при Министерството за правда како надлежна институција за извршување на санкциите и надзор врз казнено-поправните и воспитно-поправните установи, одговорна за почетна и континуирана обука и надградба на вработените, како и соработка со други установи, здруженија и организации кои работат на полето на извршување на санкциите, во 2011 година изготви Прирачник за употреба на инструментот за проценка на ризик и потреби на осудени лица во казнено-поправните установи[44], кој произлезе како потреба од Стратегијата за ресоцијализација на осудени лица кои издржуваат казна затвор 2010-2012 година[45].

Стратегијата воведува стандардизирани оперативни процедури за постапување со осудени лица при прием во затвор, а за таа цел изготвен е и инструмент за проценка на ризик на осудени лица со кој се врши проценка на ризик од повторништво, како и идентификација на потребите на осудените лица при издржување на казната затвор.

Законот за извршување на санкциите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 99/2019), води сметка и за распоредувањето,

[44] Прирачик за употреба на инструментот за проценка на ризик и потреби на осудени лица во казнено-поправните установи, (2011), Министерство за правда на Република Македонија, Скопје
[45] Стратегија за ресоцијализација и социјална адаптација на осудени лица кои издржуваат казна затвор 2010-2012, (2010), Министерство за правда на Република Македонија, Скопје

класификацијата и разместувањето на осудените лица, пропишани со посебен акт од страна на Министерството за правда, Правилник за распоредување, класификација и разместување на осудените лица („Службен весник на Република Македонија“, бр. 173/2011).

Законот го уредува и распоредувањето на осудените лица кое се врши по основа на пол, но и возраст, па така децата осудени на издржување на казна затвор се одвоени од возрасните сторители. Законот воедно ги раздвојува сторителите на кривични дела кои за првпат издржуваат казна затвор од повратниците, оние кои се во притвор од останатите осуденици, како и лицата осудени на доживотен затвор од останатите лица лишени од слобода.

Кога станува збор за задржување на деца или лишување од слобода на деца, на истото треба да се гледа како на привремено и безбедно старателство на деца осудени поради однесување кое согласно закон е предвидено како кривично дело и процесуирано на суд, а поради чие сторување се бара рестриктивна средина заради лична безбедност на самото дете, но и на средината. Доколку се следат и почитуваат меѓународните стандарди за постапување со деца лишени од слобода, задржувањето на деца во посебни институции обезбедува физички, емотивен и социјален развој. Под ваквите услуги се подразбира, образование, работа со детето по однапред изготвен индивидуален план, нега и здравствена заштита, правилна исхрана, рекреација и организација на социјални активности, комуникација со надворешниот свет и посети, и се останато потребно за функционален живот на слобода и ресоцијализација на детето.

Целта на лишувањето од слобода на детето не е казната туку негова рехабилитација од претходниот начин на живеење поради што детето било доведено во состојба на сторување казниво дело. Со цел спречување повторништво на исто или слично дело, се јавува потребата од превоспитување, ресоцијализаија и оспособување за живот на слобода.

### 5.4. Ресторативна наспроти ретрибутивна природа на казната затвор

Секој правен систем во светот треба да ги задоволи следните неколку потреби, да ги казни оние кои извршиле кривично дело, да промовира безбедна заедница и да го рехабилитира сторителот на кривичното дело.

Еден од позначајните аспекти на правниот систем е да се земат предвид потребите на жртвата. Во ресторативната правда од поголема важност е да им се помогне и на жртвата и на сторителот да ја надминат настаната последица од делото, отколку да се поттикнува сторителот на дијалог со својата жртва и во него да се предизвика чувство на одговорност проследен со простување од страна на локалната заедница. Ресторативната правда е процес кој не тече во права линија и се темели на позитивните квалитети и можности на сторителот да му се овозможи да ги разбере последиците од стореното. Ваквиот пристап

претставува еден вид на метод со кој му се овозможува на сторителот да се стекне со социјални вештини, позитивни вредности и емпатија.

Првите облици на ресторативна правда се јавуваат во минатиот век кога во тежиштето на општествената реакција не се јавува казнувањето туку надоместувањето на направената штета и поправање на нарушените односи помеѓу сторителот и жртвата. Терминот „ресторативна правда“ за првпат бил употребен од страна на Алберт Еглаш (Albert Eglash) во 1977 година [46] укажувајќи на три вида кривично правни системи: ретрибутивна правда - заснован врз системот на казнување, дистрибутивна правда - терапевтски третман на сторителите; и ресторативна правда во чиј фокус е реституцијата или надомест на направената штета.

Ресторативната правда се темели врз претпоставката дека ниедна од клучните функции на правниот систем, рехабилитацијата, заштитата на заедницата, санкционирањето и поправањето на нанесената штета врз жртвата не може ефикасно да бидат реализирани доколку едновремено не се вклучени жртвата, сторителот и заедницата.

Ресторативната правда наметнува обврска врз жртвата, заедницата и сторителот да го исправат она што било лошо, да создадат чувство на отчетност кај сторителот со цел прифаќање на одговорноста и поправање на штетата. Ваквата правда дава надеж дека сторителите може повторно да бидат прифатени од заедницата. Ретрибутивната правда пак од една страна претставува одговор или резултат поради нанесената болка врз жртвата, но од друга страна нанесува болка и врз стортителот, нејзиниот ефект е регресивен. На ресторативната правда некои гледаат како на „win-win“ алтернатива, односно можност да бидат санирани последиците, штетите и кај жртвата и кај сторителот.

Ресторативната правда подразбира рамнотежа помеѓу санкциите базирани врз мерки на отчетност со кои се поправа стореното по жртвата и јасно се одредуваат последиците по сторителот, рехабилитација и реинтеграција на сторителот и зајакната безбедност на заедницата. Таа во својот фокус ги има интересите на жртвата и на пошироката заедница, а секако и користа што сторителот на делото може да ја добие од истата. Оттука ваквата правда артикулира три цели: жртва, сторител и заедница т.е отчетност, развој и заштита.

Првата цел, отчетноста се однесува пред се на барањата за надомест или поправање на направената штета со што ќе се исправи или надомести она што жртвата го има изгубено како резултат на стореното дело.

[46] Van Ness, D.W., Strong, K.H. (2002) Restoring Justice. Cincinnati, OH: Anderson Publishing Co. (стр. 27)

Втората цел се однесува исклучително на сторителот, тоа е негова/нејзина рехабилитација, односно младото лице кое влегло во системот на детското престапништво од него да излезе како попродуктивна личност со развиена одговорност кон средината.

Третата цел се однесува на заедницата која очекува од ваквиот долготраен процес да добие зајакната безбедност и сигурност.

На крај, ваквиот пристап е базиран врз убедувањето дека правдата ќе биде задоволена тогаш кога сите три чинители ќе имаат рамноправна положба или еднаков третман во правниот систем. Сепак, треба да се има на ум дека ниедно дете кое било лишено од слобода не смее да излезе од затвор без да му бидат дадени алатки и вештини за живот на слобода. Со други зборови, детето треба да биде оспособено да живее здраво и продуктивно, да не претставува закана ни по самото себе ниту пак по околината т.е заедницата. Вака спроведената ресторативна правда ја оправдува својата цел.

Нашиот законодавен систем предвидува и т.н. законска рехабилитација што ќе значи дека податоците и сите документи за изречени мерки, условни осуди, заводски мерки или казни, односно санкции да се избришат и уништат од евиденцијата на надлежниот суд кога ќе поминат пет години од денот на издржаната, застарена или простена казна, ако во тоа време детето или помладото полнолетно лице не стори ново дејствие што со закон е предвидено како кривично дело.[47]

Освен законската рехабилитација, законодавецот предвидува и застареност на изречената казна, па така казната затвор не може да се изврши кога ќе поминат:

- Десет години од осудата на затвор за деца над пет години,
- Пет години од осудата на затвор за деца над три години, и
- Три години од осудата на затвор за деца до три години.[48]

И за крај, оние кои сметаат дека казната воспоставува ред во државата и го зајакнува социјалниот поредок, истовремено треба да имаат на ум дека колку почесто се изрекуваат казни, толку помалку истите ќе бидат ефикасни, како по оние кои се огрешиле пред законот, така и по идните сторители. Ресторативната правда е процес кој трае и која ги вклучува сите чинители по кои таа влијае бидејќи истата се базира на четири принципи: персоналитет, односно сфаќање на делото, на сторената повреда; поправање на штетата; партиципативност односно учество и реинтеграција наспроти изолација и стигматизација.

[47] Член 73, став 4 од Законот за правда за децата („Службен весник на Република Македонија" бр. 148/2013)
[48] Ibid 47 Член 74, став 1

## 5.5. Административна поставеност на затворот

Затворските установи каде се извршуваат казните се специфични по својата природа заради целта која ја остварат. Во минатото требало да ги задоволат елементите на репресија и ретрибуција, додека денес треба да одговорат на барањата на ресоцијализацијата.

Казнено–поправната установа треба да исполни неколку предуслови за спроведување на својата основна функција: да биде оддалечена од населено место, но да има развиени комуникации до истото, да има соодветни услови за спречување на често и лесно бегство на осудениците, да овозможи одржување на редот и дисциплината, да спроведува надзор над осудените лица поединечно, но и во целина, да има услови за лесно совладување на бунт или отпор на осудените лица, а долж целиот процес да обезбедува успешна ресоцијализација во добри материјални услови за живот.[49]

Со развојот на идејата за ресоцијализација како главна цел на казната затвор која го афирмира принципот на индивидуализација и проучување на личноста на осуденикот, а со тоа се воведува и класификацијата на затворените лица, се наметна и прашањето за архитектонскиот изглед на казнено–поправните установи.

За начинот на кој треба да изгледаат установите од овој вид, односно за условите што треба да ги исполнуваат говорат и Стандардните минимални правила за постапување со затвореници на Обединетите Нации.[50] Правилата во однос на сместувањето на затворениците бараат од установите индивидуални соби за престој, особено за ноќен престој, а во случај на пренатрупаност да се внимава на изборот на затвореници сместени во една соба за да се спречи нарушување на редот и мирот. Собите за престој треба да ги исполнуваат минималните услови за престој, особено кубна содржина на воздух, минимален поден простор, осветлување, затоплување и вентилација. Пожелно е поставување на големи прозороци со што ќе се дозволи продирање на природна светлина, како и можност за влегување на свеж воздух. Санитарните јазли треба да бидат соодветни за да овозможат секој затвореник да ги задоволува природните потреби, како и да има адекватни бањи и тушеви со топла вода.

---

[49] Арнаудовски, Љ. (1988), Пенологија – наука за извршување на кривичните санкции, Универзитет „Кирил и Методиј“ Скопје, Правен факултет - Скопје

[50] Стандардни минимални правила на Обединетите Нации за постапување со затвореници (1955), Достапно на: https://www.unodc.org/pdf/criminal_justice/UN_Standard_Minimum_Rules_for_the_Treatment_of_Prisoners.pdf (пристапено на 22.10.2019 година)

По однос на внатрешниот и надворешен изглед на затворот за деца, како и на природната средина и околина во која тој се наоѓа, Хаванските прописи[51] во својот член 32 повикуваат на дизајн кој треба да и служи на рехабилитациската цел на третманот, па така секое дете затвореник треба да има доволно простор за приватност, сензорен стимул, можност за дружење со своите врсници затвореници, да учествува во разни спортски и други физички активности. Во овој член се посветува внимание и на безбедноста на децата, односно сигурноста која ваквата установа ја нуди и ги штити од разни несреќи и непогоди и нуди безбедносна евакуација. Установата треба да поседува ефикасен алармен систем, како и формални, добро увежбани протоколи во случај на опасност.

Хаванските прописи го уредуваат и ноќниот престој на децата лишени од слобода и истакнуваат дека спалните во кои престојуваат децата треба да бидат составени од мали групи или да бидат од индивидуален, приватен карактер, а надзорот во текот на ноќта да биде дискретен и ненаметлив.

Кога станува збор за безбедноста на ваквите установи за задржување на деца, од нив се бара да имаат минимум безбедност, но сепак да имаат физички пречки со цел спречување на евентуално бегство.

Затворите за деца се борат со недостаток на кадар, но и на финансии. Стандардните минимални правила за постапување со затвореници на Обединетите Нации[52] по однос на кадарот кој треба да работи во установата велат дека установата треба да има кадар од сите профили бидејќи соодветното функционирање на установата зависи токму од интегритетот, хуманоста, професионалниот капацитет и личноста на вработените. Од службите во затвор се бара да имаат статус на државни службеници со полно работно време, а паричниот надомест, односно платите да бидат адекватни за тежината и комплексноста на задачите кои се извршуваат, токму поради тоа Правилата предвидуваат и бенифициран стаж.

Кадарот во ваквите установи мора да биде добро обучен, за ова говорат и Пекиншките правила[53] кои воедно предвидуваат обуки за вработените на самото работно место, разни курсеви што установата мора да ги обезбедува

---

[51] Прописи на Обединетите Нации за заштита на малолетниците лишени од слобода (Хавански прописи), А/РЕЗ/113 од 14 декември 1990 година Достапно на: https://www.unodc.org/pdf/criminal_justice/United_Nations_Rules_for_the_Protection_of_Juveniles_Deprived_of_their_Liberty.pdf

[52] Стандардни минимални правила на Обединетите Нации за постапување со затвореници (1955) Достапно на: https://www.unodc.org/pdf/criminal_justice/UN_Standard_Minimum_Rules_for_the_Treatment_of_Prisoners.pdf (пристапено на 22.10.2019 година)

[53] Стандардни минимални правила на ООН за спроведување на малолетничка правда (Пекиншки правила), А/РЕЗ/40/33 од 29 ноември 1985 година

заради редовно надградување на образовните капацитети на своите вработени. Составот на кадарот во казнено–поправните установи мора да биде мултидисциплинарен, а како неизбежен треба да бидат психолозите, педагозите, социјалните работници, едукаторите, и стручните инструктори, односно воспитувачите. Установите од ваков вид мора да имаат најмалку еден лекар со полно работно време кој ќе престојува во просториите на установата или во нејзина близина.

Добрата стручна подготовка на службениците во затворот за деца е од особено значење заради општа заштита на децата, но и нивна превенција од самоповредување, како и меѓузатвореничко насилство и малтретирање (булинг). По самото однесување на детето добро обучениот кадар може да препознае и превенира понатамошна ескалација на здравјето на младиот осуденик. Малтретирањето пак меѓу децата може да биде во разни форми, вклучувајќи го физичкиот и сексуален напад, вербалниот напад, притисок, кражби на лични работи и др. За да се превенира и заштитат децата, персоналот е тој кој треба да воведе ред и дисциплина, да изготви одредени протоколи и процедури и да посредува помеѓу децата со цел намалување на тензиите и навремено справување и решавање на проблемите.

Овие Правила повикуваат и на соработка со доброволните организации, образовни, морални и духовни ресурси и разни други форми на помош и поддршка од заедницата, локалните институции и други расположиви ресурси, а со цел рехабилитација и ресоцијализација на децата.

### 5.6. Хумано постапување и почитување на основните човекови права во затвор

За време на лишувањето од слобода децата треба да ги уживаат сите права гарантирани со меѓународните документи. Универзалната декларација за човековите[54] права во својот член 2 ги гарантира ваквите права и нагласува дека никој не смее да биде лишен од нив поради раса, боја на кожа, пол, религија, политичко уверување, јазик, национално или социјално потекло и сл. Во останатите свои членови Декларацијата забранува каков било вид тортура како и произволно лишување од слобода.

Забраната од тортура и незаконитото или самоволно лишување од слобода се гарантирани и од страна на Конвенцијата на Обединетите Нации за правата на детето[55]. Конвенцијата ги гарантира сите претходно наведени права, бара достоинствен третман кон детето, како и негова правна заштита и помош.

[54] Универзална декларација на Обединетите Нации за човековите права Достапно на: https://www.un.org/en/universal-declaration-human-rights/ (пристапено на 10.09.2019 година)
[55] Конвенција на Обединетите Нации за правата на детето Достапно на: https://www.ohchr.org/en/professionalinterest/pages/crc.aspx (пристапено на 10.09.2019 година)

Принципите за постапување со деца лишени од слобода и упатени на издржување на казна затвор може да се поделат на принципи од општ карактер и од посебен или специфичен карактер.

Првите се однесуваат на општото постапување со секое лице лишено од слобода, забрана на дискриминација или селективност по основа на раса, боја на кожа, пол, јазик, религија, политичко или друго убедување, националност или социјално потекло, сопственост, раѓање и др, додека оние од посебен или специфичен карактер се однесуваат на индивидуалните, лични потреби на секое лице согласно кои се изготвува индивидуалниот план за помош.

### 5.6.1. Право на образование

Образованието на децата лишени од слобода и упатени на издржување на казна затвор е гарантирано со Хаванските прописи[56] кои во членот 38 посочуваат дека образованието е задолжително и истото треба да одговара на годините и степенот на образование на поединецот. Понатаму Прописите препорачуваат дека во случај истото да не може да се одржува во установата каде е сместено детето, да биде организирано во непосредната околина, односно во училиште на заедницата. Ваквите упатства помагаат за подобра интеграција на детето во образовниот систем со цел тоа да го продолжи истото по своето излегување од затвор. Хаванските прописи укажуваат дека специјално внимание треба да се посвети на децата странци кои не го говорат мнозинскиот јазик и секако на оние деца со посебни когнитивни потреби на кои треба да им се обезбеди специјализирано образование. Установите од овој вид треба да бидат опремени и со одреден фонд на литература, односно да поседуваат библиотека.

И Правилата на Мандела[57] меѓу другото говорат за правата на затворените лица во однос на образованието, па истакнуваат дека секој затвореник има право на образование, тука вклучувајќи го и религиското поучување, додека образованието на неписмените затвореници, а особено на децата е задолжително, на што затворската администрација треба да посвети посебно внимание. Истовремено Правилата укажуваат дека образованието на лицата лишени од слобода треба да биде интегрален дел од редовниот образовен систем на земјата со што по излегување од затвор децата ќе може да продолжат со образование на слобода.

---

[56] Прописи на Обединетите Нации за заштита на малолетниците лишени од слобода (Хавански прописи), А/РЕЗ/113 од 14 декември 1990 година Достапно на: https://www.unodc.org/pdf/criminal_justice/United_Nations_Rules_for_the_Protection_of_Juveniles_Deprived_of_their_Liberty.pdf

[57] Стандардните минимални правила за постапување со затвореници (Правила на Мандела) Достапно на: https://undocs.org/A/RES/70/175

Она што овие Правила особено го истакнуваат, а истото е содржано и во нашиот Закон за извршување на санкциите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 99/2019) е дипломите, односно сертификатите издадени на децата за време на нивниот престој во затвор да не содржат информации за ваков тип на институционализирање на детето. На тој начин се спречува стигматизација и дискриминација по излегување на детето на слобода и се поттикнува негово непречено интегрирање во редовниот образовен систем на државата.

### 5.6.2. Право на приватност и сопственост

Хаванските прописи[58] како и Стандардните минимални правила на Обединетите Нации за постапување со затореници[59] го уредуваат и правото на одржување на лична хигиена, поседување на лични работи, како и право на здрава исхрана.

Секое дете има право на сопственост, лични работи, алишта и секако исхрана која ќе одговара на здравите потреби на детето, адекватно подготвена, со нутритивни вредности за нормален раст и развој и доколку е возможно да ги задоволува религиските потреби на детето.

За време на издржувањето на казната, на децата треба да им се овозможи приватност и соодветно сместување. Собите за сместување не треба да бидат опремени за повеќе од пет деца притоа гарантирајќи ја нивната приватност и мир.

### 5.6.3. Право на релаксација, физичка култура и спорт

Меѓу гаратираните права на секое дете е и правото на релаксација и спортски, односно физички активности. Хаванските прописи[60] детално објаснуваат дека детето лишено од слобода има право на дневна, слободна рекреација на отворен простор, а во таа насока како основен постулат усвоен од страна на земјите членки на Обединетите Нации се и Стандардните минимални правила на Обединетите Нации за постапување со затвореници од

---

[58] Прописи на Обединетите Нации за заштита на малолетниците лишени од слобода (Хавански прописи), A/РЕЗ/113 од 14 декември 1990 година Достапно на: https://www.unodc.org/pdf/criminal_justice/United_Nations_Rules_for_the_Protection_of_Juveniles_Deprived_of_their_Liberty.pdf

[59] Стандардни минимални правила на Обединетите Нации за постапување со затвореници (1955) Достапно на: https://www.unodc.org/pdf/criminal_justice/UN_Standard_Minimum_Rules_for_the_Treatment_of_Prisoners.pdf (пристапено на 22.10.2019 година)

[60] Прописи на Обединетите Нации за заштита на малолетниците лишени од слобода (Хавански прописи), A/РЕЗ/113 од 14 декември 1990 година Достапно на: https://www.unodc.org/pdf/criminal_justice/United_Nations_Rules_for_the_Protection_of_Juveniles_Deprived_of_their_Liberty.pdf

1955 година[61] кои во своето правило 21, став 2 укажуваат дека младите затвореници и оние од послаба физичка градба имаат право на физичка и рекреативна активност, како и на реквизити за таа цел. Времетраењето на таквата физичка активност, согласно овие Прописи е минимум еден час на отворено доколку временските услови го дозволуваат тоа.

Нашиот Закон за извршување на санкциите („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 99/2019) предвидува соодветно обезбедување на услови за остварување на физичка култура и спорт и тоа два часа дневно на чист воздух, а во случај кога временските услови не го дозволуваат тоа, тогаш таквите активности треба да се спроведат во соодветно опремени внатрешни простории, додека пак Упатството за определување на видовите и начините на третман на осудените лица („Службен весник на Република Македонија" бр. 173/2011) препорачува установите да изработат планови и програми за организирано пополнување на слободното време со спорт, рекреација, културно-уметнички и други активности. Ваквите активности опфаќаат информатичка, драмска, музичка, уметничка, литературна, ликовна и друга креативна активност, понатаму разни спортски активности, читање книги и весници, слушање радио и гледање телевизија, организирано посетување на театарски и кино претстави, издавање весници и билтени, посетување на разни предавања, концерти и др.[62]

### 5.6.4. Право на здравствена заштита

Во делот на здравствената заштита меѓународните стандарди јасно укажуваат дека истата треба да биде покриена од страна на државата. Па така, Стандардните минимални правила на Обединетите Нации за постапување со затвореници[63], како и Хаванските прописи[64] децидно посочуваат дека секое лице лишено од слобода, односно секое дете има право на целосна здравствена заштита и нега, како превентивна, така и заштитна. Здравствената заштита опфаќа превенција и заштита на физичкото и менталното здравје. Истата треба да биде укажана директно во установата за лишување од слобода, додека болничкото лекување треба да се спроведе во здравствениот центар во непосредна близина на затворот со цел ефикасен и брз третман,

---

[61] Стандардни минимални правила на Обединетите Нации за постапување со затвореници (1955), https://www.unodc.org/pdf/criminal_justice/UN_Standard_Minimum_Rules_for_the_Treatment_of_Prisoners.pdf (пристапено на 11.09.2019 година)

[62] Член 30 од Упатство за определување на видовите и начините на третман на осудените лица („Службен весник на Република Македонија" бр. 173/2011)

[63] Стандардни минимални правила на Обединетите Нации за постапување со затвореници (1955), https://www.unodc.org/pdf/criminal_justice/UN_Standard_Minimum_Rules_for_the_Treatment_of_Prisoners.pdf (пристапено на 11.09.2019 година)

[64] Прописи на Обединетите Нации за заштита на малолетниците лишени од слобода (Хавански прописи), А/РЕЗ/113 од 14 декември 1990 година https://www.unodc.org/pdf/criminal_justice/United_Nations_Rules_for_the_Protection_of_Juveniles_Deprived_of_their_Liberty.pdf

како и избегнување на  стигматизација од страна на заедницата. Лечењето во непосредна близина промовира интеграција и самовреднување кај осуденото лице.

Нашиот законодавец гарантира право на здравствена заштита согласно развојните потреби на детето. Детето треба да биде редовно прегледувано со цел следење на неговата здравствена состојба, како и контрола на неговото физичко и ментално здравје, а за сето тоа редовно треба да биде информиран неговиот родител/старател или близок член на семејството. Во случај на болничко лекување, законот бара согласност од родителот, односно старателот на детето.

### 5.6.5. Право на одржување контакти со надворешниот свет

Како едно од основните права на детето лишено од слобода е да одржува контакти со семејството, односно со надворешниот свет. За ова право говорат и Стандардните минимални правила на Обединетите Нации за постапување со затвореници[65], но и Хаванските прописи[66] кога станува збор за децата. Комуникацијата може да биде писмена или по телефон, детето има право на посети во затвор и тоа еднаш неделно, но не помалку од еднаш во месецот. Во случај да добие допуст да го посети своето семејство, времетраењето на посетата му се засметува во должината на казната. Детето има право и да биде информирано и за збиднувањата во државата и светот, а со тоа има право на весници и останати списанија.

Законот за извршување на санкциите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 99/2019) дава можност директорот на установата да му дозволи на детето отсуство заради посета на родителите или семејството двапати во текот на една календарска година и тоа во време кога не се одржува настава. Ваквото отсуство може да трае најмногу 14 дена и истото се засметува во времетраењето на казната.

### 5.6.6. Забрана на тортура и друг вид на сурово, нечовечко или понижувачко постапување или казнување

Како што веќе споменавме, меѓународните инструменти ги забрануваат сите облици на тортура и сурово, нечовечко или понижувачко постапување или казнување. Физичкото ограничување е строго забрането освен во исклучителни ситуации кога детето може да си нанесе повреда на само себе или на

---

[65] Стандардни минимални правила на Обединетите Нации за постапување со затвореници (1955), https://www.unodc.org/pdf/criminal_justice/UN_Standard_Minimum_Rules_for_the_Treatment_of_Prisoners.pdf (пристапено на 11.09.2019 година)

[66] Прописи на Обединетите Нации за заштита на малолетниците лишени од слобода (Хавански прописи), A/РЕЗ/113 од 14 декември 1990 година https://www.unodc.org/pdf/criminal_justice/United_Nations_Rules_for_the_Protection_of_Juveniles_Deprived_of_their_Liberty.pdf

околината. Користењето на вакви средства не смее да навредува или понижува, а времетраењето на нивното користење треба да се сведе на што покус период.

Самицата е забранета и согласно нашиот Закон за извршување на санкциите.[67] За потешки повреди на редот и дисциплината, законот предвидува одредена изолација, односно издвојување на детето во посебни соби за деца во времетраење од пет до седум дена во кој период се предвидува работа со детето од страна на стручен тим со цел преземање на одредени корективни активности по однос на неговото однесување.

## 5.7. Упатување и спроведување во затвор

Согласно Законот за извршување на санкциите[68], казнено-поправните установи може да бидат казнено-поправни домови и затвори, додека воспитно-поправните установи се воспитно-поправни домови. Осудените деца задолжително ја издржуваат казната затвор за деца во посебна установа за деца[69].

Во сите основни судови, законодавецот назначува судија за извршување на санкциите кој ги штити правата на осудените лица, ја штити законитоста на постапката и се грижи за еднаквоста на осудените лица пред законот. Судијата за извршување на санкциите е воедно и надлежниот орган за преземање дејствија заради извршување на казната затвор според местото на живеење односно престој на осуденото лице. Во случај местото на живеење, односно престој да не е познато, тогаш судот кој ја има донесено првостепената пресуда е тој кој го упатува осуденото лице во затвор. Во случај кога не се знае живеалиштето, престојувалиштето или осуденото лице е недостапно, судот го известува Министерството за внатрешни работи и бара лицето да биде пронајдено, а за неговата адреса на живеење/престојување да биде известен. Постапувањето по ова барање е итно.

Налогот за извршување на казната затвор судијата за извршување на санкциите го добива од судијата кој ја има донесено првостепената одлука и согласно истиот ги презема потребните дејствија. Налогот за извршување ги содржи сите информации прибавени во текот на постапката, а од значење за извршување на санкцијата.

Судијата за извршување на санкциите постапува итно или најмногу во рок од 8 дена по добиениот налог и издава упатен акт во кој се наведува точната дата кога лицето/детето треба да се појави во затвор. Во рок од 30

[67] Член 305, став 1 од Законот за извршување на санкциите („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 99/2019).
[68] Закон за извршување на санкциите („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 99/2019)
[69] Ibid 68 Член 38

дена од издавањето на упатниот акт детето треба да дојде во установата на издржување на казна затвор.

Повикувањето за извршување на казната затвор на осуденото лице се врши на начин што лично му се доставува упатниот акт во кој е означен денот кога треба да се јави во определена установа. Истовремено се предупредува дека доколку не се јави на определениот ден во установата на издржување на казната затвор, ќе биде присилно спроведено и ќе ги сноси трошоците на спроведувањето. Доколку упатниот акт не може да му се достави на лицето лично или адресата на живеење е сменета, судот е должен во рок од 15 дена да ја обезбеди новата адреса на живеење, а потоа ќе побара од Министерството за внатрешни работи да направи проверка дали лицето е достапно. Министерството за внатрешни работи е должно во рок од 15 дена по извршената проверка да го извести судот, а доколку осуденото лице и понатаму е недостапно, во рок од три дена се составува нов упатен акт кој се објавува осум дена на огласна табла на надлежниот суд.

Со самото издавање на упатниот акт, судијата за извршување на санкциите ја известува и установата каде детето треба да ја издржува казната затвор, односно ја информира за точниот ден кога детето треба да пристигне во неа. Освен упатниот акт, судијата за извршување на санкциите на установата и доставува и препис на правосилната и извршна пресуда со која е изречена казната, извод од казнената евиденција, како и други податоци со кои располага.[70] Во случај на непојавување на осуденото лице во установата на определениот ден, установата во рок од 3 дена го информира судијата за извршување на санкциите, тој пак во рок од 24 часа го информира Министерството за внатрешни работи кое постапува согласно своите надлежности за пронаоѓање и спроведување на осуденото лице.

Спроведувањето на детето од страна на Министерството за внатрешни работи се врши согласно член 18 од Правилникот за начинот на вршење на полициските работи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 149/2007, 110/2011, 117/2014, 14/2017, 49/2017, 203/2018) и истото го вршат полицајци во цивилна облека, со службено возило, но без полициски обележја. Во исклучителни ситуации кога се исполнети условите за приведување без писмена наредба согласно закон, полициските службеници може да го извршат спроведувањето на детето во затвор и во полициска униформа, како и со службени возила со полициски обележја.

Казната затвор може да се одложи кога осуденото лице, односно детето:

[70] Член 141 од Законот за извршување на санкциите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 99/2019)

1) се наоѓа на болничко лекување од потешка акутна болест или од зависности;

2) се случила смрт или тешка болест во потесното семејство на осуденото лице;

3) одлагањето е потребно заради извршување или довршување на неодложни полски или сезонски работи, или работи предизвикани од елементарна непогода или со друга несреќа, а во семејството на осуденото лице нема доволно друга работна сила;

4) осуденото лице е обврзано да изврши одредена работа што веќе ја започнало, а поради неизвршувањето на таа работа би настапила позначителна штета;

5) одлагањето на осуденото лице му е потребно заради завршување на училишната година или за полагање на испит за кој се подготвувало;

6) заедно со осуденото лице се осудени неговиот брачен другар или други членови на заедничкото домаќинство или ако некои од нив се наоѓаат на издржување на казната, а со упатувањето на сите овие лица на издржување на казна би била загрозена издршката на старите, болните или малолетните членови на семејството или би се довело во прашање нормалното стопанисување на домаќинството;

7) е осудена жена чие дете е помало од една година или која е бремена, а до породувањето не преостануваат повеќе од три месеци и

8) е потребно осуденото лице одредено време да се грижи за воспитување и чување на децата или згрижување на немоќни лица за кои е должно да се грижи, според мислењето на органите за социјална заштита на општината на чие подрачје децата или тие лица имаат живеалиште или престојувалиште.[71]

Барањето за одлагање се поднесува во рок од три дена по приемот на упатниот акт заедно со веродостојни информации за причините на одлагањето. По ваквото барање одлучува судијата за извршување на санкциите во најкус можен рок. Доколку барањето за одлагање на издржување на казната е одбиено, осуденото лице, но и надлежниот јавен обвинител имаат право на жалба до кривичниот совет на надлежниот суд во рок од три дена од денот на приемот на решението. Постапката по жалба го одложува извршувањето на казната. Кривичниот совет одлучува во рок од три дена.

### 5.8. Прием на дете во затвор

При прием на осуденото лице во затвор, најнапред му се утврдува неговиот идентитет врз основа на личната карта или друг документ за лична

[71] Член 143 од Законот за извршување на санкциите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 99/2019)

идентификација. Осуденото лице се фотографира и дактилоскопира и му се издава затворска легитимација.

Сите податоци за приемот на осуденото лице/дете, идентитет, ден и час на пристигање во установата, упатен акт, пресуда, извештај за неговата здравствена состојба се запишуваат и чуваат како доверливи податоци. По приемот осуденото лице/дете се упатува во т.н. приемно одделение на понатамошна проценка со цел одредување на индивидуален план за помош и третман во кое одделение останува најмногу 30 дена. Во ваквото одделение стручен тим врши проценка на осуденото лице т.е детето од социјално-медицински и психичко-педагошки аспект. Овој стручен тим е составен од педагог, психолог, лекар, социјален работник, а по потреба и други стручни лица.

За потребата од проценка на осуденото лице, односно дете говорат и Хаванските прописи[72] кои децидно објаснуваат дека надлежните во установите за лишување од слобода, при прием треба да направат сеопфатна проценка на детето од психолошки, социјален, но и здравствен аспект, на кој начин ќе се утврдат индивидуалните потреби на детето и ќе се креира план за работа. Па така, преку лекарскиот преглед ќе се направи проценка на физичкото и ментално здравје на детето и ќе се откријат одредени злоупотреби, затечени состојби, хронични болести, како и терапии кои детето тековно ги прима.

Постапката за прием на детето во затвор треба да биде спроведена на начин што ќе ги сведе на минимум неповолните психолошки последици по менталното здравје на детето.

По приемот во затвор детето треба да биде информирано за куќниот ред и правилата кои важат во затворот и тоа во пишана форма на јазик разбирлив за него. Децата затвореници треба да бидат информирани и за адресата на органот каде може да поднесат жалба, како и на други јавни и приватни установи каде може да побараат соодветна помош. Оние деца кои не се писмени, за ваквите правила и информации треба да бидат информирани на начин разбирлив за нив.

За приемот на осуденото лице/дете веднаш се известува судијата за извршување на санкциите, како и надлежниот центар за социјална работа.

### 5.9. Регистрација на дете во затвор

Со самото влегување во затвор, затвореното лице, односно детето се регистрира и му се отвора досие во кое се наведуваат личните податоци,

[72] Прописи на Обединетите Нации за заштита на малолетниците лишени од слобода (Хавански прописи), А/РЕЗ/113 од 14 декември 1990 година https://www.unodc.org/pdf/criminal_justice/United_Nations_Rules_for_the_Protection_of_Juveniles_Deprived_of_their_Liberty.pdf

причините за лишувањето од слобода, денот на прием во затвор и денот на негово ослободување од истиот, како и неговата здравствена, физичка и ментална состојба.

Секое осудено лице, односно дете со самото влегување во затвор има право на:

- право на сместување,
- право на облека и постелнина,
- право на лична хигиена,
- право на исхрана,
- право на третман,
- право на одмор,
- право на пензиско осигурување,
- право на здравствена заштита,
- право на информирање,
- право на задоволување на верски потреби,
- право на контактирање со надворешниот свет (допишување, телефонирање, посети),
- право на примање на пратки,
- право на склучување на брак,
- право на правна помош и
- право на ажурирање на лична карта.[73]

## 5.10. Класификација и категоризација на осудени лица

Класификацијата или категоризацијата на осудените лица е правило кое е наметнато од меѓународните стандарди и документи за почитување на правата на лицата лишени од слобода, а поконкретено Стандардните минимални правила на Обединетите Нации за постапување со затвореници[74], основната верзија од 1955 година, но и нејзината ревидирана верзија од 2015 година т.н. Правила на Мандела[75].

Стандардните минимални правила за постапување со затвореници т.н. Правила на Мандела[76] укажуваат дека различни категории на затвореници треба да бидат задржани во различни простории согласно возраста, полот, видот на стореното кривично дело, правните причини за задржувањето и

---

[73] Член 155 од Закон за извршување на санкциите („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 99/2019)
[74] Стандардни минимални правила на Обединетите Нации за постапување со затвореници (1955), https://www.unodc.org/pdf/criminal_justice/UN_Standard_Minimum_Rules_for_the_Treatment_of_Prisoners.pdf
[75] Стандардните минимални правила за постапување со затвореници (Правила на Мандела) https://undocs.org/A/RES/70/175 (пристапено на 11.09.2019 година)
[76] Ibid 75

потребите од индивидуален третман, тука особено се нагласува потребата децата да бидат одвоени од возрасните.

Кај нас, во нашето национално законодавство таквата класификација се врши согласно Правилникот за распоредување, класификација и разместување на осудените лица во казнено-поправните установи[77] според кој:

> „При класификација на осудените лица, се земаат предвид следните податоци: - податоците од извршеното испитување на личноста на осуденото лице во приемното одделение на установата; - видот и природата на кривичното дело; - степенот на кривичната одговорност; - податоците од извршената проценка за ризик; - побудите од кои е извршено кривичното дело; - ставот на осуденото лице кон кривичното дело; - начинот на кој осуденото лице започнало да ја издржува казната; - поранешната осудуваност; - околноста дали против осуденото лице се води друга постапка или му е изречена друга казна затвор; - однесувањето на осуденото лице при поранешно издржување на казната затвор во установата каде ја издржувал; - возраста; - здравствената состојба и - психолошките, педагошките, социјалните, безбедносните карактеристики и потреби на осуденото лице“.

Правилникот под поимот класификација подразбира поделба на осудените лица во соодветни одделенија во рамки на казнено-поправната установа од одреден вид заради примена на мерки од ист или сличен вид. Под распоредување, во смисла на овој правилник, се подразбира групирање на осудените лица во соодветни групи во рамките на одделенијата во установата од одреден вид. Под разместување, во смисла на овој правилник, се подразбира промена на одредената група, одделение или установа заради успешно реализирање на целите на третманот.[78]

За потребата од класификација на затворениците, како и одвојување на возрасните престапници од децата, говорат и Пекиншките правила[79] според кои во членот 26 се гарантира сигурноста на детето и се нагласува потребата тоа да биде одвоено од возрасните осуденици.

Законот за извршување на санкциите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 99/2019) потенцира дека децата казната затвор ја издржуваат во посебна казнено-поправна установа, одвоени од полнолетните лица. Децата од машки пол се сместени одделно од децата од женски пол, но законот дозволува заеднички престој заради професионално оспособување,

---

[77] Правилникот за распоредување, класификација и разместување на осудените лица во казнено-поправните установи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 173/2011), (стр. 1)

[78] Правилникот за распоредување, класификација и разместување на осудените лица во казнено-поправните установи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 173/2011)

[79] Стандардни минимални правила на ООН за спроведување на малолетничка правда (Пекиншки правила), А/РЕЗ/40/33 од 29 ноември 1985 година

образование, социјални и забавни активности. Децата во ваквите установи можат да останат најмногу до својата 23 годишна возраст.

Правата на детето и неговата безбедност, како и условите во кои треба да биде сместено се гарантирани со Прописите на Обединетите Нации за заштита на малолетници лишени од слобода (Хавански прописи)[80], како и Меѓународниот договор за граѓански и политички права[81] кој во својот член 10 нагласува дека сите луѓе при лишување од слобода ќе бидат третирани достоинствено и хумано, а децата во случај на притвор ќе бидат издвоени од возрасните и ќе бидат изведени пред суд во најкус можен временски рок. Доколку отслужуваат казна затвор ќе бидат сместени во простории одвоени од возрасните и ќе добијат третман согласно возраста и правниот статус.

### 5.11. Постапување со деца во затвор

Имајќи го предвид најдобриот интерес на детето како главен аргумент во севкупната постапка кон дете во судир со закон, кога станува збор за затворската средина и неговото лишување од слобода, неминовно се поставува прашањето дали ваквата санкција има за цел реституција на детето, рехабилитација и ресоцијализација, што е впрочем и главната цел на затворот, или пак ретрибуцијата сепак го има главниот збор.

Иако, во својот член 26, Пекиншките правила[82] потенцираат дека со правилен третман, односно постапување со дете во затвор се обезбедува згрижување, заштита, образование и стручни способности кои придонесуваат кон помогање на детето да израсне во општествено конструктивна и продуктивна личност, сепак многубројни тези потврдуваат дека за жал затворањето не придонесува кон рехабилитација и намалување на стапката на повторништво, туку го влече младиот човек кон волшебниот круг на криминалот и го зголемува девијантното однесување.

Во истиот член, став 6 овие Правила нагласуваат дека од исклучително значење е соработка помеѓу релевантните чинители на системот со цел обезбедување адекватна академска или стручна наобразба и спречување овие деца да ја напуштат установата со недостатоци во образованието.

---

[80] Прописи на Обединетите Нации за заштита на малолетниците лишени од слобода (Хавански прописи), А/РЕЗ/113 од 14 декември 1990 година https://www.unodc.org/pdf/criminal_justice/United_Nations_Rules_for_the_Protection_of_Juveniles_Deprived_of_their_Liberty.pdf

[81] Меѓународен договор за граѓански и политички права, https://www.equalityhumanrights.com/en/our-human-rights-work/monitoring-and-promoting-un-treaties/international-covenant-civil-and (пристапено на 10.09.2019 година)

[82] Стандардни минимални правила на ООН за спроведување на малолетничка правда (Пекиншки правила), А/РЕЗ/40/33 од 29 ноември 1985 година

Оттука целта на третманот во установите за лишување од слобода на децата согласно овие Правила ги охрабрува државите да преземаат корпус на мерки и активности како би му помогнале на младиот сторител на кривично дело да дојде до успешна ресоцијализација и отстранување на негативните влијанија или ризик фактори кои придонеле до состојбата која довела до негово лишување од слобода.

За да биде постигната оваа цел, она што најнапред е потребно да се направи е да се спроведе сеопфатна анализа и проценка на осудената личност, тоа секако дека претпоставува и проценка на ризикот за да се утврди степенот на повторништво, но и да се идентификуваат потребите на самото лице за време на издржување на казната затвор. Вообичаено ваквата проценка на ризик се прави од страна на стручните лица во приемното одделение на затворот. За потребите на ваквата проценка Управата за извршување на санкции во 2011 година го донесе Прирачникот за употреба на инструментот за проценка на ризик и потреби на осудените лица[83] согласно кој се врши проценка и се утврдуваат факторите на ризик кои го предизвикале осуденото лице да стори кривичното дело, но се проценуваат и факторите на ризик кои би довеле до повторништво, односно сторување на ново кривично дело во иднина.

Ваквиот инструмент согласно кој се врши проценката опфаќа три обрасци кои вршат проценка на ризик и потреби на осуденото лице, самопроценка на осуденото лице, како и проценка на осуденото лице по однос на околината, односно заедницата, затворскиот персонал, останатите осудени лица и други лица кои доаѓаат во непосреден контакт со лицето.

Образецот во себе ги содржи сите аспекти од важност за прогнозирање на иден повторништво и тоа:

- Криминални трендови;
- Ментални растројства на личноста;
- Разбирање на болеста или растројството;
- Одредени конфликтни однесувања;
- Социјални вештини;
- Криминална историја;
- Соочување со фактот;
- Подготвеност за третманот;
- Подготовка за отпуст.[84]

[83] Прирачник за употреба на инструментот за проценка на ризик и потреби на осудени лица, (2011), Министерство за правда, Управа за извршување на санкциите, Скопје
[84] Ibid 83

## 6. ТРЕТМАНИ - ПОИМ И ВИДОВИ НА ТРЕТМАН

Под поимот „третман“ се подразбира не само метод за постапување со лица лишени од слобода, во конкретниот случај деца, туку корпус на мерки што се преземаат во насока на спречување на дејството и отстранување на криминогените фактори и влијанија по личноста, кои по своја природа може да бидат од економска, социјална, социокултурна и друга природа.

Целта на ваквиот третман е ресоцијализација и социјална адаптација во општествената средина на осуденото лице. Од успешното спроведување на корпусот мерки во рамки на третманот ќе зависи дали лицето ќе продолжи со вршење казнени дела и по своето излегување од затвор или ќе се врати во општеството како позитивно сменета, рехабилитирана личност со стекнати алатки за себепочитување, но и почитување на општественото добро и остантите чинители.

Третманот претставува процес на развивање позитивни карактеристики кај личноста притоа анализирајќи ги или ценејќи ги личните карактеристики на осуденото лице, биолошки, психолошки и психо-социјални, толкувајќи ги како ризик фактори што го условиле криминогеното однесување. Третманот е насочен кон менување на таквите карактеристики и градење на позитивни вредности. За да се постигне тоа, потребно е индивидуален пристап, односно индивидуализација на третманот што воедно е суштината на самата казна и нејзината ресторативна природа бидејќи целта на казната е превоспитување на личноста, негова рехабилитација и оспособување за живот на слобода.

Третманот како систем на методи, мерки и постапки подразбира методи од објективна и субјективна природа, првите уште се нарекуваат помош, додека вторите реинтеграција. Помошта се изразува преку спектар на мерки кои му помагаат на детето во менување на условите на живот, тоа се оние мерки што имаат за цел да го сменат материјалниот, социјален и општествен статус на осуденото дете. Мерките што поттикнуваат помош воедно може да бидат и мерки кои директно влијаат по самата личност, негово образование, остручување и стекнување со вештини кои ќе му помогнат полесно да се реинтегрира во општеството по излегувањето од затвор.

Мерките од субјективна природа или уште познати како мерки за реинтеграција имаат за цел промена на деликвентното и криминално однесување на детето, промена на системот на вредности и создавање на одбранбен механизам, како и градење на општествено прифатливо поведение.

Оттука, третманот претставува сложен систем на методи и мерки со кои се влијае на комплетните услови на живот и работа на осуденото дете, на нивно менување. Комплексноста на третманот, па дури и неговата противречност, контрадикторност претставува долг и макотрпен процес, особено кога станува збор за деца сторители на казнени дела, сам по себе е

дури и логички противречен затоа што во услови на изолација, лишување од слобода, односно затвор, се спроведуваат низа активности врз личноста со цел нејзино менување, превоспитување и оспособување за продуктивен и општествено подобен живот на слобода.

Човекот се раѓа, развива и воспитува, живее и работи во една општествена средина која го прифаќа или отфрла зависно од неговото однесување и поведение. Осуденото дете преку сторување на казнено дело е веќе осудено и од страна на општеството, па во текот на својот престој во затвор токму преку третманот му се овозможува да оствари низа промени во своето однесување, како и градење на ставови и вредности кои ќе бидат општествено прифатливи и кои ќе придонесат кон негова реинтеграција во општествената средина.

Бидејќи третманите се делат на индивидуални и групни треба да се има предвид дека едни со други никогаш не се исклучуваат, туку секогаш одат заедно, индивидуалниот третман е работа со самото дете, додека групниот е тој кој му овозможува на детето социјализација и соживот. Групниот третман креира услови за интеракција, за градење вештини за комуникација и социјализација, работата во групи создава атмосфера за конструктивно решавање на проблемите. Групниот третман е неопходен бидејќи човекот е социјално битие, се раѓа и живее во заедница, и додека индивидуалниот третман е насочен кон отстранување на недостатоците кај самата личност, вториот работи на социјализација во група и креирање и воспоставување односи во неа.

*Индивидуалниот план за услуги и поддршка* е од исклучителна важност за третман и рехабилитација како за детето во судир со закон, така и за неговото семејство. Го изготвува социјален работник или интердисциплинарен тим со цел идентификација на интервентните активности за да се одговори на директните потреби на детето и неговото тесно опкружување. Планирањето на планот е особено битно бидејќи во оваа фаза се проценуваат потребите на детето, се лоцираат проблемите, се одредуваат активностите, динамиката на нивното спроведување, краткорочните и долгорочни цели, како и посакувани резултати. Ваквиот план за помош ги опфаќа видот, интензитетот и времетраењето на услугите. Активната вклученост на детето од самиот почеток, неговото мислење и видување за предложените активности е многу важна бидејќи во него треба да се поттикне желба за промена, да му се даде до знаење дека неговото мислење се уважува и дека му се посветува внимание. Од друга страна пак активностите што се предлагаат треба да бидат реалистични, лесно изводливи и добро обмислени. Истовремено да се направи проценка и на евентуалните ризици кои може да го попречат процесот на реализација на ваквиот план и да се понудат решенија за нивно надминување.

*Индивидуалниот третман* тргнува од фактот дека секој човек е посебен сам по себе, со индивидуални карактерни особини и својства кои го разликуваат од останатите и кои во голема мера ги предодредуваат врските или односите што ги создава со другите индивидуи во средината. Самото опкружување, како и релациите што одредено дете ги има со останатите лица влијаат врз неговото лично однесување и може да претставуваат причина за какво било девијантно поведение. Целта на индивидуалниот третман со детето е да ги отстрани таквите негативни и девијантни поведенија и да изгради одбранбен механизам за неповолните провокации.

Иако индивидуалниот третман може да биде делотворен, треба да се има предвид дека неговата успешност пред се зависи од добро спроведената проценка на личноста, методите што ќе се применат во рамки на третманот, како и од должината на истиот. Не сите осудени лица треба да бидат подложени на индивидуален третман. Најголема корист од ваквиот начин на работа со осудени лица имаат децата осуденици, повратниците, алкохоличарите, зависниците од наркотици, но и оние индивидуи кои имаат својства на психопати и социопати. За да биде успешен и ефикасен индивидуалниот третман, истиот треба да трае онолку колку што треба, понекогаш и по излегување на детето од затвор, односно во постпеналниот период.

*Групниот третман* има за цел да оствари влијание врз етиолошките фактори на криминалното однесување. Кога станува збор за група и групна работа во казнено-поправните установи треба да се има на ум еден многу битен аргумент, а тоа е дека во таквите средини групите не се формираат на доброволна основа или затоа што постоела иницијатива за дружба, туку се формираат принудно, групата осуденици поради различни причини се нашла во ист затвор и принудени се да го делат просторот и времето заедно, па и да работат заедно со цел промена на своите социјални вештини. Групите во затворите се прават вештачки и нив најмногу ги одликува динамичноста, едни доаѓаат, други си одат. Децата затвореници во затвор не комуницираат меѓусебно затоа што сакаат и од личен избор, туку затоа што мораат. Сево ова треба да се земе предвид при создавање на групите и отпочнување на третманска работа во групи.

Дополнителен елемент при создавање на групите во казнено-поправните установи е аргументот дека децата во таквите установи дошле затоа што сториле некакво казнено дело, значи популацијата во установата е веќе криминогена и таквото поведение може лесно да продолжи во затворот особено доколку истиот е корумпиран, слабо менаџиран од организациски и административен аспект. Па така, групната терапија може да влијае дводимензионално, и на појава и јакнење на криминалитетот, но и на рехабилитација на криминалците.

Од особена важност за успешноста на групниот третман е осуденото дете да се поистоветува, идентификува со групата. Тогаш кога ќе се развие чувството на припадност, а тоа ќе се случи во оној момент кога со групата ќе се делат заедничките интереси, односно ќе се задоволуваат одредени потреби, тогаш и групната терапија ќе биде успешна. Секако дека и овде се јавува одреден ризик што во голема мера влијае врз динамиката на групата и ефектот од неа, влијанието на лидерот во групата. Како и во секоја друга група, па така и во оваа формирана во казнено-поправната установа се јавува лидер, односно дете кое има способност да влијае врз останатите и да го креира нивното мислење. Колку влијанието на ваквиот лидер во вештачки создадената група во затвор е попозитивно, толку и успешноста од групната работа ќе биде подобра.

Без разлика кој од претходно опишаните третмани се користи, индивидуаллниот или групниот, или пак комбинација од двата, целта на третманот е корекција на однесувањето на деликвентот, деликвентното поведение да се преобрази во општествено прифатливо.

Кога станува збор за методолошките постапки и техники за работа со осудени лица, особено оние наменети за децата осуденици, како појдовна точка се зема сознанието дека тие се се уште несозреани и ментално неоформени личности, кај нив процесите на физичкото, интелектуално и емоционално созревање не се завршени, па оттука како успешен пристап за работа со деца се смета т.н. авторитативен или нормативен пристап бидејќи ваквиот пристап на превоспитниот персонал му овозможува една надредена положба во однос на осуденикот и наметнување авторитет, персоналот е тој кој одредува што е дозволено, а што не, па на тој начин на осуденото дете му се наметнуваат позитивните вредности.

Сепак, земено предвид дека децата најнапред реагираат со емоциите и егото, а потоа со прагматичноста која во тие години е на доста незавидно ниво, се поставува голем знак прашалник дали ваквиот метод на авторитарност навистина ќе влијае воспитно и позитивно врз промена на девијантното однесување кај децата или само дополнително може да ја разгори и така веќе бунтовничка природа и да отвори простор за развој на прикриена фрустрација. Друг аргумент во прилог на ваквата теза е и стручноста или личните, индивидуални својства на воспитувачот. Наметнувањето на авторитарност, со што се стеснува просторот на демократија, како и неуважувањето на правата на другиот, во случајот на детето, може да претставува ризик фактор и да отвори простор за злоупотреба, прекршување на правата на детето, па дури и дискриминација, потценување на туѓото мислење, желби и потреби.

Современите методи за третман на деца во судир со закон одат во насока на активно вклучување на детето долж целиот процес на превоспитување и ресоцијализација, почнувајќи од процесот на проценка на

неговата личност (евалуацијата), разговор со детето за да се слушне неговото мислење, неговото видување за состојбата во која се наоѓа, но и за да се добијат информации за неговите приоритетни области во кои пројавува желба да се поправи, со еден збор третманот на детето треба да биде двонасочен, а не наметнат од други лица кои „знаат“ што е најдобро за него.

Кои видови на третман и методолошки пристап ќе се применат сепак ќе зависи од проучувањето на личноста, но и способноста на воспитувачот да му пристапи на детето за да поттикне и развие позитивна промена во него. Земено во целина, при третман на малолетен осуденик, односно дете приоритет се дава на психолошкиот и педагошки третман. Кај овие деца ресоцијализацијата започнува со првите мерки што се преземаат од страна на кривичниот прогон и центрите за социјална работа, па се до изрекувањето на санкцијата која мора да соодветствува на личноста. Тоа е континуиран процес кој понекогаш трае до излегување на детето од установата каде ја издржува казната затвор, а во одредени случаи и во постпеналниот период.

Третманот кај децата во судир со закон и лишени од слобода треба да се одликува со систематичност, интензивност и ангажираност без простор за слободно време. Доколку децата не се ангажирани со активности од воспитен карактер, тогаш затворската заедница ја презема организацијата на слободното време во свои раце и многу лесно може да го наруши воспитниот процес.

Како што веќе и претходно споменавме, за да се одреди соодветен третман потребно е да се направи добра проценка на личноста, односно да се проучи детето од аспект на карактерни особености, интелигенција, темперамент, социјализација, систем на вредности, работни навики, образовно ниво. Врз основа на добиените резултати од ваквата проценка, детето се класифицира и се формираат помали групи.  Групите може да бидат хомогени, еднообразни каде децата се групирани согласно слични карактеристики и интереси и хетерогени, односно разновидни. Се смета дека хетерогените групи предничат во однос на хомогените затоа што различноста во нив го подготвува детето за различноста во заедницата по излегувањето на слобода. Групните психотерапии тука се особено важни за воспитниот процес на детето бидејќи во нив детето ја изразува својата личност, се проверува, преиспитува, ги споделува своите проблеми и ги согледува грешките. Ваквиот пристап го развива колективниот дух кај младиот човек, чувството на припадност, потребата да се идентификува со други лица, да развие социјални контакти и колективен менталитет. Ваквиот третман може да ги потисне девијантните појави, а да ги поттикне општествено прифатливите.

При третман на деца лишени од слобода, образованието и остручувањето заедно со воспитната компонента земаат особено голем

простор бидејќи тие му даваат алатки на детето за функционална реинтеграција во заедницата и обезбедување егзистенција.

### 6.1. Третманот согласно националното законодавство

Законот за извршување на санкциите („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 99/2019) во својот член 296 вели дека третманот што се спроведува со детето треба да биде изготвен согласно утврдена стручна програма изготвена од страна на министерот за правда, а во согласност со министерот за образование и наука и министерот за труд и социјална политика со цел детето да биде поттикнато и охрабрено да работи на себе, да ги осознава своите позитивни особини и да ја развива личноста на начин што ќе се стекне со алатки и знаења за живот на слобода.

Упатството за определување на видовите и начините на третман на осудените лица („Службен весник на Република Македонија" бр. 173/2011), под третман на осудено лице подразбира индивидуално определен динамичен систем на методи, мерки и постапки спрема осуденото лице во казнено-поправната установа за време на извршување на казната затвор и во постинституционалниот период заради насочување, развивање и остварување на позитивни карактерни особини и способности на осуденото лице за негова ресоцијализација или социјална адаптација во општеството по извршувањето на казната. Третманот на осуденото лице може да биде пенален, односно институционален и постпенален, односно постинституционален.[85]

Ваквиот третман произлегува како резултат на индивидуалниот пристап за проценка на личноста на осуденото дете, интердисциплинарното испитување во приемното одделение кое содржи анализа на личноста од повеќе аспекти, медицински, социјален, педагошки, психолошки, криминолошки, видот на стореното казнено дело и околностите под кои истото е сторено, должината на казната и сл.

Врз основа на испитувањето се добиваат резултати како карактерни црти, семејни околности кои влијаеле врз формирањето и градењето на личноста, образовни и интелектуални способности, психолошки проблеми и предизвици, ментални попречености, здравствена, материјална и социјална состојба, а се откриваат и способности на детето за одреден вид на работа.

Врз основа на ваквата проценка на личноста, а истовремено ценејќи ги сите пропратни ризик фактори, се врши класификација на осуденото дете и негово распоредување во одредена третманска група заради примена на одредени мерки и активности. Третманот е тој кој придонесува кон оспособување на детето да ја прифати сопствената одговорност заради

[85] Упатство за определување на видовите и начините на третман на осудените лица („Службен весник на Република Македонија" бр. 173/2011)

извршеното казнено дело, како и последиците од истото, да ги прифати активностите предвидени со ваквата терапија за лична рехабилитација и поправање, но и подготовка за постпеналниот период по излегување од затвор заради социјална адаптација и реинтеграција.

Третманските активности се остваруваат во секторот за ресоцијализација кој во зависност од потребите на индивидуалниот план за помош, може да соработува и со други сектори.

Успешно спроведениот третман треба да се заснива на следните принципи:

- познавање на секое осудено лице;
- непрекинато ангажирање на осуденото лице;
- почитување и доверба спрема осуденото лице;
- активно и доброволно вклучување на осуденото лице во сопствениот третман;
- развивање на позитивни карактерни особини и способности за брзо и успешно враќање во општеството;
- систематичност и постапност во спроведувањето на третманот, и
- единство на третманските влијанија.[86]

Третманските активности треба да го мотивираат и поттикнуваат осуденото дете да работи на себе, а меѓусебниот однос со вработениот од секторот за ресоцијализација треба да биде пријателски и да се заснива на меѓусебна доверба. Сите промени и резултати во однесувањето и постапувањето на осуденото дете треба да се бележат, а индивидуалниот план согласно истите да се менува и адаптира. Успешноста на терапијата се манифестира преку промени во севкупното однесување на осуденото дете, најпрво лично самоприфаќање и вреднување, почит кон сопствените интереси, но и развивање почит кон туѓите интереси и вредности. На тој начин, преку развивање на чувството за одговорност, детето се здобива со алатки за интеграција и адаптација во средината. Методот на кој ќе му се пристапи на детето зависи од проценката направена од стручните лица во приемното одделение, како и индивидуалниот план изготвен за конкретното дете, што на некој начин води до заклучок дека не постои една воопштена и единствена терапија или формула за третман на сите осудени деца, туку секој еден пристап треба да биде базиран на лични потреби и проценки на личноста и истиот да се менува и моделира согласно индивидуалните промени што ги манифестира секое осудено дете посебно.

[86] Член 6 од Упатството за определување на видовите и начините на третман на осудените лица („Службен весник на Република Македонија“ бр. 173/2011)

Третманите кои се применуваат на осудениците се делат на општи и специфични третмански мерки.[87]

Општи третмански мерки се:

- работа на осудени лица;
- образование на осудени лица;
- образование на осудени лица по занимање;
- морално-етичко воспитување и осуденичко самоорганизирање, и
- слободни активности, спорт и рекреација на осудени лица.[88]

За да бидат успешни горенаведените активности, најнапред е неопходно истите да одговараат на личниот интерес и способност на осуденото дете, односно осуденото дете да пројави интерес и желба да се остручи во нешто, а за да се остручи установата треба да има корпус на активности што ќе ги понуди.

Успешноста на терапијата пред се зависи од степенот на вложување на самото дете и неговиот интерес за промени, а за да се постигне тоа, најнапред треба да се открие самата личност и во неа да се активира интересот за позитивни промени, да се мотивира, да се поттикне надежта дека не е се изгубено и дека промените се возможни. Сето тоа се постигнува со терапија чиј успех во голема мера зависи и од самото стручно лице во секторот за ресоцијализација кое работи со осудените деца. Доколку одредена работа или работни задачи се наметнуваат или наредуваат, очекуваните промени не се постигнуваат, напротив може да се појават други, дополнителни проблеми поврзани со навреда, омаловажување или дискредитација на осуденото дете. Со други зборови, наметнувањето работи кои не се од интерес и личен афинитет на осуденото дете, може да произведат контраефект.

И меѓународните стандарди и протоколи за постапување со лица, односно деца во затвор го говорат истото, издржувањето на казната затвор не смее да го попречи образовниот развој на детето, напротив, секоја установа наменета за издржување на казна затвор треба да организира образование согласно потребите и индивидуалниот напредок на детето. Експертите од оваа област се единствени во ставот дека една од најважните компоненти при упатување на дете на издржување на казна затвор е образование за време на неговото лишување од слобода, тоа е основата за успешноста на детското престапништво и децата во ризик.

Децата во затворите имаат потреба од образовни програми и обуки со цел јакнење на нивните капацитети во комуникација, решавање на проблеми,

[87] Член 14 од Упатство за определување на видовите и начините на третман на осудените лица („Службен весник на Република Македонија" бр. 173/2011)
[88] Ibid 87 Член 15

носење здрави одлуки, развивање и стимулирање на здрави меѓучовечки односи, вредности, формирање на критичко мислење и квалитетни животни избори.

Работното остручување на осудените деца треба да го вршат инструктори и други стручни лица кои со своето влијание ќе поттикнат промена на негативните ставови кон работата, ќе го развијат интересот кај личноста за работа и за придонес кон општеството, ќе ја развијат дисциплината, но ќе го развијат и чувството на сигурност кај осуденото дете дека по излегувањето од затвор нема да биде на улица, оставено само на себе туку ќе има што да понуди на пазарот на трудот.

Па така, освен класично образование кое на осудените деца им се нуди во зависност од нивната стручна подготовка, односно писменост, установата треба да има услови да понуди и доустручување во одредено занимање или преквалификација за друго. Тоа се постигнува преку разни курсеви за стекнување квалификација за различни занимања или преку соработка со локалната заедница, стручните училишта во неа или т.н. работнички универзитети.

Во делот на специфичните програми, Упатството за определување на видовите и начините на третман на осудените лица („Службен весник на Република Македонија“ бр. 173/2011), ги предвидува следните мерки кои се базираат на утврдените потреби за индивидуална работа со осуденото лице:

- третман на осудени лица кои злоупотребуваат дроги и други психотропни супстанции;
- третман на осудени лица кои злоупотребуваат алкохол;
- третман на осудени лица сторители на сексуални деликти;
- третман на насилни осудени лица во затвор;
- третман на осудени лица за кривични дела со елементи на насилство;
- третман на помлади полнолетни осудени лица;
- третман на деца;
- третман на осудени лица жени;
- третман на осудени лица на казна доживотен затвор, и
- медицинско-психолошки третман на осудени лица (за определено време или за целиот период од извршувањето на казната).[89]

Ваквите програми опфаќаат три нивоа на примена: мотивирање, вклучување во психосоцијална програма и подготовка за постпеналниот период. Мотивирањето го вршат стручни лица од секторот за ресоцијализација, психосоцијалната програма се спроведува со стручни лица кои може да бидат

[89] Член 31 од Упатство за определување на видовите и начините на третман на осудените лица („Службен весник на Република Македонија“ бр. 173/2011)

вработени во затворот или да бидат ангажирани како надворешни соработници, додека подготовката за поспеналниот период покрај стручните лица од секторот за ресоцијализација може да опфати и лица однадвор, но и претставници од надлежните центри за социјална работа.

Целта на ваквите третмани е одвраќање на осуденикот од понатамошно користење на зависности, како и учење на вештини за самоконтрола по однос на останати девијанти појави.

Хаванските прописи [90] препорачуваат затворите за деца да имаат изготвено специјална програма за превенција и лечење од наркотици и останати зависности.

Лекарствата треба да се издаваат исклучително врз основа на стручно мислење, во дози препорачани од стручно лице и по добиена согласност од страна на детето. Забранета е злоупотреба на лекарства со цел изнудување какво било признание од страна на детето, како казна или како средство за ограничување на движењето на детето.

Третманите за помладите полнолетни лица на возраст од 18 до 23 години, како и на децата до 18 години овозможуваат формирање на идентитет на младата личност, здрав психо-физички развој, образовни активности, како и специфични активности за корегирање на нивното девијантно однесување, истовремено ваквите третмани придонесуваат кон отстранување на репресијата и социјализација на личноста.

При третман на децата особено се посветува внимание на образованието и стручното оспособување, здравствената превенција и здравственото образование, создавање работни навики, развивање чувство на одговорност кон себе, но и кон другите, креативно организирање на слободното време, овозможување контакти со семејството и најблиските, со еден збор создавање предуслови и промени во личноста за позитивно социјализирање со надворешниот свет и реинтеграција во општеството. Тука особено се внимава на оние млади лица кои имаат претрпено каков било вид на насилство.

Информациите за младото лице, односно детето, неговата личност, како и околностите во кои живеело, се добиваат за време на неговиот престој во приемното одделение кога и се прави проценка на личноста од повеќе аспекти. Резултатите од проценката придонесуваат кон создавање на индивидуален

---

[90] Прописи на Обединетите Нации за заштита на малолетниците лишени од слобода (Хавански прописи), А/РЕЗ/113 од 14 декември 1990 година https://www.unodc.org/pdf/criminal_justice/United_Nations_Rules_for_the_Protection_of_Juveniles_Deprived_of_their_Liberty.pdf

план за работа со детето, кој етапно се менува согласно промените кои детето ги манифестира во текот на терапијата.

Кога станува збор за третмани поврзани со здравјето на осудените деца, медицинско-психолошките третмани, истите започнуваат веднаш по приемот на детето и траат се додека има потреба од нив. Воедно истите може да започнат и во случај на влошување на здравјето на осуденото дете, а нивното времетраење зависи од состојбата во која се наоѓа детето.

Третманите поврзани со ресоцијализација и адаптација се остваруваат со помош на одредени методи и постапки, додека оние од пенолошки карактер се остваруваат со помош на индивидуален и групен третман.

Индивидуалниот третман се реализира директно со засегнатото дете и може да биде во форма на разговор, интервју, мотивациско интервју, советување и психотерапија. Сите овие видови на воспоставување релација со осуденото дете придонесуваат кон собирање информации за него, проценка на неговата ментална состојба и изнаоѓање содветен, делотворен начин за воведување промени.

Групниот третман е планиран метод на влијание врз определна група со цел остварување позитивни промени. Начинот на кој се формираат групите може да биде од хомогена или хетерогена природа која се базира на создавање или симулирање на услови во кои подоцна, при излегување на слобода децата би се нашле. На тој начин се креира атмосфера на разговор помеѓу поединците, развивање и јакнење на самоконтролата кај нив и соочување и наоѓање на потенцијално ризични ситуации. Групниот третман опфаќа групна работа, мотивација и советување.

Она што е особено важно при работа во групи е децата доброволно да се вклучат во ваквиот вид терапија и да имаат желба да дискутираат, да земат учество во ваквите разговори. Групите не треба да бидат големи, оптималниот број на учесници е од 8 до 15 лица, а одржувањето на сеансите е на неделна основа во времетраење не подолго од 90 минути.

Кога станува збор за работа во групи, треба да се спомене и групната психотерапија каде децата кои се дел од неа отворено зборуваат за своите свесни или потсвесни содржини, стравови, дисфункционалности, мисли и чувства.

Постпеналната помош многу зависи од успешноста на севкупната терапија што се спроведувала со осудените деца внатре во установата каде издржувале казна затвор. Вообичаено ваквата помош се добива од стручни лица, организации или институции надвор од установата на лишување од слобода. И додека помошта што детето ја добива внатре во установата од аспект на терапија е пред се работа на самиот себе и оспособување со алатки

за реинтеграција во заедницата по излегувањето од затвор, надворешната помош е онаа што детето ја добива по своето излегување на слобода, а која се манифестира на различен начин: привремено сместување, обезбедување храна, лекување, вработување, воспоставување или обновување на контактите со најблиските, продолжување на образованието, парична помош и сл. Ова е од особена важност за децата кои подолго време поминале во затвор.

### 6.2. Постпенален третман

Под постпенален период се подразбираат различни методолошки постапки и техники од педагошка, психолошка и социјална природа што се преземаат спрема детето пред излегувањето од казнено-поправната установа и непосредно по излегувањето на слобода со цел да се обезбеди негово правилно и успешно интегрирање и вклучување во животот на слобода. Овој третман претставува завршна фаза во остварувањето на процесот на ресоцијализација. [91]

По излегувањето од затвор детето наидува на средина за која бил подготвуван во казнено-поправната установа, но сега кога е на слобода, вештините и алатките со кои се има стекнато треба да се проверат и спроведат на дело. Средината во која повторно се враќа е немногу сменета од времето кога ја оставил, дополнителен, непријатен момент е етикетата која ја има на себе како осуденик, криминалец. Стигматизацијата е првиот удар по рехабилитираниот осуденик, но и првиот тест за него. Од една страна е неприфаќањето, отфрленоста, навредите, старото друштво, а од друга страна се она за што бил уверуван во текот на процесот на ресоцијализација во затвор, дека позитивните промени се возможни и дека животот може да му даде втора шанса. Токму во овој период осуденикот, во случајов веќе полнолетно лице, има потреба од помош и насоки.

Потребата од постпенален третман не секому е потребна иако добар дел од осудениците имаат потреба од неа по излегувањето од затвор. Колку поуспешен бил процесот на ресоцијализација во затвор, толку помала е потребата од третман по излегување од затвор. Сепак треба да се има предвид дека секој осуденик различно реагира на периодот по излегувањето на слобода. Кај добар дел од осудениците возбудата и желбата за живот и надоместување на изгубеното време се меша со страв од непознатото, но и од минатото, дали ќе успее да се оддалечи од искушенијата под кои потпаднал претходно или повторно ќе се оддаде на нив. Иако процесот на ресоцијализација во затворот го подготвувал за живот на слобода, сепак треба да се има предвид дека сите симулации и вежби во затвор се направени во затворена средина, сега кога е на слобода предизвиците и искушенијата се

[91] Арнаудовски, Љ. (1988), Пенологија – наука за извршување на кривичните санкции, Универзитет „Кирили Методиј – Скопје, Правен факултет – Скопје (стр. 282)

вистински, дополнително тука се јавува и стигматизацијата на средината и отфрлањето.

Покрај стравот, несигурноста, стигматизацијата, отфрленоста од најблиските, дополнителен предизвик кај детето осуденик е и потребата од материјална помош, можност за продолжување на образованието, остручување, вработување и дом.

Постпеналниот третман може да биде внатрешен, постапки и техники што се преземаат за време на престојот во казнено–поправната установа непосредно пред излегувањето од затвор кога се ангажираат и центрите за социјална работа за да го подготват детето за живот на слобода, и надворешен постпенален третман кој се остварува низ различни институционализирани облици, најчесто од органите за извршување на кривичните санкции потпомогнати со организации од граѓанското општество, социјалните органи и други чинители. Овој вид третман подразбира давање материјална помош, обезбедување работа и сместување, помош да се обноват или воспостават односите со семејството и најблиските, посредување во воспоставување комуникација со одредени групи за поддршка и сл.

Во Америка за децата кои излегуваат од затвор предвидена е т.н „интензивна последователна грижа“ или условен отпуст во кој период се работи со детето, односно се продолжува со негова рехабилитација што се состои од бројни активности со кои му се помага да стекне вештини и знаења за живот на слобода и ресоцијализација.

Најголем предизвик за децата по излегување од затвор е пронаоѓање работа и продолжување на образованието. Ова претставува исклучителен подвиг во општества како нашето со висока стапка на невработеност и со дисфункционален систем на вредности и служби кои треба да му помогнат на детето кое излегува од затвор. Токму во овој период тие наидуваат и на првото искушение, а силината на карактерот и одлучноста за промени се единствените двигатели кои може да ги одвратат од навраќање на старите навики.

Токму поради сево ова постпеналниот период е всушност најголемиот тест за проверка на успешноста на ресоцијализацијата во затвор бидејќи токму со него се заокружува овој процес.

Во овој постпенален период од голема важност е т.н. „професионална (стручна) грижа“ која се добива од широк спектар на служби кои може да му помогнат на детето по неговото излегување од казнено–поправната установа.[92] Ваквите служби може да понудат низа услуги кои се состојат од укажување

[92] Димитријоска, С. (2012), Социјална работа со малолетници сторители на кривични дела, Филозофски факултет, Скопје

здравствена заштита, транспорт, оброци, финансиски средства, социјално осигурување и др. За таа цел, социјалните служби водат регистар на ресурси кој на некој начин претставува база на податоци од широк спектар на формални услуги достапни на младиот човек. Социјалниот работник е тој кој го запознава младиот човек со овие можности и го поврзува со нив. Секако, најважен услов за сево ова да функционира е службите да се лесно достапни и пристапни, да одговараат на потребите и интересите на младиот човек и да бидат прифатени од негова страна.

### 6.3. Добри пракси за работа со деца во судир со закон

Од се она за што зборувавме во претходните поглавја може да изведеме заклучок дека најголемиот предизвик во справувањето и превенцијата на детското престапништво е ресоцијализацијата на младите сторители на казнени дела и нивна реинтеграција во општеството. Од ефикасноста, но и ефективноста на програмите за ресоцијализација во голема мера зависи рехабилитацијата на детето и неговото враќање во заедницата како функционална и општествено полезна личност.

Системот на детско престапништво е комплексен и сензитивен сам по себе, особено бидејќи станува збор за деца кои поради разновидни ризик фактори, директни или индиректни, како и ненавремената и неефикасна превенција од страна на општествените чинители, сториле казнено дело заради што се обележани и стигматизирани. Неефикасноста на системот на една земја, како и на социјалните служби во неа, се првиот индикатор за појавата и интензитетот на овој феномен, но секако и за повторништвото, односно повратот на младите престапници во кривично–правниот систем. Наместо третмани за ресоцијализација и работа заради нивно превоспитување и рехабилитација, младите сторители на казнени дела се оставени сами на себе, без соодветна помош и заштита, па од престапници и малолетни деликвентни преминуваат во возрасни криминалци.

Ефективните програми за ресоцијализација се клучот за успешната реинтеграција на младиот човек во заедницата. Денес во светот постојат многубројни програми и активности чија цел е превоспитување на детето, негова рехабилитација, ресоцијализација и реинтеграција во системот на вредности. Во ова поглавје ќе издвоиме низа такви програми кои се покажале како ефективни и ефикасни.

Една од нив е т.н. *програма базирана врз факти* која се дефинира како корпус од информации добиени преку научен метод за општото ментално здравје на детето и неговото семејство. Откако личноста ќе биде добро проучена се поставува терапија и метод на работа.[93] Успешноста на ваквите

[93] Underwood, L. A. Sandor von Dresner, K. Phillips, A. L. (2006) Community Treatment Programs for Juveniles: A Best-Evidence Summary, International Journal of Behavioral Constitution and Therapy, Volume 2, No. 2

програми се мери по намалениот поврат на престапници, односно намалена стапка на повторништво.

Сепак, за да се спречи упатување на детето во затвор или воспитно–поправен дом што само по себе се рефлектира како врз неговиот живот во изолација, така и врз високите трошоци за одржување и финансирање на програми и кадар во таквите установи, праксата посочува на *програми за одвраќање од криминал за условно осудени деца во судир со закон*, *како и за нивните семејства*. Станува збор за активности кои се спроведуваат во заедницата, осмислени од страна на службеници за пробација во времетраење од шест месеци, а се насочени кон активно вклучување на децата во училиште и подобрување на нивните училишни резултати, работа со семејството и најблиските за јакнење на меѓусебните односи, но и капацитети за решавање на конфликти, мотивациски техники за поттинување на креативноста и позитивното размислување и сл. Вакви и слични програми се спроведуваат и со деца кои излегле од установа за лишување од слобода.[94] Резултатите од спроведување на ваков вид терапија покажале за 27% намалено повторништво кај оние деца кои учествувале во овие терапии.

Друг вид на интензивна терапија наменета за деца кои покажуваат антисоцијално однесување и се во ризик да дојдат во судир со закон е т.н. *Мултисистемска терапија (МСТ)* што се применува на деца кои покажуваат знаци на насилство, деца корисници на дрога, деца сексуални престапници, деца со психијатриска клиничка слика, како и деца од проблематични семејства. Ваквиот вид на терапија се спроведува во самиот дом на детето, каде освен со него се работи и со членовите на семејството. Се покажала како делотворна затоа што се одвива во домашна средина, добро позната и блиска на детето и не ги изложува него и родителите на дополнителни трошоци. Работата во домашна атмосфера ја поттикнува блискоста со стручното лице од една страна, но позитивно влијае и врз односите помеѓу членовите во семејството. Ефикасноста од овој вид терапија измерена во бројки е доста висока, дури 70% намалено повторништво, а за 64% подобрени семејни односи.

*Функционалната фамилијарна терапија (ФФТ)* е терапија што е усмерена кон семејството, но се спроведува клинички. Опфаќа неколку фази: проценка, мотивација, промени во однесувањето и општа состојба. Наменета е за деца од 6 до 18 години, а резултатите покажуваат намалено повторништво за 50-75% кај оние сторители на помали казнени дела, додека намалено повторништво за 35% кај сторителите на потешки казнени дела.

[94] Underwood, L. A. Sandor von Dresner, K. Phillips, A. L. (2006) Community Treatment Programs for Juveniles: A Best-Evidence Summary, International Journal of Behavioral Constitution and Therapy, Volume 2, No. 2

Друг вид ефикасна програма, но овој пат наменета пред се за родителите/старателите е *Мултидимензионалниот третман на згрижување* кој има за цел да ги зајакне капацитетите и оспособи родителите/старателите во справување со децата по нивното излегување од затвор. Програмата има развиено и дел кој е фокусиран на децата сторители на казнени дела, а целта е единствена, подобрување на општата состојба на детето и комуникацијата/односите со родителите/старателите и заедницата. Програмата трае од 6 до 9 месеци и дава резултати на долг рок.

*Интензивната последователна грижа* е програма наменета за оние адолесценти кои го напуштаат затворот и се враќаат на заедницата, дизајнирана да му помогне на младиот човек полесно да го премости транзицискиот период од затвор на слобода.

Други програми кои се покажале како корисни во третманот на деца во места на лишување од слобода се:

- *Обука за контрола на агресивноста* која помага во контролирање на гневот и агресивноста кај младите осуденици и ги поттикнува на учење вештини за справување со овие пориви. Резултатите од обуката се оценуваат како високо успешни придонесувајќи кон намалување на деликвентното однесување, како и на повторништвото;

- *Обуката за когнитивни вештини* ги поучува лицата лишени од слобода како да го сменат негативниот начин на размислување и да го трансформираат во позитивен. Обуката се состои од 36 сесии организирани и водени од страна на вработените во затворот кои претходно посетуваат двонеделна интензивна обука за оваа намена. Обуката ги учи затворениците како да го сменат начинот на размислување, а со тоа и лошиот избор на решенија за проблемите на кои наидуваат во животот. Во текот на обуката осудениците учествуваат во низа сесии за когнитивно размислување, како и во симулации како практични вежби;

- *Проектот за поврзување со семејството* помага во воспоставување или возобновување на односите помеѓу детето затвореник и семејството. Оваа програма се обидува на децата затвореници кои имаат проблеми со дрога и алкохол да им даде поддршка во решавање на проблемите што ги имаат со своите семејства. На ваков начин се придонесува кон возобновување и јакнење на односите во семејството;

- *Програма за описменување на затвореници*, со што се јакне нивната независност и лична моќ за независно и самостојно функционирање во општеството. Преку програмата затворениците добиваат одредено ниво на писменост, читање и пишување, со што стануваат способни за самостојно функционирање во секојдневието, а воедно се и општествено полезни;

- *Програмата за позитивно делување* е наменета за деца затвореници до 18 години, но позитивно влијае на севкупната атмосфера во местата за лишување од слобода, како врз децата затвореници, така и врз персоналот. Оваа програма се покажала како доста ефективна и за лица со посебни потреби, а се заснива на учење вештини за самопочитување, школување, решавање на проблеми и начин на однесување, развивање на чувство за одговорност, физичко и ментално здравје, како и намалување на насилството и користењето на разни зависности;

- *Проектот „Успеав“* првично наменет за деца до 14 години, но подоцна надграден за да послужи како терапевтска активност во психијатриски установи и места на лишување од слобода за деца до 18 години има за цел да ги развие заштитните фактори кај децата, како и вештините за самоконтрола. Покрај ова проектот опфаќа и стратегија за онаа категорија на лица особено изложени на ризик, како исклучително проблематичните деца заробени во системот на социјалните служби и останатите даватели на услуги од ваков вид;

- *Резиденцијалната програма за помош на ученици* ја опфаќа популацијата на деца на возраст од 14 до 17 години сместена во установи. Посебно е наменета за деца со сериозни психијатриски проблеми, млади осуденици во затвор, како и занемарени и злоупотребени деца. Преку високо квалификуван кадар програмата нуди широк спектар на услуги за превенција и рана интервенција кај ваквите деца. Се работи на справување со разни зависности, а меѓу другото и на воспоставување и одржување комуникација со родителите. Во оваа програма стручниот кадар живее и работи во местата на лишување од слобода заедно со младите затвореници;

- *Програмата за запирање на насилството* се спроведува во установите за лишување од слобода на машки сторители на казнени дела. Во програмата учествуваат стручни лица од службите за извршување на санкциите, советници, медицински лица, како и волонтери. Програмата има за цел да го спречи развојот на насилството помеѓу затворениците, особено да ја зајакне нивната

ментална состојба и сфаќање дека силата на мажите не е само во мускулите и дека им е дозволено да имаат емоции од различен вид, како и да чувствуваат;

- *Терапевтски заедници за лечење од зависности* во чиј фокус е когнитивниот пристап со цел промовирање на живот без дроги и други зависности, развивање одговорност и методи на самоконтрола;

- *Медијација помеѓу жртвата и сторителот на казненото дело* е програма која овозможува двете странки во постапката да се соочат лице в лице со посредство на медијатор. За време на ваквите средби жртвата може да поставува прашања, вербално да ја изразува емоционалната траума што ја има доживеано од самиот криминален чин, како и да побара поправање на штетата. Од друга страна, сторителот добива можност лично да се информира за штетата што ја има предизвикано и за состојбата во која се наоѓа жртвата, но и шанса да се покае за стореното дело и да се извини. Помирувањето може да опфати финансиско надоместување за сторената штета или општокорисна работа.[95]

Иако ваквите програми во оној обем во кој се спроведуваат даваат резултати, за жал во пракса се наидува на голем број проблеми пред се лоцирани во самиот институционален систем, како и во локалната заедница. Всушност, институциите на локалната заедница и нејзините челници немаат слух за поддршка и финансирање на активности од овој вид бидејќи за нивно функционирање потребно е пред се да се обезбедат финансиски средства со кои ќе се овозможи спроведување на сите активности полезни за вистинска рехабилитација на осуденикот, а тоа се пред се простории, логистика, обучен кадар и се останато што е неопходно за беспрекорно функционирање на програми и активности од ваков вид. Токму поради овие причини не ни преостанува ништо друго освен да заклучиме дека наместо да целиме кон високи проценти на успешност од терапевтскиот процес на ресоцијализација на младите осуденици и намалени стапки на повторништво, нам единствено високи ќе ни останат „шансите“ децата во судир со закон кои биле лишени од слобода и казнети со издржување на казна затвор, наместо ресоцијализација во вистинска смисла на зборот и соодветна реинтеграција во општеството, да се вратат на старите навики и назад во кривично–правниот правосуден систем, но овој пат како возрасни сторители на казнени дела.

[95] Trotti, T. and Justice Planners International LLC (JPI), Project Guide: Best Practices – In – Custody Programs for Juveniles and Adults, NAATAP, Native American and Alaskan Assistance Project

## II ИСТРАЖУВАЧКИ ДЕЛ

## 1. МЕТОДОЛОШКА РАМКА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

### 1.1. Предмет на истражувањето

Предмет на истражување на овој магистерски труд е постапувањето со децата лишени од слобода и упатени на извршување на казна затвор.

Меѓународните стандарди за сместување и постапување со деца лишени од слобода и упатени на издржување на казна затвор се утврдени со Стандардните минимални правила на Обединетите Нации за спроведување на малолетничката правда (Пекиншки правила) од 1985 [96] , Прописите на Обединетите Нации за заштита на малолетниците лишени од слобода (Хаванските прописи) од 1990 [97] , Упатствата на Обединетите Нации за спречување на малолетничката деликвенција (Ријадските упатства) од 1990[98]. Во 1998 и Комитетот за превенција од тортура на Советот на Европа ги постави основните критериуми согласно кои се проверуваат условите за живеење и престој на деца лишени од слобода и третманот што истите го добиваат.

Во нашата држава условите за престој и постапување со деца лишени од слобода и упатени на издржување на казна затвор се регулирани со Законот за извршување на санкциите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 99/2019) во чија глава XI детално се наведни правата на осудените лица и деца, додека во главата XXV, извршувањето на кривичните санкции спрема деца.

Бидејќи целта на издржувањето казна затвор е ресторативна, а не ретрибутивна, условите во кои престојуваат децата како и третманот кон нив треба да биде согласно одредбите на Законот за извршување на санкциите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 99/2019) кој предвидува индивидуални третмани за воспитување, превоспитување и едукација на децата. Членот 295 од овој закон е јасен и предвидува стручно изготвен третман од Министерството за правда, во соработка со Министерството за образование и наука и Министерството за труд и социјална политика, со кој му се помага на детето и му се овозможува образование, остручување и оспособување за живот на слобода.

---

[96] Стандардни минимални правила на ООН за спроведување на малолетничка правда (Пекиншки правила), А/РЕЗ/40/33 од 29 ноември 1985 година

[97] Прописи на ООН за заштита на малолетниците лишени од слобода (Хавански прописи), А/РЕЗ/113 од 14 декември 1990 година

[98] Упатства на ООН за спречување на малолетничка деликвенција (Ријадски упатства), А/РЕЗ/45/112 од 14 декември 1990 година

До наполнети 23 години возраст, децата казната ја извршуваат во затвор за деца, одвоени од полнолетните лица. Во затворот децата од машки пол се одвоени од децата од женски пол, но може да бидат здружени поради образовни, социјални и забавни активности.

Законот[99] задолжително предвидува и наставна програма за основно и средно образование, како и редовна физичка активност, односно спорт и други активности на чист воздух. Задолжителното основно образование за децата кои се на извршување на казна затвор е предвидено и со членот 10 на Законот за основното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/2008).

Во членот 305 од Законот за извршување на санкциите[100] не се дозволува примена на посебна мерка за одржување на ред и дисциплина, односно самица. За потешки повреди на редот и дисциплината, децата може да бидат издвоени во посебни соби за деца во времетраење од пет до седум дена.

Со Упатството за определување на видовите и начините на третман на осудените лица („Службен весник на Република Македонија“ бр. 173/2011) и со Правилникот за распоредување, класификација и разместување на осудените лица во казнено-поправните установи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 173/2011) се определуваат видовите и начините на третман на осудените лица, односно распоредувањето, класификацијата и разместувањето на осудените лица во казнено-поправните установи.

### 1.2. Цел на истражувањето

Целта на истражувањето е да се направи проценка на постапувањето со децата упатени на издржување на казна затвор со што ќе се утврди колку целта на затворот за деца, односно ресоцијализацијата вистински се остварува во пракса и дали истата е целисходна. Истовремено ќе се утврди до кој степен се почитуваат правата на децата лишени од слобода и упатени на издржување на казна затвор и дали постапувањето со нив е во согласност со пропишаните норми на националното законодавство, како и на меѓународните стандарди утврдени со конвенции и други упатства.

Истражувањето ќе понуди преглед и проценка на тековната состојба во Затворот за деца Охрид. Посебен фокус на ова истражување ќе бидат третманите и програмите што им се нудат на децата во затвор со цел нивно превоспитување и ресоцијализација како главна цел на санкцијата затвор.

[99] Закон за извршување на санкциите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 99/2019)
[100] Ibid 99

### 1.3. Хипотетичка рамка на истражувањето

#### 1.3.1 Основна хипотеза

Се претпоставува дека не постојат значајни разлики помеѓу законски пропишаните норми и стандарди за постапување со децата упатени на издржување на казна затвор и нивната примена во пракса.

#### 1.3.2. Помошни хипотези

1. Се претпоставува дека националната законска рамка и останати регулативи се во согласност со меѓународните конвенции и меѓународно пропишаните стандарди за постапување со деца во затвор.

2. Се претпоставува дека структурата и бројот на ангажираниот професионален кадар во установата Затвор за деца Охрид е согласно пропишаните законски и подзаконски акти.

3. Се претпоставува дека професионалниот кадар во установата Затвор за деца Охрид е обучен и се има стекнато со знаења, вештини и техники за ефикасно и хумано спроведување на казната затвор за деца.

4. Се претпоставува дека за секое дете кое издржува казна затвор се изготвува и спроведува Индивидуален план за помош во кој се содржани активностите за индивидуален и групен третман на детето, а со цел ресоцијализација, едукација и оспособување за живот на слобода.

5. Се претпоставува дека детето е активно вклучено при изготовка на Индивидуалниот план за помош за да се чујат неговите потреби и желби.

6. Се претпоствува дека Индидивуалниот план за помош редовно се ревидира со цел да одговара на тековните потреби на детето и следење на неговиот развој.

7. Се претпоставува дека организациската поставеност на установата Затвор за деца Охрид во поголем обем има содветен, заштитен простор во кој децата имаат своја приватност согласно пропишаните законски и подзаконски акти.

8. Се претпоставува дека на децата кои издржуваат казна затвор им се обезбедени содветни услови за образование, физичко и рекреативно воспитување во согласносност со нивните индивидуални потреби.

9. Се претпоставува дека постои соработка меѓу институците кои учествуваат во спроведување на активностите наменети за децата кои идржуваат казна затвор.

### 1.4. Истражувачки прашања

1. Што предвидува националната правна рамка во однос на децата упатени на издржување на казна затвор?

2. Кои се меѓународните стандарди за постапување со деца упатени на издржување на казна затвор?

3. Каква е состојбата на терен, односно колкав е степенот на практична примена на законски предвидените одредби?

4. На кој начин се работи со децата во затвор со цел нивна едукација и оспособување за живот на слобода?

5. Кои се современите трендови во постапувањето со деца упатени на издржување на казна затвор, а со цел нивна ресоцијализација?

### 1.5. Основни поими

- Детско престапништво
- Ризик фактори
- Деца во судир со закон
- Санкции
- Установи за деца
- Стандарди за постапување со деца лишени од слобода
- Третмани за деца лишени од слобода
- Повтор (повторништво)

### 1.6. Локација

Затвор за деца Охрид, Управа за извршување на санкции, Меѓуопштински центар за социјална работа Скопје

### 1.7. Инструменти за спроведување на истражувачкиот труд

**Метод на анализа на содржина** - се направи анализа на националната легислатива, меѓународните стандарди и правила на постапување со децата во судир со закон, лишени од слобода и сместени во затвори, посебните извештаи на Европскиот комитет за превенција од тортура, Поткомитетот за превенција од тортура на Обединетите Нации, Управата за извршување на санкции, Народен правобранител и др.

**Спроведување на структурирани и полуструктурирани интервјуа со вработени** - Затвор за деца Охрид, Управа за извршување на санкции, Меѓуопштински центар за социјална работа Скопје.

Интервјуата беа спроведени на три начина, и тоа:

- Телефонско интервју по претходно структуриран прашалник со отворени одговори;
- Интервју на самото место по полуструктуриран прашалник со отворени одговори; и
- Пополнување/директно одговарање на структуриран прашалник со отворени одговори.

## 2. РЕЗУЛТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

### 2.1. Затвор за деца Охрид

Во рамки на предвидените истражувачки активности, се спроведе телефонско интервју со вработено лице од Затворот за деца Охрид според однапред дефинирани прашања во структуриран прашалник.

Прашалникот беше поделен на пет дела, и тоа:

- Кадровска екипираност на Затворот за деца Охрид и услови за работа,
- Административни подготовки за прием на дете во затвор,
- Услови за престој на дете во затвор,
- Прием на дете во затвор, и
- Законодавен дел.

Во првиот дел од прашалникот кој го обработуваше делот за кадровската екипираност на затворот и условите за работа, се добија информации дека внатрешната систематизација на работни места е утврдена согласно Законот за државните службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00) и Законот за затворската полиција[101]. Затворот за деца Охрид се наоѓа во центарот на градот, опкружен со станбени згради и моментално опфаќа три установи и тоа: воспитно-поправен дом, затвор за деца и притвор, притоа вкупниот број на вработени во затворската полиција брои 25 лица. Покрај обезбедувањето, во установата работат 8 државни службеници: 4 лица во секторот за ресоцијализација, 3 лица во финансискиот сектор, 1 лице како помошен персонал и двајца носители на функции, односно директор и заменик директор. Воспитно-поправниот дом во оваа установа постои од 2015 година кога привремено беа сместени првите штитеници од Воспитно-поправниот дом Тетово кој дотогаш локациски се наоѓаше во Велес. Со префрлување на штитениците од воспитно-поправниот дом во новоизградениот дом во с. Волковија, Затворот за деца Охрид ќе продолжи да функционира во својата првобитна форма.

Стручниот тим кој работи во затворот се состои само од две лица и тоа психолози, третото лице е референт за прием и отпуст на затвореници и еден помошен персонал, готвач. Ваквата состојба јасно укажува на потребата од вработување на дополнителен кадар согласно националните и меѓународни стандарди за постапување со деца во затвор, и тоа педагози, социјални работници, инструктори и воспитувачи кои секојдневно би работеле со децата на нивно воспитување, превоспитување, едукација и ресоцијализација.

[101] Затворската полиција и нејзиното функционирање претставува составен дел од Законот за извршување на санкциите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 99/2019)

Условите во кои работат лицата во затворот се оценуваат како скромни и ограничени, со потреба од дополнителни материјални средства, но и специјализирани обуки. Вработените го чувствуваат ефектот на „согорување“ (burn out), работејќи ја оваа професија со години, но за разговори со стручни лица и отворање дискусија за проблемите кои може да влијаат по нивното психичко здравје, досега не станало збор и истите ги немало. Иако Законот за извршување на санкциите[102] предвидува право на систематски преглед за вработените во овие установи, такви прегледи не се спроведуваат веќе години наназад.

Во затворот постои амбуланта, но истата е скромно опремена. Лекар во затворот доаѓа еднаш до двапати неделно, а доколку има потреба и повеќе пати. Од добиената информација станува збор за ист лекар кој веќе извесен период наназад ги прегледува децата. Секундарна лекарска помош се дава во болницата во Охрид, а при итна медицинска помош се повикува Брза помош.

Што се однесува до обезбедувањето, поради природата на установата истото е униформирано, но без средства за присилба и оружје. Земено предвид дека веќе од 2015 година во оваа установа е сместен и Воспитно-поправниот дом Тетово, истото обезбедување ги обезбедува и тие деца иако штитениците од домот не се осуденици и затвореници и не би требало да бидат обезбедувани од униформирани лица.

Установата располага со алармен систем кој е во фукнција во сите простории каде се сместени децата, како и во канцелариите на вработените.

Вториот дел од прашалникот го обработи приемот на детето во затвор. Детето во затвор доаѓа само или со родителите или со неуниформирани претставници на полицијата и социјален работник од надлежниот центар за социјална работа. Приемот во затворот опфаќа два дела. Првиот контакт со новопримението дете се врши од страна на референтот за прием и отпуст и тоа во посебна соба каде воедно се добива и судската документација, како и онаа од надлежниот центар за социјална работа. При приемот се земаат општите податоци на детето, како и негови отпечатоци. Се отвора здравствен картон и му се појаснува кои предмети може да ги земе со себе во затвор, а кои ги остава на прием во посебна папка што му се враќа при напуштање на затворот. Личното досие на детето се чува во одделението за прием, додека стручното во секторот за ресоцијализација. Досиејата се водат во пишана и електронска форма.

[102] Член 82 од Законот за извршување на санкциите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 99/2019)

Согласно одредбите од Законот за извршување на санкциите[103], по завршување на оваа постапка детето треба да се упати во приемното одделение каде може да остане до 15 дена и каде истото се опсервира, му се врши проценка, како и проценка на ризик, се прави Индивидуален план за помош со конкретна програма и цели, општи и специфични, се врши психолошко тестирање, како и тестирање на нивото на образование. Согласно истиот закон во приемното одделение се прави и класификација која зависи од севкупната проценка на личноста, видот и должината на казната, претходно изрекување на заводски мерки и сл. Испитаникот информира дека Затворот за деца Охрид не располага со приемно одделение поради што веднаш по прием на детето, истото се упатува во редовната соба за престој каде всушност и ќе ја издржува казната затвор. Детето во затвор ја задржува својата лична гардероба, односно затворот не обезбедува гардероба.

Куќниот ред на затворот е видно истакнат и достапен за секое дете. При прием децата се информираат и за своите права, како и за начинот на кој може да приложат жалби и поплаки.

Во време на спроведување на интервјуто, затворот броеше 8 деца и уште 12 деца сместени во воспитно-поправниот дом.

Што се однесува до просторниот дел, односно материјалниот, физички дел на затворот, истиот е поделен на затворски, воспитно-поправен и притворски дел.

Децата во затворот се сместени во соби за две до три деца, собите се реновирани со нов ламинат, опремени со телевизори и чисти.

Храната што се дели во Затворот за деца Охрид е согласно законски пропишаните норми, односно 14.600 џули, разновидна, со редовен внес на овошје и зеленчук. Оние деца кои извршуваат физичка работа добиваат поголемо количество храна, но затворот излегува во пресрет и на секое дополнително барање за повеќе храна. Во кујната работат две деца кои помагаат во приготвување на храната како дел од нивните активности за третман и ресоцијализација.

Кога станува збор за приватноста во затворот, испитаникот појаснува дека на истата може да се гледа од различен агол бидејќи понекогаш да се има приватност значи и да се биде изолиран, а децата се дружат меѓусебно и не сакаат да се сами.

Слободното време е утврдено согласно распоредот за дневни активности. Од 9.30ч децата имаат едукативни или креативни работилници, а потоа настава што започнала да се спроведува со поддршка на Програмата за

---

[103] Член 151 од Законот за извршување на санкциите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 99/2019)

развој на Обединетите Нации (УНДП) од 15 октомври 2019 година. Во затворот доаѓаат професори по македонски јазик, математика и англиски јазик од ОУ Христо Узунов од Охрид, а наставата е организирана во нивоа. За секое ниво се добива сертификат издаден од училиштето, а по завршување на сите предвидени нивоа се издава општ сертификат. До моментот на спроведување на интервјуто (04.12.2019 година) беше поминато само едно ниво. На почетокот интересот за наставата од страна на децата бил голем, но потоа истата им станала досадна. Објаснувањето е дека станува збор за деца кои немаат работни и воспитни навики и кои не се научени да следат програми од ваков вид. Највозрасните осуденици во затворот се на 20 години возраст, а земено предвид поранешниот начин на живеење на овие деца, се додава дека им недостига концентрација и внимание.

Кога станува збор за рекреација и слободно време, одговорот е дека децата редовно поминуваат по два часа на отворено, а кога временските околности не го дозволуваат тоа, децата се забавуваат во затворските простории каде има опремено спортска сала со одредени реквизити за таа намена, собите се со телевизори, а има и списанија, книги и други можности за разонода. Во установата нема интернет, ниту внес и дозвола за користење мобилни телефони.

Во Установата се одржуваат индивидуални и групни третмани. Индивидуалните се организирани за секое дете поединечно и со секое од нив се работи засебно, како по претходно подготвен план, така и по лична потреба или барање од страна на детето. Индивидуалните планови се ревидираат по потреба. Групните третмани се поделени на „Топс“ и „Тип“ програми, „Топс“ е дел од програмата пропишана со Националната стратегија за развој на пенетенцијарниот систем 2015-2019[104] You turn/Equip, таа се организира на начин што на секој состанок се дискутира, разговара за строго насочени, конкретни теми, додека пак „Тип“ програмата е конципирана од состаноци на неодредени, неспецифични, општи теми. Беше кажано дека децата повеќе ги сакаат „тип“ состаноците. Резултатите од ваквите третмани се краткотрајни бидејќи истите се одвиваат во затвор, се појаснува дека останатите чинители во системот задолжени за постпенална помош треба да ги спроведуваат своите активности со цел ваквиот третман да има целисходност и да биде вистински ефикасен по излегување на децата од затвор. Се нагласува дека дури и во случаи кога се постигнува одреден напредок, на него треба да се работи повеќекратно, со повторување од причина што истиот најчесто дава само краткорочни резултати.

[104] Национална стратегија за развој на пенитенцијарниот систем (2015-2019), (2014), проект на Советот на Европа: Јакнење на капацитетите на органите за спроведување на законот за соодветно постапување со задржани и осудени лица, финансиски поддржан од Европската Унија

Процесот на подготовка за излегување на детето од затвор започнува веднаш по неговиот прием бидејќи му се дава јасно до знаење дека издржувањето на казната затвор е со одредено времетраење и дека тоа ќе излезе од затвор по нејзиното издржување. Во периодот пред излегување од затвор се работи поинтензивно со детето. Пред излегување од затвор се изготвува завршен, заклучен извештај со сите постигнати резултати, состојби, карактеристики за детето и истиот се доставува до надлежниот центар за социјална работа и до судот. Пред излегување од затворот, затворските служби ги поучуваат децата да се пријават во надлежниот центар за социјална работа и надлежната полициска станица на Министерството за внатрешни работи.

Кога станува збор за контактите на детето со надворешниот свет, се укажува дека истите се одвиваат и се конципирани на редовни и вонредни посети кои најмногу зависат од дисциплината на детето.

При потреба од медицинска помош и нега, родителите се информираат, но тоа пак воедно зависи и колку истите се присутни во животот на детето. Во затворот секое утро се вршат обиколки и во случај некое дете да побара медицинска помош, за истата се известува лекарот кој редовно доаѓа во затворот и истата се обезбедува. За секое дете се води здравствен картон со уредно забележана состојба и препишана терапија. Картоните се чуваат на посебно место. Кога станува збор за терапија, истата ја делат претставници на затворската полиција.

Во случај на недисциплина и непримерно однесување, се постапува согласно одредени протоколи според кои може да се изречат дисциплински казни и изолација во кој период се работи интензивно со детето кое е изолирано. Самицата не се практикува по стапувањето на сила на новиот закон за извршување на санкциите[105].

Во делот од разговорот кој се однесуваше на законодавниот дел се посочи дека Законот за правда за децата[106] се уште има недоречености поради кои се остава простор за импровизации што е недозволиво кога станува збор за деца во судир со закон.

Во време на спроведување на интервјуто Затворот за деца Охрид немаше конкретна соработка со локалната заедница што делумно е резултат на лошото искуство од претходните години (поткраднувања од страна на децата кои биле работно ангажирани), па заради овие причини соработката прекинала. Повремено со помош на одредени невладини организации од

[105] Закон за извршување на санкциите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 99/2019)
[106] Закон за правда за децата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 148/2013)

охридскиот регион се спроведуваат семинари, работилници, театарски претстави, кино проекции и сл.

## 2.2. Управа за извршување на санкции

Во рамки на истражувачкиот дел се спроведе интервју и со претставник/ци од Управата за извршување на санкциите. Испитаникот одговараше на прашања со одговори од отворен вид по полуструктуриран прашалник.

На прашањето по однос на реформите спроведени во рамки на Националната стратегија за развој на пенетенцијарниот систем 2015-2019 година [107] , испитаникот одговори дека за жал најголемото внимание се посветува на затворите за возрасни осуденици бидејќи кога станува збор за децата тие влегуваат во затворот за деца и не се преместуваат, односно остануваат таму до крајот на издржувањето на својата казна. Слабо се следи проблематиката на децата упатени на издржување на казна затвор од причина што главниот фокус на Управата за извршување на санкциите се затворите за возрасни осуденици и проблемите што произлегуваат од нив, преместувања, прекин на казни, болести на затвореници, разлики во постапувањето од еден до друг затвор, причини за таквата состојба, преместување на затвореници, изведување на различни заклучоци и констатации поради таквата состојба, а децата од друга страна се континуитет, додека се во воспитно-поправниот дом, тие се таму, ако продолжат со криминал, одат во затвор и буквално се следат едни исти луѓе.

Што се однесува до образованието, се истакнува дека се прават напори, но повеќе се фокусирани на затворите за возрасни осуденици. Тука се нагласува и дека е веќе постапено по забелешките констатирани од страна на Народниот правобранител во неговиот последен извештај[108]. Се признава дека состојбата не е беспрекорна, но и дека сите кои работат имаат мани и грешат.

И по однос на здравствената грижа испитаникот признава дека состојбата не е за пофалба. Заради таквата ситуација критикувани се и во рамки на Управниот одбор на проектот што моментално се спроведува од страна на Советот на Европа, особено бидејќи моменталната бројка на здравствени работници во затворите едвај да е десетина. По однос на констатираните состојби во извештајот на Народниот правобранител за

[107] Национална стратегија за развој на пенитенцијарниот систем (2015-2019), (2014), проект на Советот на Европа: Јакнење на капацитетите на органите за спроведување на законот за соодветно постапување со задржани и осудени лица, финансиски поддржан од Европската Унија

[108] Посебен извештај за констатираните состојби од повторната посета на ВПД Тетово (кој функционира во Затвор Охрид), (2019), Народен правобранител, Скопје

Воспитно-поправниот дом Тетово[109] испитаникот потврди дека веднаш бил испратен психијатар со цел проценка и утврдување на состојбата констатирана во извештајот. Психијатарот потврдил дека три од децата се со одредена дијагноза, но без конкретни информации дали станува збор за деца во воспитно-поправниот дом или во затворот. За таквата состојба најмногу се упатува на недостаток на здравствени работници ангажирани од страна на Министерство за здравство. Се признава дека каков било дисконтинуитет во проценка на здравствената состојба на осудениците не е оправдана, особено доколку осудениците се еднаш прегледани од еден, а друг пат од друг лекар. Потребно е еден ист лекар да се грижи за затворската популација и да е во тек со здравствената состојба на затворениците. Се додава дека добро се спроведува задоволувањето на потребите со Брзата помош во Охрид, и дека има двајца или тројца лекари кои работат со децата, но сепак тоа не е доволно и не е онаа стандардна здравствена заштита што би требало да биде. На крајот од разговорот за ова прашање, се додава дека се надеваат дека Министерството за здравство ќе изнајде начин за решавање на ваквата состојба, можеби со ангажирање млади лекари, нивно стимулирање со одредени награди или стипендии и сл.

По однос на ресоцијализацијата во Затворот за деца Охрид, се информира дека неа ја работат само две воспитувачки. Гледано од аспект на стандардите на меѓународната заедница, испитаникот појаснува дека истите упатуваат еден воспитувач да има најмногу 30 лица, а кога станува збор за деца, 15. Со ваквото објаснување се заклучува дека бројката на осуденици со кои работат двете воспитувачки во Затворот за деца Охрид е задоволителна. Понатаму се појаснува дека сепак станува збор за лица на млада возраст кои „успеале“ да станат криминалци што јасно кажува дека им недостига воспитување и влијание од семејството. Истовремено се нагласува дека се често склони кон лажење, па во разни ситуации кога со нив разговарале лица од национални или меѓународни институции и тела, за иста случка давале различни одговори, односно никогаш не дале еден ист исказ. Испитаникот не верува дека кадарот во затвор ги малтретира децата, потенцирајќи притоа дека не е невозможно некој да им удри шлаканица, но сепак треба да се има предвид дека станува збор за нестабилна маса на луѓе.

На прашањето дали затворските службеници носат оружје, беше одговорено дека не смеат да носат оружје, а и дека бил направен надзор од самиот директор, биле прегледани шкафовите на службениците и било одземено се што може да претставува предмет за извршување насилство. Заради подобра функционалност се вели дека е потребно што поскоро да профункционира новиот воспитно-поправен дом во с. Волковија и таму да се префрлат сите, дури и оние деца од Затворот за деца Охрид. Се објаснува

[109] Посебен извештај за констатираните состојби од повторната посета на ВПД Тетово (кој функционира во Затвор Охрид), (2019), Народен правобранител, Скопје

дека тој објект е огромен, децата би биле поделени, единствено што ќе треба да биде направено е да се вработи поголема бројка на луѓе. Ставот на директорот на Управата за извршување на санкции е целосно да се затвори Затворот Охрид. Сепак се заклучува дека тоа би било тешко изводливо бидејќи идејата на Управата своевремено била секое апелационо подрачје да има притворско одделение, особено за пограничните делови.

Кога станува збор за обуки, одговорот е дека истите се одржуваат и дека досега се поминати две фази. Се разговарало за поддршка од Швајцарската амбасада и Програмата за развој на Обединетите Нации (УНДП), но сепак се заклучува дека и тоа се донации. Се додава дека не постои соработка и слух од Министерството за образование и наука кои се редовно поканети да учествуваат на сите состаноци, но никогаш не доаѓаат.

По однос на самицата беше потврдено дека истата повеќе не постои, онаа што постоела претходно е ставена надвор од употреба, односно запечатена.

Кон интервјуто се придружи и друг вработен во Управата за извршување на санкциите кој потврдува дека децата во тековната 2019/2020 имаат настава по математика, македонски и англиски јазик, со професори кои доаѓаат од ОУ Христо Узунов од Охрид. Додава дека не се одржуваат креативни работилници, но дека се во план работилници за вработените со поддршка од холандскиот Хелсиншки комитет.

По однос на спроведување активности во рамки на You turn/Equip програмата, се информира дека такви активности се спроведувале со децата од воспитно-поправниот дом додека биле сместени во Велес, но не и сега кога се во Охрид, сега со холандскиот Хелсиншки комитет во план е некои активности да бидат повторени, но само за децата од воспитно-поправниот дом, а не и за оние во затвор. Дневниот ред е видно истакнат, но е само на македонски јазик, а на неписмените истиот им се чита. Тука се додава дека децата си ги знаат правата и дека точно знаат што бараат и што може да добијат.

На прашањето за ефектот на „согорување“ кај вработените кои со години работат во затвор, кажано е дека се планираат одредени обуки, но за нивно спроведување ќе се размислува откако ќе се отвори Волковија, негде во февруари 2020 година.

За соработката со центрите за социјална работа не беше даден конкретен одговор туку упатуваат одговор да се побара од самите центри за социјална работа.

По однос на легислативата, оценка за Законот за извршување на санкциите[110], особено во делот на спроведување на дете во затвор, беше кажано дека постапката е иста како за возрасните осуденици. Се појаснува дека дури и во работна група кога се работел овој закон, децата не се работеле во детали, туку биле земени во целост и вметнати во законот. Испитаничката даде пример на малолетнички затвор во Берлин, Германија, каде се сместени и деца од воспитно-поправен дом и деца од затвор. Констатира дека кај нас, во нашата држава недостасува волја за да се спроведат некакви занимања за децата дури се во затвор, да бидат работно ангажирани. Во затворот во Берлин децата или одат на училиште или се работно ангажирани, но никој не седи незапослен. Тука се споменува стариот Воспитно-поправен дом Тетово кој бил во функција до 2001 година и кој имал се, и работилници, и воспитувачи и се потребно за нормално функционирање на установа од ваков вид, но ете, не се знаело како истиот да се клонира, односно да се направи нешто налик на овој дом. Стариот воспитно-поправен дом бил поделен на павилјони и во секој павилјон имало раководител, воспитувач. Се додава дека кај нас за жал не функционира ниту јавно-приватното партнерство како на пример во Германија.

На прашањето што најмногу недостига, се одговара дека она што најмногу недостига е работен ангажман на затворените лица, занимања. Се додава дека во Казнено-поправната установа Затвор Скопје (Шутка) со години се произведувало жица, од онаа што се става над патиштата за да не паѓаат одрони. Доволно е само интерес и желба и да се набават неколку машини, котури со жица и затворениците да можат сами да ја прават таквата мрежа. Тоа не е голема инвестиција. Се дообјаснува дека во тој затвор веќе има стара работилница, но истата треба само да се обнови.

На интервјуто се приклучи и друг испитаник кој е на мислење дека Затворот за деца Охрид треба да биде осмислен по стариот урнек на некогашниот Воспитно-поправен дом Тетово, со импривизирани татко и мајка, а со децата да се почне со работа на рана возраст, уште на десет годишна возраст. Дава пример од Англија каде две деца на 10 години крвнички убиваат 7 годишно дете, оттогаш Англија го менува законот и ја симнува границата за кривична одговорност на детето.

По однос на образованието и овој испитаник проблемот го лоцира на самото Министерство за образование и наука. Доколку е законска обврска на Министерството за образование и наука да го организира образованието во установите за лишување од слобода, тогаш не може тоа прашање да се игнорира и да се упатува на Управата за извршување на санкциите. Министерството за образование и наука треба да се заложи и да одговори што ќе преземе и како ќе се работи. Ваквата состојба со Министерството за

[110] Закон за извршување на санкциите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 99/2019)

образование и наука настанува со новата децентрализација и преоѓање на образованието во рацете на градоначалниците, оттогаш никој повеќе не покажал интерес за затворската популација. Со тогашните измени, за да се спроведе образование во одредена затворска установа, постапката упатува на поднесување барање до месниот градоначалник. Се додава дека тоа не смее да биде така, дека тоа е обврска на Министерството за образование и наука. Слично и со здравството, Управата за извршување на санкциите е одговорна за просториите, опремата, но Министерството за здравство треба да го обезбеди персоналот и да го менаџира. За крај од интервјуто се заклучува дека она што најмногу недостига е волја, а во недостаток на волја секој одговорноста ја префрла на друг.

### 2.3. Меѓуопштински центар за социјална работа Скопје

Покрај спроведување интервјуа со Затворот за деца Охрид и Управата за извршување санкции, за потребите на трудот, а со цел добивање сеопфатна слика за состојбата на терен, се спроведе интервју во форма на структуриран прашалник со отворени одговори и со претставник на Меѓуопштинскиот центар за социјална работа Скопје.

Центарот за социјална работа постапува согласно Законот за правда за децата[111] и Законот за социјална заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/2019) кога станува збор за постапување со деца во судир со закон и нивно упатување во затвор за деца.

Центарот за социјална работа изготвува извештај за детето кое е упатено на издржување казна затвор, во чија содржина се наведуваат лични податоци за детето и околностите во кои живее.

По однос на спроведувањето на детето во затвор, центарот за социјална работа нема улога, односно не присуствува при негово упатување или доведување во затвор.

Од центарот за социјална работа се доби одговор дека редовно го следат напредокот на детето за време на издржувањето на казната затвор преку извештаите што за таа намена ги изготвува затворот за деца, како и дека вршат посети на детето во текот на издржувањето на казната. Центарот за социјална работа воедно добива и завршен извештај за состојбата на детето пред неговото излегување од затвор.

По однос на соработката со затворот за деца се истакнува дека истата постои, но дека е недоволна.

Што се однесува до средбите што центарот за социјална работа ги спроведува со детето по неговото излегување од затвор, во одговорите од

[111] Закон за правда за децата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 148/2013)

прашалникот се наведува дека ги има, но дека се нередовни особено ако се има предвид дека по излегување од затвор детето е веќе полнолетно, а со тоа се ограничуваат и одговорностите што центарот за социјална работа ги има кон детето.

Кога станува збор за некаква постпенална помош или третмани, се наведува дека на детето или поранешниот осуденик му се дава еднократна парична помош во висина од 4.500,00 денари, но за друг вид помош или третмани за негово целосно ресоцијализирање и нормално враќање во средината на живеење, не станува збор, односно такво нешто не се спроведува. Тука воедно се напоменува и дека земено предвид возраста на детето која веќе не е под 18 години, центарот за социјална работа како орган за старателство нема обврски да работи ниту со него ниту со неговите родители.

## 3. АНАЛИЗА НА ПОДАТОЦИТЕ ОД СПРОВЕДЕНИТЕ ИНТЕРВЈУА

Спроведените интервјуа и податоците добиени од нив претставуваа доволна основа за да се пристапи кон анализа од која ќе произлезат соодветни заклучоци и препораки.

Она што најнапред треба да го констатираме е дека кога станува збор за Затворот за деца Охрид треба да се има предвид дека во ист објект се сместени и Воспитно-поправниот дом Тетово како установа од полуотворен вид во која се извршува воспитно поправна мерка на деца од машки пол на возраст од 14 до 23 години. Децата од оваа установа во Затворот за деца Охрид биле префрлени во 2015 година и ќе останат таму до пуштање во употреба на новиот Воспитно-поправен дом во с. Волковија, општина Брвеница, планинско место со оддалеченост на 22 км од Тетово и 11 км од Гостивар. Селото Волковија има околу 270 жители[112] и основно училиште за деца на возраст од 6 до 10 години, додека постарите деца, оние над 10 години основното образование го посетуваат во селото Стенче.

Затворот за деца Охрид покрај детскиот дел, има и притворски дел за возрасни машки и женски лица од подрачјата на основните судови Дебар, Охрид и Струга.

Локациски затворот е сместен во центарот на градот, опколен со станбени објекти со јасен поглед врз внатрешноста на истиот, односно неговиот двор наменет за рекреација на затворените лица. Ваквата позиционираност на затворот ја нарушува приватноста на децата кои ја издржуваат казната затвор овде, а воедно и нивната анонимност со што се изложуваат на дополнителна стигматизација од страна на локалното население. Ова е во спротивност со стандардите за ваков вид на установа кои упатуваат ваквите установи да не бидат лоцирани во населен дел, туку во месност со развиени комуникации, соодветни услови за спречување на често и лесно бегство на осудениците, да се овозможува одржување на редот и дисциплината, да се спроведува надзор над осудените лица поединечно, но и во целина, да постојат услови за лесно совладување на бунт или отпор на осудените лица, а долж целиот процес да се обезбедува успешна ресоцијализација во добри материјални услови за живот.

Во понатамошната анализа на добиените податоци ќе се обидам да се осврнам на секоја поставена хипотеза поединечно и аргументирано секоја од нив да ја образложам.

Кога станува збор за националната законодавна рамка и останатите регулативи, испитаниците на овој труд констатираа дека иако основните закони на кои почиваат правата на децата лишени од слобода, односно упатени на

[112] Попис на население од 2002 година.

издржување на казна затвор, Законот за правда за децата[113] и Законот за извршување на санкциите[114] во добар дел ги почитуваат меѓународните упатства и стандарди, сепак во одредени делови постојат непрецизности кои водат до импровизација што е недозволива кога станува збор за правата на детето и неговиот најдобар интерес. Па оттука се укажува на потребата од доуредување на одредени недоречености со цел соодветно постапување со детето долж целиот процес на негово лишување од слобода, но и излегување од затвор. Овде особено ќе ја истакнам потребата од доуредување на прашањата по однос на образованието на децата во затвор, како и нивната здравствена заштита затоа што е несериозно „топката" на одговорност да се префрла од една институција на друга, особено ако е одминат незавиден временски период од воведувањето на ваквите законски новели и повеќепати досега се констатирало дека истите не вродиле со плод. Истовремено ќе ги спомenам и оние сугестии кои се однесуваат на што поконкретно дефинирање и спецификирање на постапките во врска со физичкото упатување на детето во затвор, односно на неговото спроведување. Ваквата констатација ќе ја поддржам со противречните одговори дадени од двете установи предмет на интервјуирање, Затворот за деца Охрид и Меѓуопштинскиот центар за социјална работа Скопје. И додека Затворот за деца Охрид изјави дека во последните години децата се спроведуваат со неуниформирана полициска придружба во придружба на претставник од надлежниот центар за социјална работа, информацијата добиена од Меѓуопштинскиот центар за социјална работа Скопје го побива ваквиот исказ, оградувајќи ги службите за каков било спровод на дете во затвор, па дури и кога истото е недостапно за службите, односно е во бегство. Ваквата состојба не би требало да помине незабележана, а ниту игнорирана од причина што доколку го имаме секогаш предвид најдобриот интерес на детето и неговата добробит, можеби не би било на одмет законодавецот да го доуреди ова прашање во Законот за извршување на санкциите[115], глава 9, „Постапување при извршување на казната затвор", дел 1 „Упатување на осудени лица", и постапката за спроведување на деца во затвор да се обработи посебно од постапката што се однесува на возрасни осуденици.

Со гореизнесеното може да се констатира дека ***поставената хипотеза од овој труд која се однесува на националната законодавна рамка е само делумно потврдена*** земено предвид потребата од прецизно дефинирање на постапката која се однесува на упатување и спроведување на дете во затвор, но и прашањата по однос на образованието и здравствената заштита. Овде воедно ќе ја нагласам потребата од поголема вклученост на надлежниот центарот за социјална работа без разлика дали детето во

[113] Закон за правда за децата („Службен весник на Република Македонија" бр. 148/2013)
[114] Закон за извршување на санкциите („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 99/2019
[115] Ibid 114

меѓувреме станало полнолетно или не. Самиот факт дека тоа било кривично процесуирано согласно Законот за правда за децата[116], а потоа и ја издржувало казната затвор во затвор за деца, не го ослободува центарот за социјална работа од одговорност во делот на постпеналната грижа и третман кон него. Еднократната парична помош во висина од 4.500,00 денари е повеќе од несериозна и недоволна за помош на детето. Законот за социјална заштита[117] предвидува куќи на половина пат за привремено згрижување на деца по напуштање на воспитна установа за ресоцијализација или возрасни лица по издржување на казна затвор, но и специјално згрижување за деца во ризик и деца во судир со закон, оттука се охрабрува и поттикнува примената на ваквите законски одредби со цел вистинска помош на овие лица. Оваа забелешка делумно ја исполнува и обврската предвидена со член 295 од Законот за извршување на санкциите[118] кој упатува:

> „Постапката за прием на детето во установата за деца треба да биде спроведена на начин што ќе ги сведе на минимум неповолните психолошки ефекти од лишувањето од слобода“.

Согласно Законот за извршување на санкциите[119] установите од затворен и полуотворен вид треба да основаат одделенија за прием на осудени лица (приемни одделенија) каде ќе се врши опсервација на новопримeното лице со цел подготовка на понатамошни индивидуални и групни третмани за работа. Законот за извршување на санкциите[120] во глава 9, „Постапување при извршување на казната затвор“, дел 3 „Прием на осудени лица“ ја објаснува во детали постапката при прием на лице во затвор, односно утврдување на идентитет на лицето, негово фотографирање, дактилоскопирање, издавање на домска легитимација, отворање на досије кое се чува како доверлив документ со пристап само на точно утврден број овластени лица во затворот и упатување на лицето во приемното одделение каде се испитува личноста заради утврдување на третман и постапување со него. Ваквата опсервација во приемното одделение се врши од стручен тим во состав од психолог, педагог, социјален работник, лекар, а по потреба и други стручни лица. Токму во овој дел на осуденото лице му се појаснува куќниот ред, правата и обврските за време на издржувањето на казната затвор и начинот на кој истото може да ги оствари.

Во Затворот за деца Охрид ваков вид на одделение не постои, па веднаш по приемот, детето се упатува во својата соба каде и ќе го помине

[116] Закон за правда за децата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 148/2013)
[117] Член 85 и член 90 од Законот за социјална заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/2019)
[118] Закон за извршување на санкциите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 99/2019)
[119] Ibid 118 Член 36, став 2
[120] Ibid 118

остатокот од извршувањето на својата казна. Земено предвид дека во затворот нема ниту вработен лекар или друг медицински кадар, се поставува прашањето како ќе се изврши опсервација на детето, па дури и да постои приемно одделение. Понатаму, доколку знаеме дека во Затворот за деца Охрид има само две воспитувачки, обете психолози, се поставува дополнително прашање за сеопфатноста и квалитетот на изготвениот индивидуален план за помош на детето земено предвид дека стручниот тим, предвиден со закон кој треба да го изготви таквиот документ, во Затворот за деца Охрид е некомплетен и од него недостасуваат лица од конкретни научни полиња кои соодветно на својата стручна подготовка, стручно би придонеле во изготвување на истиот, педагог, социјален работник и друг профил согласно потребите.

Со горенаведените аргументи може слободно да констатираме дека ***второпоставената хипотеза која се однесува на структурата и бројноста на ангажираниот, професионален кадар во установата Затвор за деца Охрид не се потврдува*** бидејќи затечениот кадар во време на спроведување на ова истражување е недоволен и стручно ограничен, односно од него недостигаат конкретни занимања кои соодветно би придонеле при опсервација на детето по неговиот прием во затворот, а следствено на тоа и сеопфатна подготовка на Индивидуалниот план за помош. Управата за извршување на санкции ваквиот проблем се надева да го надмине со отворање на новиот воспитно-поправен дом во с. Волковија каде планира да ги дислоцира и децата од Затворот за деца Охрид. Останува да се види реализацијата на ваквата замисла во периодот кој претстои и дополнително да се процени нејзината функционалност во пракса.

Кога станува збор за вработениот кадар во затворските установи за малолетни лица, од добиените информации се дознава дека истиот е оскуден и стручно лимитиран, моментално во Затворот за деца Охрид работат само двајца психолози чија задача е да ги спроведуваат индивидуалните и групни третмани со осудените лица, но и со штитениците на воспитно-поправниот дом кои од 2015 година се наоѓаат во овој затвор.

Националното законодавство и меѓународните стандарди бараат добро избран и обучен персонал кој ќе работи со оваа категорија осуденици, особено ако се има предвид трауматичното минато на добар дел од нив. Од тие причини треба да се направат напори установата да биде стручно обезбедена со едукатори, психолози и социјални работници кои имаат вештини и знаења за работа со деца, особено со деца кои биле предмет на насилство, како физичко, така и психичко. Стандардите, особено оние на Комитетот за спречување на тортура истовремено охрабруваат и поттикнуваат неносење униформи од страна на вработените во установите за задржување, како и спроведување на широк спектар на обуки со цел подигање на нивото на знаења и вештини меѓу

вработените, особено по однос на решавање на конфликти меѓу осудените лица. За потребата од специјализирани обуки стана збор и во интервјуто спроведено со претставникот од Затворот за деца Охрид, но и со Управата за извршување на санкции. Дополнително и ефектот на согорување се повеќе го зема данокот по физичкото и психичко здравје на вработениот кадар, а непостоењето на систематски прегледи кои се предвидени со закон, а не се спроведуваат само го потврдува кажаното. Недостатокот од обуки и друг вид стручни советувања, како и ограничените стручни капацитети и профили влијаат врз севкупниот процес на ресоцијализација на децата, подготовката и спроведувањето на индивидуалниот план за помош и успехот од истиот. Оттука ***ниту третопоставената хипотеза може да се потврди*** земено предвид дека сите планови за обуки и растеретување на затечениот кадар се остава да се случат во иднина, со ставање во функција на воспитно-поправниот дом во с. Волковија.

Кога станува збор за ***трите поставени хипотези по однос на подготовка на Индивидуалниот план за помош, вклученоста на детето во негово креирање, спроведување и ревидирање на истиот***, накусо може да констатираме дека овие хипотези само делумно се потврдуваат од причина што индивидуалниот план за помош се изготвува веднаш по приемот на детето во затвор иако затворот не располага со приемно одделение, па оттука истото и не се опсервира согласно пропишаните стандарди. Од добиените одговори од интервјуто се дознава дека индивидуалниот план за помош содржи конкретна програма и цели, но за негово ревидирање во интервјуто воопшто не стана збор, се нагласи само дека децата обично имаат низок степен на образование, им недостига концентрација и фокус за да ја следат наставата која по неколку предмети се организира, а во делот на спроведувањето на третманите за групна и индивидуална работа се истакна дека се што се работи со децата треба често да се повторува за да се постигне некаков успех и промена кај нив.

***Хипотезата која се однесува на организациската поставеност на затворот и неговите материјални услови*** е пошироко елаборирана во овој дел од анализата од причина што покрива повеќе аспекти од условите, грижата и третманот кон детето лишено од слобода и упатено на издржување на казна затвор.

Информациите добиени од затворот информираат дека детето се прегледува во рок од 24 часа од лекар кој доаѓа од Здравствениот дом Охрид. Сепак, од податоците на Народниот правобранител добиени со последната посета направена во јули 2019 година, се дознава дека не секогаш децата се прегледуваат во законски предвидениот рок.[121] За ваквите стандарди говорат

[121] Член 12 став 1 од Куќниот ред за штитеници кои издржуваат воспитна мерка – упатување во воспитно-поправен дом и член 10 став 1 од Куќниот ред за осудени лица кои издржуваат казна затвор

и Прописите на Обединетите Нации за заштита на малолетниците лишени од слобода (Хавански прописи), А/РЕЗ/113 од 14 декември 1990 година во делот „Поделба и сместување“, кои детално упатуваат на преглед на детето по неговиот прием во местото на лишување од слобода од страна на медицинско лице со цел определување на најсоодветно сместување за детето, како и специјален вид и степен на грижа за него. Истовремено паѓа во очи информацијата дека за преглед и здравствена грижа се грижат двајца или тројца лекари од Здравствениот дом Охрид[122] спротивно на одговорот даден од Затворот за деца Охрид каде се нагласува дека еден лекар веќе подолго време ги прегледува децата. За добробит на децата, но и за секој друг осуденик, е еден лекар да се грижи за здравствената состојба на осудените деца бидејќи само на тој начин лекарот ќе има точен увид во нивната здравствена состојба и ќе може да ги следи сите новонастанати промени и состојби.

Иако националната легислатива, Законот за извршување на санкциите[123] како и многубројните меѓународни документи, а пред се Прописите на Обединетите Нации за заштита на малолетниците лишени од слобода (Хавански прописи), А/РЕЗ/113 од 14 декември 1990 година, како и критериумите на Комитетот за спречување на тортура и друг вид на нечовечко, понижувачко или деградирачко постапување или казнување на Советот на Европа (СПТ)[124] во делот на материјалните услови бараат децата лишени од слобода да бидат сместени во простории соодветни за престој на деца, а пред се во индивидуални соби, во пракса кај нас и понатаму се практикува сместување на неколку деца во иста соба. Тука треба да се истакне дека децата се сместуваат по 2 или 3 во соба што е спротивно на препораките на Европскиот комитетот за спречување на тортура [125] кој предвидува индивидуално сместување на секое дете, односно сместување во засебни соби, а во случај на нивно заедничко сместување треба да биде побарана согласност од децата и истите да се групираат во склад со нивните размислувања и желби. За индивидуалното сместување говорат и Стандардните минимални правила за постапување со затвореници (Правила на Мандела)[126], како и Законот за извршување на санкциите[127] во членот 297,

во казнено-поправна установа – Посебен извештај за констатираните состојби од повторната посета на ВПД Тетово (кој функционира во Затвор Охрид), (2019), Народен правобранител, Скопје

[122] Информација добиена од Управата за извршување на санкции

[123] Закон за извршување на санкциите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 99/2019)

[124] Extract from the 24th General report of the CPT, published in 2015 “Juveniles deprived of their liberty under criminal legislation”

[125] Ibid 124

[126] Стандардните минимални правила за постапување со затвореници (Правила на Мандела) https://undocs.org/A/RES/70/175

[127] Ibid 123

став 1, иако во став 2 ја дава можноста за групно сместување, но не поголемо од 5 деца и со обезбеден надзор.

Укажувањата на интервјуираните лица е дека можеби оваа пракса ќе се смени по сместување на децата од Воспитно-поправниот дом Тетово во новоизградениот објект во с. Волковија, кога и реално ќе се создадат услови за поголем и пособоодветен материјален простор. Сепак треба да се има предвид дека тој објект е пред се наменет како воспитно-поправен дом, а не затвор, па доколку се планира истиот да има двојна функција ќе мора со особено внимание да се пристапи кон тоа со цел обезбедување на соодветни услови од секаков аспект карактеристични за установите од двата вида, воспитно-поправната мерка и санкцијата затвор, но секако и подвојување на децата и нивно немешање. Од друга страна, земено предвид дека новоизградениот дел се наоѓа надвор од урбана средина, во планински дел чија достапност е отежната, па и ограничена, се поставува прашањето дали местоположбата ја остварува целта на установата, а тоа е воспитувањето, превоспитувањето и ресоцијализацијата или придонесува кон дополнителна стигматизација и отфрлање на децата кои и онака се на маргините на општественото живеење.

Понатаму, кога станува збор за хигиенските услови и санитарни јазли во затворот, информациите од последниот извештај на Народниот правобранител[128] упатуваат на пристојни услови, чисти простории со кревети и ормарчиња за чување лични работи, телевизори и големи прозорци од каде влегува доволно дневна светлина, со функционални тоалети, но оштетени и стари санитарии. На ваквата состојба упатува и Извештајот за состојбата и условите во казнено-поправните установи во Република Северна Македонија на Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија од септември 2019 година[129] кој меѓу другото известува и за постоење на влага, оштетени душеци и руинирани ѕидови во дел од собите, иако Извештајот забележува дека со помош на донации паркетот е целосно сменет и реновиран.

За скромната состојба во која се наоѓа затворската зграда говореше и испитаникот што беше интервјуиран за потребите на овој труд велејќи дека зградата е стара, истрошена и дека е потребна нејзина дислокација, но дека делумно е реновирана, со нов ламинат, а собите се реновирани и опремени со телевизори. За хигиената во затворот се грижат самите деца и таа активност е дел од нивните секојдневни рутини.  За потребата од уредни, чисти, исправни санитарни јазли говорат сите меѓународни и домашни стандарди, како и за

[128] Посебен извештај за констатираните состојби од повторната посета на Воспитно-поправниот дом Тетово (кој функционира во КПУ Затвор Охрид), (2019) Народен правобранител, Скопје http://ombudsman.mk/upload/Posebni%20izvestai/2019/Poseben%20izvestaj-VPD-2019.pdf

[129] Извештај за состојбата и условите во казнено-поправните установи во Република Северна Македонија (2019), Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија

непречен пристап до нив и нивно користење од страна на лицата лишени од слобода.

Што се однесува пак до гардеробата на осудените деца, препораките упатуваат на користење лична гардероба, што се потврдува и од спроведените интервјуа. Дополнително се поставува прашањето што со оние деца кои немаат услови за поседување лична гардероба, деца без родителска, односно старателска грижа, дали и на каков начин доаѓаат до гардероба соодветна за секое годишно време.

Оттука може само да се констатира дека и оваа хипотеза само ***делумно се потврдува*** од причина што се уште треба да се поработи на подобрување на материјалните услови во кои живеат децата лишени од слобода и упатени на издржување на казна затвор. Овде особено внимание треба да се посвети на сместувањето на децата, нивното соодветно згрижување од материјален аспект, хигиената, како и обезбедувањето на приватност. Да се надеваме дека ваквите состојби ќе бидат надминати со отворање на новоизградениот објект во с. Волковија иако забелешки за истиот се упатени на повеќе места во овој труд.

Кога станува збор пак за ***хипотезата која се однесува на условите за образование, физичко и рекреативно воспитување*** ќе кажеме дека прашањата за образование и здравствена грижа на децата се дел од повеќегодишните проблеми што Управата за извршување на санкциите ги има со Министерството за образование и наука и Министерството за здравство кои не одговараат соодветно на своите обврски произлезени со закон. Управата за извршување на санкциите се надева дека овој проблем ќе се надмине кога децата ќе бидат префрлени во новоиградениот дом во с. Волковија, но тука не треба да се изостави информацијата дека с. Волковија се наоѓа во планински, тешко пристапен дел. Во самото село локалните деца посетуваат настава по основно образование само до 10 годишна возраст, додека оние над 10 години се упатени во училиштето во с. Стенче. Оттука, кога не постои настава за децата кои живеат во ова село, тогаш како ќе се обезбеди наставен кадар по разни предмети предвидени со училишниот курикулум и нејзино редовно одржување за децата лишени од слобода? Да не заборавиме и на возраста на децата кои моментално се наоѓаат во Затворот за деца Охрид, каде некои се и по 20 години, како тие би се адаптирале на таквите услови, ресоцијализирале и во случај на неможност од доаѓање на професори во домот да бидат вклучени во редовното образование со децата од селото кога другиве се на возраст од 6 до 10 години?

Образованието и креативните, едукативни активности треба да бидат составен и неизбежен дел од животот на секое лице лишено од слобода, особено кога станува збор за децата. На задолжителното образование посочуваат сите меѓународни протоколи, но и домашното законодавство, пред

се Уставот на Република Северна Македонија во својот член 44 („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/91), додека Законот за извршување на санкциите[130] во членот 173 упатува на организација на образованието како дел од општиот систем на образование и воспитување во самата установа или во местото седиште на установата, а на предлог на Управата за извршување на санкциите, Министерството за образование и наука го организира и финансира образованието за лицата лишени од слобода. Поконкретно, кога станува збор за децата, членот 299 од истиот закон упатува на задолжително организирање на настава за основно и средно образование, а во зависност од можностите на установата, се организираат и други видови на стручно образование. Во прилог на сево ова од нормативен аспект оди и Законот за основното образование[131] кој во својот член 15, точка 2 јасно предвидува организација на основното образование во казнено-поправните и воспитно-поправните установи, додека во својот член 3 го гарантира правото на образование за секое дете, а со членот 5 забранува секаков вид на дискриминација.

Одговорните засега образованието на децата го препуштаат на меѓународните донатори во земјата, во рамки на УНДП програма за тековната 2019/20 година, а за претходната 2017/2018 година образовната програма била организирана од страна на Агенцијата за меѓународен развој на САД (УСАИД). Ваквиот начин на образование не е во согласност со погоре наведените обврски и норми предвидени со закон и меѓународните протоколи. Наставата треба да биде слична на онаа во редовното образование на заедницата, а по нејзино завршување децата треба да се стекнат со соодветни дипломи со цел продолжување на образованието по излегување од затвор. Само на ваков начин може да зборуваме за целисходна и продуктивна ресоцијализација бидејќи образованието е клучен елемент од истата.

Претставниците на Управата за извршување на санкции овој проблем го упатија на Министерството за образование и наука како незаинтересирано да ги реши образовните потреби на децата упатени на издржување на казна затвор. Доколку е тоа така, ова навистина претставува сериозен проблем и нешто што не треба да се случува во земја која се стреми кон подигање на правата на сите свои граѓани, па тука вклучително и на затворската популација. Децата затвореници се особено ранлива категорија на граѓани, па неисполнувањето на основниот и примарен сегмент од ресоцијализацијата, образованието, претставува сериозен хендикеп или пречка за нивна успешна рехабилитација и ресоцијализација. Без образование тие остануваат и понатаму без основната алатка за личен успех и можност за реинтеграција во општеството. Образованието претставува мошне значаен сегмент и има голем удел во она што еден поединец може да го понуди на пазарот на трудот, без

[130] Закон за извршување на санкциите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 99/2019)
[131] Закон за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/2019)

образование и стручна наобразба поранешните осуденици многу лесно може да се вратат онаму каде биле пред влегувањето во затвор од причина што оние „вештини“ заради кои завршиле во затвор ќе останат и понатаму единствените кои всушност ги поседуваат.

Токму од овие причини, загрижува инертноста или незаинтересираноста на Министерството за образование и наука да ги исполни своите законски обврски и да обезбеди редовно образование за децата лишени од слобода бидејќи на тој начин не само што се кршат законските норми, туку се лишуваат децата од едно од своите основни права, правото на образование, па де факто се дискриминираат, спротивно на член 5 од Законот за основното образование[132]. Образованието во местата за лишување од слобода нуди можност за продолжување на животот по излегување од затвор и вклучување во редовниот образовен систем, а со тоа и ресоцијализација во општеството и секако прекинување на ланецот на инркиминираност. Образованието би им дало можност на овие деца да се почувствуваат интегрирани и општокорисни.

Причините за ваквата состојба се посочуваат во Одлуката[133] на Владата на Република Македонија усвоена во 2005 година со која на општините и на општините во градот Скопје се пренесоа основачките права и обврски над постојните основни училишта, па со тоа во надлежност на оштините премина организацијата на основните училишта и наставата во истите што само по себе дополнително го усложни севкупниот процес и комуникација помеѓу надлежните. Министерството за образование и наука е надлежно за организација на наставната програма, додека општините се тие кои се надлежни за организација на училиштата и наставниот кадар.

Меѓу информациите добиени од спроведените интервјуа беше и податокот дека децата денот го започнуваат со креативни работилници, сепак повеќе информации во овој дел не се добија, а најновиот извештај на Народниот правобранител не ја потврдува ваквата информација, а ни одговорите добиени од Управата за извршување на санкции. Сепак, како што е укажано и претходно, секоја едукативна активност, дали во класична смисла на зборот како образование на ниво на основно или средно, или во смисла на работилници преку кои осудениците ќе се стекнат со одредени занаетчиски вештини и знаења е за поздравување и охрабрување бидејќи на тој начин вистински се спроведува процесот на ресоцијализација и рехабилитација на осуденикот и негово оспособување за самостоен живот на слобода.

Во прилог подолу преглед на вкупниот број осудени деца во периодот од 2014та до 2018та година[134], а следствено на тоа и бројноста на изречените

[132] Закон за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/2019)
[133] Одлука на Влада на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 51/2005)
[134] Трудот е завршен во јануари 2020 година, а статистичките податоци за 2019та година на Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија се уште не беа објавени.

затворски казни во една година. Земено предвид малата бројка на деца осудени на издржување казна затвор, што на некој начин би требало да го олесни севкупното менаџирање на нивните потреби особено во делот на превоспитувањето, едукацијата, рехабилитацијата и ресоцијализацијата, навистина не постои никакво издржано оправдување за состојбата во која се наоѓаат моментално овие деца, односно без соодветни третмани за ресоцијализација, како и постпенална рехабилитација, што дефинитивно ги сместува на маргините на општественото живеење и ги враќа назад во кругот на криминалот.

**Преглед на деца во судир со закон на возраст од 16 до 18 години осудени на казна затвор 2014-2018**[135]

| Година | Вкупно осудени деца | Изречена казна затвор | Затвор до 10 години | Затвор од 8 до 10 години | Затвор од 5 до 8 години | Затвор од 3 до 5 години | Затвор од 2 до 3 години | Затвор до 2 години |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2014 | 461 | 3 | | | | | | 3 |
| 2015 | 348 | 8 | | | | | 1 | 7 |
| 2016 | 468 | 4 | | 1 | | | | 3 |
| 2017 | 368 | 5 | | | 1 | 3 | | 1 |
| 2018 | 330 | 3 | | | 1 | | 1 | 1 |

Со оглед на гореизнесените констатации, може да заклучиме дека ***хипотезата која се однесува на образование, физичко и рекреативно воспитување на децата се потврдува само делумно*** бидејќи најважниот дел од неа, делот кој се однесува на образованието се спроведува на многу скромно, незадоволително ниво и не претставува доволно цврста основа за целосно потврдување на вака поставената хипотеза.

***Последнопоставената хипотеза на овој труд се однесува на соработката помеѓу надлежните институции.*** Фактот дека долж сиов овој текст во континуитет се провлекува соработката меѓу сите засегнати чинители, Управата за извршување на санкции, Затворот за деца Охрид, центрите за социјална работа, Министерството за здравство и Министерството за образование и наука, неспорно може да се заклучи дека соработката е на многу незавидно ниво, а некаде и непостоечка, пр. со Министерството за образование и наука. Понатаму, за потреба од подобра соработка упатуваат и Управата за извршување на санкции и Затворот за деца Охрид. На истата повикува и Меѓуопштинскиот центар за социјална работа кој соработката со Затворот за деца Охрид ја оцени како недоволна. Тука повторно да нагласам дека од исклучителна важност е центрите за социјална работа да бидат неизоставен и редовен дел од ресоцијализацијата на детето во текот на

[135] Државен завод за статистика на Република Северна Македонија (онлајн). Достапно на: http://www.stat.gov.mk/ (пристапено на 07.01.2020 година)

издржувањето на казната затвор, редовни посети со директно вклучување во процесот на креирање на индивидуалните планови за работа со осудениците, како и нивно редовно ревидирање, редовно информирање за напредокот и состојбата на осудениците и секако постпеналната грижа. Земено предвид сето овде изнесено, може само да констатираме дека оваа ***хипотеза не е потврдена***.

За крај од оваа анализа ќе се осврнам на уште неколку аспекти од условите и третманот што децата лишени од слобода и упатени на издржување на казна затвор го добиваат иако овие прашања не беа поставени во форма на хипотези.

Комуникацијата со надворешниот свет и создавањето свесност дека престојот во затворот е од времен карактер е особено важен на што осудените деца треба да бидат подготвувани од првиот момент кога ќе влезат во затвор. За ваквото правило беше укажано и во текот на интервјуто спроведено со претставникот од Затворот за деца Охрид. Средбите со родителите или со членови кои се сметаат за блиски и се дел од семејството се охрабруваат и поттикнуваат бидејќи на тој начин се одржува семејната блискост и му се дава поддршка на осуденото лице дека не е само. Стандардите на Комитетот за спречување на тортура одат чекор понатаму, па поттикнуваат и комуникација преку интернет со напомена дека истата не треба да биде замена за физичката комуникација помеѓу осуденото лице и семејството.

Дисциплинските мерки и санкции не предвидуваат физичко казнување ниту самица, а истите не треба ниту да бидат поврзани со забрана на осуденото дете да се сретне со своето семејство. Изолацијата на детето поради непримерно однесување треба да биде крајна мерка и во што покусо времетраење. Стандардите на Комитетот за спречување на тортура упатуваат дека самицата или изолацијата како санкција може да биде изречена како крајна мерка и во времетраење од најмногу три дена[136] во кој период на детето ќе му се даде социо-едукативна поддршка, како и соодветен третман. Детето кое е предмет на изолација воедно треба да биде под постојан надзор, особено лекарски како би се спречиле евентуални несакани последици по неговото физичко и ментално здравје. Каква било употреба на средства за присилба и врзување строго се забранува. Во прилог на ова ќе ја споменам и Изјавата од Истанбул за употребата и ефектите од упатувањето во самица[137] посочувајќи на сериозни и бројни последици по општото, но пред се психичко здравје на лицето лишено од слобода, а поради начинот на кој самицата се спроведува во голем број земји, се смета како форма на нехуман третман кон лице лишено од

[136]Extract from the 24th General report of the CPT, published in 2015 “Juveniles deprived of their liberty under criminal legislation” https://rm.coe.int/16806ccb96 (пристапено на 03/01/2020 година)

[137] Усвоена на 9 декември 2007 година во Истанбул на Меѓународниот симпозиум за психолошка траума. http://solitaryconfinement.org/uploads/Istanbul_expert_statement_on_sc.pdf (пристапено на 03/01/2020 година)

слобода. Токму поради последиците што ваквиот изолиран престој ги остава по личноста, како и поради недостатокот на спроведување воспитни активности во периодот на изолација, овој документ ја забранува самицата за деца под 18 години.

Во разговорот остварен со Затворот за деца Охрид беше кажано дека со стапување на сила на новиот Закон за извршување на санкциите[138] самицата повеќе не се користи, а ниту затворот поседува средства за присилба и физичко казнување на децата, додека пак за добро однесување се добива дополнителен отпуст што е за поздравување бидејќи на тој начин се охрабрува позитивното однесување и дисциплина кај детето лишено од слобода. Оваа информација беше потврдена и од страна на испитаниците од Управата за извршување на санкции, кои кажаа дека веднаш по објавата на Извештајот на Народниот правобранител за состојбата во воспитно-поправниот дом и казнено-поправниот дом[139], како и сомнежите за насилство врз децата со т.н бугарски палки, директорот на Управата лично има извршено инспекција и ги има одземено сите предмети кои може да послужат како средства за насилство врз децата. Ова истовремено е во согласност и со упатствата на Европскиот комитет за спречување на тортура и друг вид нечовечко и деградирачко постапување или казнување кои забрануваат секаков вид на физичко казнување и лошо постапување, тука вклучувајќи го и „воспитувањето со удирање шлаканица“.

Кога станува збор за правата на децата во затвор и нивното поучување за поднесување жалба, беше објаснето дека Куќниот ред на затворот е закачен на видно место и дека децата имаат информација по однос на неговата содржина. За сево ова говори и Извештајот на Народниот правобранител, објаснувајќи дека децата се запознаени со начинот на кој може да ги заштитат своите права и да поднесат жалба, но за жал досега ниедно од нив го нема искористено тоа право[140].

Анализата на обработените податоци ќе ја завршам со констатација дека иако законодавно земјата се движи на добар пат, во добар дел инкорпорирајќи ги меѓународните стандарди во домашните протоколи за постапување, сепак останува уште многу работа за нивна соодветна имплементација во пракса. Тука не треба да се заборави дека вложувањето и работењето со децата во судир со закон, предмет на овој труд кои се на маргините на општеството, треба и мора да продолжи бидејќи само преку работа со нив ќе успееме да

[138] Закон за извршување на санкциите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 99/2019)

[139] Посебен извештај за констатираните состојби од повторната посета на Воспитно-поправниот дом Тетово (кој функционира во КПУ Затвор Охрид), (2019) Народен правобранител, Скопје http://ombudsman.mk/upload/Posebni%20izvestai/2019/Poseben%20izvestaj-VPD-2019.pdf

[140] Ibid 139

постигнеме позитивни промени кај нив, а со тоа да придонесеме кон градење посигурна иднина за нив.

## 4. ЗАКЛУЧОЦИ

Кадровска поставеност:

- Недоволна застапеност на професионален кадар согласно домашните и меѓународни стандарди: педагози, социјални работници, воспитувачи, инструктори и друг кадар соодветен за работа и третман со деца лишени од слобода и упатени на издржување на казна затвор;
- Недостаток од соработка со релевантните чинители во системот на ресоцијализација, грижа и третман на децата упатени на издржување на казна затвор. Тука пред се соработка со центрите за социјална заштита, Министерството за образование и наука и Министерството за здравство;
- Потреба од измени и дополнување на одредени законски решенија кои се однесуваат на спроведувањето на детето во затвор, рано отпочнување на процесот на ресоцијализација (пред негова призонизација), како и надминување на оние законски решенија кои досега се констатирани како нецелисходни (образование и здравствена заштита).

План за работа и третман:

- Недоволна вклученост на детето во креирање на индивидуалниот план за помош и неревидирање на истиот;
- Недостаток на соодветни третмани за ресоцијализација во Затворот за деца Охрид;
- Недостаток или непостоење на работилници и друг вид креативни активности за развивање на вештини и поучување на децата упатени на издржување на казна затвор;
- Непостоење на редовни психолошки и бихејвиорални советувања и активности со цел подобрување на менталното здравје на децата и надминување на ризик факторите кои придонеле кон нивна криминализација;
- Непостоење на соодветни постпенални програми за помош и поддршка на детето по излегување од затвор и лимитирано учество на надлежните центри за социјална работа во периодот на адаптација по излегување во затвор.

Материјални услови:

- Несоодветна локација на Затворот за деца Охрид и непостоење на приемно одделение во истиот во кое се врши опсервација на детето со цел поставување соодветен индивидуален план за помош и поддршка на истото;

- На иста локација се сместени децата на кои им е изречена воспитна мерка и оние со изречена санкција. Исто обезбедување ги обезбедува и едните и другите, а со истите деца работи ист кадар;
- Непостоење на индивидуално сместување на децата согласно меѓународните стандарди, особено за ноќен престој на деца.

Образование и наука:

- Непостоење редовен образовен процес за децата упатени на издржување на казна затвор, а со тоа неиздавање на соодветни дипломи, односно свидетелства за продолжување на образовниот процес по излегување од затвор;
- Непостоење на занаети и други стручни активности со кои би се оспособиле децата со алатки за идно занимање по излегување од затвор.

Здравствена заштита:

- Непостоење на соодветно опремена амбуланта и медицински кадар во установата Затвор за деца Охрид;
- Непостоење на редовен психијатриски преглед, односно грижа за менталното здравје на детето, а следствено на состојбата и редовна терапија под строго контролиран надзор од стручно лице.

## 4. ПРЕПОРАКИ

Согласно горенаведеното овој труд го препорачува следното:

Кадровска поставеност:

- Доекипирање на вработените во Затворот за деца Охрид со профили неопходни за работа со деца лишени од слобода, педагози, социјални работници, воспитувачи и друг наставен кадар неопходен за спроведување на програми за рехабилитација, едукација и ресоцијализација, член 151 од Законот за извршување на санкциите[141], како и Прописите на Обединетите Нации за заштита на малолетниците лишени од слобода (Хавански прописи), А/РЕЗ/113 од 14 декември 1990 година кои во делот М, „Персонал", упатуваат на квалификуван кадар и доволен број на специјалисти од областа на наставници, кадар за стручна обука, советници, социјални работници, психијатри и психолози;
- Поттикнување поблиска соработка со Министерството за здравство под чија надлежност е здравствената заштита во затворите, со цел вработување на лекари и друг помошен медицински кадар во истите под чија надлежност ќе биде спроведувањето на терапијата. Мотивирање и стимулирање на тукушто дипломираните лекари со доделување субвенции/стипендии за специјализација по поминат одреден период на работа во установите за лишување од слобода и сл;
- Поттикнување соработка со останатите чинители во системот на ресоцијализација, третман и помош на деца упатени на издржување на казна затвор, а пред се со центрите за социјална работа и Министерството за образование и наука.

План за работа и третман:

- Правото на третман е предвидено со неколку членови од Законот за извршување на санкциите[142] и тоа во членот 163 по однос на правото на учество во редовни или специфични програми, член 178 по однос на правото на учество во медицинско-психолошки третман заради решавање на личните и заеднични потреби на осудените лица, како и член 296 преку третманот што се спроведува спрема децата според стручно изготвена програма да се охрабри и да му се помогне на детето кај него да се поттикнат позитивни особини и развој на личноста. Оттука се јавува потребата на добро поставени третмански активности, базирани на претходно спроведена сеопфатна опсервација кои ќе опфатат индивидуална, но и групна работа. Секое дете треба да има Индивидуален план за помош со јасно предвидени активности и временска

[141] Закон за извршување на санкциите („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 99/2019)
[142] Ibid 141

рамка за нивно спроведување. При креирање на ваквите Индивидуални планови треба да се земе предвид мислењето и желбите, односно приоритетите на засегнатото дете;

- Следење на напредокот на децата и редовно ревидирање на Индивидуалните планови за помош;
- Овозможување на редовни психолошки советувања и помош на децата со цел надминување на проблемите кои ги имаат од претходни искуства во животот, надминување на ризик состојбите, како и јакнење на нивните лични капацитети за справување со предизвици од секаков вид;
- Воведување на програми за промена на однесувањето (бихејвиорални програми), како и рекреативни и спортски активности;
- Работа со децата со цел нивно поучување да развијат вештини за подобро решавање на социјалните проблеми, развивање на способности за справување со гневот, лутината и фрустрацијата;
- Постпенални третмани за помош, групи за поддршка, терапевтски сесии со психолози, работни ангажмани и сл;
- Активна улога на центрите за социјална работа во постпеналниот период, односно давање директна и индиректна помош на поранешниот осуденик преку негово поврзување со организации и групи кои може да му помогнат во процесот на реинтеграција во заедницата;
- Строг надзор по однос на издвојувањето на детето во посебни соби за деца[143] при потешки повреди на редот и дисциплината со цел избегнување на каква било замена на доскорешната самица со друг вид изолација под поинаков назив. Во случај на изрекување ваква дисциплинска мерка, истата да биде во што пократко времетраење, со уредна документација во делот на причините за нејзино изрекување, а во текот на издвојувањето да се овозможи активна работа со детето од страна на стручен тим со цел корегирање на несоодветното однесување.

Материјални услови:

- Издвојување на Воспитно-поправниот дом Тетово од Затворот за деца Охрид и што поскоро сместување на штитениците од домот во новоизградениот објект во с. Волковија;
- Дислокација на Затворот за деца Охрид од моменталната локација и негово сместување во објект кој ги задоволува потребите за таа намена, физички реновиран, со пристојни услови за сместување на деца лишени од слобода во согласност со рехабилитациската цел на таквиот вид на установа, обезбедување на приватност, сензорен стимул, можност за дружење со врсници и учество во рекреативни и слободни активности, додека мерките за безбедност да бидат минимални. Ваквата препорака е целосно во согласност со Прописите на Обединетите Нации за заштита на малолетниците лишени од

[143] Закон за извршување на санкциите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 99/2019)

слобода (Хавански прописи), А/РЕЗ/113 од 14 декември 1990 година, глава 4, дел В „Поделба и сместување“, член 30, како и со член 156, 157 и 292 од Законот за извршување на санкциите[144];

- Во случај на дислокација на Затворот за деца Охрид во новоизградениот објект во с. Волковија, да се обезбеди целосно раздвојување помеѓу децата од Воспитно-поправниот дом Тетово и оние од Затворот. Какво било мешање на овие две групи деца е недозволиво и спротивно на Законот за правда за децата[145] каде е наведено јасно разграничување помеѓу воспитните мерки и казните, односно санкциите како и причините и условите под кои истите се изрекуваат, но и нивното извршување. Сепак, иако подготовките за пуштање во употреба на овој објект се во завршна фаза, треба уште еднаш добро да се размисли дали локацијата е онаа вистинската и најсоодветна за целта што ќе се остварува во неа или можеби истата може несакајќи да придонесе кон дополнителна стигматизација и двојно казнување на децата сместени во оваа установа;
- Формирање на приемно одделение со цел опсервација и проценка на состојбата на детето од каде ќе произлезат и упатствата и смерниците за работа со детето во текот на неговото издржување на казна затвор, согласно член 36 од Законот за извршување на санкциите[146];
- Просториите за сместување и ноќен престој на децата да бидат индивидуални со цел обезбедување приватност и спречување на какво било насилство или друг вид злоупотреба на децата, согласно Прописите на Обединетите Нации за заштита на малолетниците лишени од слобода (Хавански прописи), А/РЕЗ/113 од 14 декември 1990 година, глава 4, дел В „Поделба и сместување“, член 33 и член 297 од Законот за извршување на санкциите[147];
- Заради заштита на најдобриот интерес на детето и намалување на трауматското искуство од издржување на казната затвор, а со цел рано отпочнување на процесот на ресоцијализација, измена и дополнување на постоечките законски решенија со што ќе се воведе посебна постапка за спроведување на дете во затвор и во чиј спровод задолжително ќе биде вклучен претставник од надлежниот центар за социјална работа. Истовремено вклучување на центрите за социјална работа во периодот пред одење во затвор заради ментална, односно психичка подготовка на детето како иницијален дел од неговата ресоцијалација.

[144] Закон за изврување на санкциите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 99/2019)
[145] Закон за правда за децата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 148/2013)
[146] Ibid 144
[147] Ibid 144

Образование и едукација:

- Обезбедување редовно образование согласно личните, индивидуални потреби на секое дете со цел негово воспитување, превоспитување, едукација и рехабилитација, а со тоа и успешна ресоцијализација. Образованието е клучен сегмент во севкупната рехабилитација на детето во судир со закон и предвидено со Прописите на Обединетите Нации за заштита на малолетниците лишени од слобода (Хавански прописи), А/РЕЗ/113 од 14 декември 1990 година, Законот за правда за децата [148] и Законот за извршување на санкциите[149], како и со Упатствата на Европскиот комитет за спречување на тортура и друг вид нехумано и деградирачко постапување или казнување;
- Обезбедување стручни и други креативни активности (изучување занаети или друг вид вештини) со цел јакнење на капацитетите на децата лишени од слобода за стекнување знаења и вештини во разни занаети заради нивно оспособување за самостоен живот на слобода, согласно Прописите на Обединетите Нации за заштита на малолетниците лишени од слобода (Хавански прописи), А/РЕЗ/113 од 14 декември 1990 година, дел Д. „Образование, стручно оспособување и работа“, како и согласно член 29, 175 и 299 од Законот за извршување на санкциите[150];
- Формирање на работни групи составени од претставници на Министерството за образование и наука, Министерството за правда-Управа за извршување на санкциите и надлежните општини со цел договарање акциски план за организација и спроведување на редовно образование за децата лишени од слобода. Иако досега во рамки на повеќе проекти вакви и слични активности биле иницирани, пр. Националната стратегија за развој на пенитенцијарниот систем (2015-2019) поддржана од Европската Унија и Советот на Европа[151] во своите стратешки цели 5 и 9 има предвидено стручно образование за децата со проценка на потреби со цел стекнување вештини и квалификации, обезбедување простории за изведување на ваквите програми и неопходна опрема, но и обука на обучувачи, за жал малку или ништо од сево ова не е направено. Оттука, се охрабруваат засегнатите страни да почнат со спроведување на едукативни програми бидејќи само преку едукација и поучување на општествено корисни вештини, може да им се помогне на овие млади луѓе да се вратат на правиот пат во животот заради нивно активно вклучување во заедницата како општествено полезни чинители.

[148] Закон за правда за децата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 148/2013)
[149] Закон за изврување на санкциите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 99/2019)
[150] Ibid 149
[151] Национална стратегија за развој на пенитенцијарниот систем (2015-2019), (2014), проект на Советот на Европа: Јакнење на капацитетите на органите за спроведување на законот за соодветно постапување со задржани и осудени лица, финансиски поддржан од Европската Унија

- Издавање на валидни дипломи за завршено образовно ниво со цел овозможување на понатамошно образование по излегување од затвор. Досега се направени неколку обиди за одржување настава преку донации и тоа само по одредени предмети. Организацијата и спроведувањето на образовниот курикулум треба да одговара на оној во организација на Министерството за образование и наука, а по негово редовно спроведување да се издаваат дипломи исти на оние издадени од секое редовно училиште во државата. Образованието за децата лишени од слобода не треба да биде во рацете на донаторите, туку на државата како дел од редовниот систем за рехабилитација и ресоцијализација на оваа група лица лишени од слобода.

Здравствена заштита:

- Редовен медицински преглед на секое дете во првите 24 часа при прием на детето во установата за лишување од слобода со цел утврдување на неговата психофизичка состојба, но и овозможување редовни прегледи и медицински надзор во текот на издржувањето на казната затвор. Медицинската грижа треба да го опфати секундарното и терцијално ниво на здравствена заштита. За потребите од медицинска проценка на општата состојба на детето и неговите потреби говорат и Прописите на Обединетите Нации за заштита на малолетниците лишени од слобода (Хавански прописи), A/РЕЗ/113 од 14 декември 1990 година во својот дел Ж. „Медицинска грижа“, како и Законот за извршување на санкциите[152] во своите членови, глава 10, точка 8 и сите членови предвидени во тој дел, како и со член 302 од глава 25 по однос на извршувањето на кривични санкции кон деца;
- Спроведување на редовен стоматолошки, а по потреба (кога станува збор за женски осуденици), гинеколошки прегледи;
- Одржување на менталното здравје на оваа категорија осуденици е од особено значење земено предвид големиот број ризик фактори под чие влијание добар дел од овие деца растеле и се развивале. На ова ќе ги надоврзиме и разните зависности развиени кај дел од нив, кои треба да се лечат и надминат. Оттука се јавува потребата од редовна психијатриска проценка и третман, а за да се постигне успех потребно е редовен преглед од страна на психијатар, оспособен за работа со деца кои имаат проблеми во однесувањето. Истовремено се укажува дека во случај на препишување медикаментнозна терапија истата да соодветствува на возраста и состојбата на детето и да се дава од страна на стручно лице и под строг надзор.

[152] Закон за изврување на санкциите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 99/2019)

**Библиографија**


1. Abadinsky, H. (1987), Crime and Justice-An Introduction. Chicago:Nelson-Hall Publisher

2. Albert R. Roberts (2004), Juvenile Justice Sourcebook, Past, Present and Future, Oxford, University Press

3. Арнаудовски, Љ. (1972), Повоениот малолетнички криминалитет во Македонија, Институт за социолошки и политичко-правни истражувања, Скопје

4. Арнаудовски, Љ. (1988), Пенологија, Наука за извршување на кривичните санкции, Универзитет „Кирил и Методиј“ – Скопје, Правен факултет – Скопје

5. Арнаудовски, Љ. (2007), Криминологија, Скопје

6. Atanacković, D. (1988), Penologija. Beograd: Naućna knjiga

7. Baćić, F. (1982), Krivićno pravo. Zagreb: Pravni fakultet

8. Bašić, J; koller-Trbović, N.; Uzelac, S. (2004), Poremećaji u ponašanju I rizična ponašanja: pristupi I pojmovna određenja, Zagreb, Edukacijsko-rehabilitacijski fakultet, Sveučilište u Zagrebu

9. Becker, S. H. (1963), Outsiders: Studies in the Sociology of Deviance. New York:Free Press

10. Beccaria, C. (1984), O zloćinima i kaznama. Split:Logos

11. Бужаровска-Лажетиќ, Г. Нанев, Л. Кошевалиска, О. (2012), Медијација во системот на малолетничка правда. Кавадарци:Даскал Камче

12. Бужаровска-Лажетиќ, Г. Нанев, Л. Кошевалиска, О. (2012), Меѓународни документи за спроведување на малолетничката правда. Кавадарци:Даскал Камче

13. Buljubašić, S (2005), Maloljetnička delikvencija-Sarajevo: Arka Press

14. Handbook on European law relating to the rights of child, European Agency for Fundamental Rights (FRA) and Council of Europe, 2015

15. Gassin, R. (1990), Criminologie. Paris:Precis Dallos - Cedex

16. Годишен извештај за 2017 година (2017), Национален превентивен механизам-Народен правобранител на Република Македонија, Скопје

17. Годишен извештај на Народен правобранител-Национален превентивен механизам за 2017 година (2018), Народен правобранител на Република Македонија, Скопје

18. Димитријоска, С. (2012), Социјална работа со малолетници сторители на кривични дела, Филозофски факултет, Скопје

19. Државен завод за статистика на Република Северна Македонија http://www.stat.gov.mk/

20. Европска конвенција за заштита на човековите права и основни слободи, Рим, 04 ноември 1950 година

21. Extract from the 24th General report of the CPT, published in 2015 "Juveniles deprived of their liberty under criminal legislation"

22. Žunić-Pavlović, V.; Kovačević-Lepojević, M. (2010), Prevencija I tretman poremećaja ponašanja, Beograd, Fakultet za specijalnu edukaciju I rehabilitaciju

23. Закон за извршување на санкциите („Службен весник на Република Македонија" бр. 02/2006, бр. 57/2010, 170/2013, 43/2014, 166/2014, 33/2015, 98/2015, 99/2019)

24. Закон за кривичната постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.150/2010, 100/2012, 142/2016, 198/20180)

25. Закон о малолетним учиниоцима кривичних дела и кривично правној заштити малолетних лица - Службени гласник РС, бр. 85/2005 www.paragraf.rs

26. Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 161/2019)

27. Закон за правда за децата („Службен весник на Република Македонија" бр. 148/2013)

28. Zakon o zaštiti I postupanju sa djecom imaloljetnicima u krivičnpm postupku FBIH-Službene novine FBiH br. 7/14 (29.01.2014) https://www.bih-pravo.org/zakon-zastiti-postupanju-djecom-maloljetnicima-krivicnom-postupku-fbih-t552.html

29. Zakon o postupanju prema maloljetnicima u krivičnom postupku-Službeni list CG, br. 64/2011 od 29.12.2011 www.pravda.gov.me

30. Zakonik pravde o maloletnicima-Republika Kosovo-Zakonik br. 03/L-193-08.07.2010-http://www.kuvendikosoves.org/common/docs/ligjet/2010-193-ser.pdf

31. Zakon o sudovima za mladež-NN 84/11, 143/12, 148/13, 56/15-na snazi od 30.05.2015 www.zakon.hr

32. Ignjatović, Đ. (1992), Kriminologija. Beograd:Nomos

33. Извештај за состојбата и условите во казнено-поправните установи во Република Северна Македонија (2019), Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија

34. Камбовски, В. (2005), Правда и внатрешни работи, Скопје

35. Камбовски, В. (2006) Теоретски основи на новиот законски модел на малолетничка правда, Македонска ревија за казнено право и криминологија

36. Камбовски, В. Велкова, Т. (2008), Малолетничка правда, Скопје

37. Киткањ, З. (2013), Престапничко однесување кај малолетни лица, Филозофски факултет, Скопје

38. Конвенција на ООН за правата на децата, А/РЕЗ/44/25 од 12 декември 1989 година

39. Code of Criminal Justice of Children-No 37/2017, Republic of Albania, Parliament-https://www.euralius.eu/index.php/en/library/albanian-legislation/send/109-criminal-code-for-children/120-criminal-code-for-children-en

40. Cristiansen, K.O. (1963), Industrijalizacija u odnosu na zlocin i mladalaćku delikvenciju. Zagreb: Izbor

41. Лажетиќ-Бужаровска, Г. Нанев, Л. Кошевалиска, О. (2015), Кривично постапување спрема деца во ризик и во судир со законот, Правен факултет „Јустинијан Први“- Скопје

42. Milutinović, M. (1976), Kriminologija-sa osnovima kriminalne politike i penologija. Beograd: Savremena administracija

43. Мирчева, С, (2007), За полициските овластувања во системот на малолетничката правда, Универзитет „Св. Климент Охридски“, Битола, Полициска академија – Скопје

44. Нанев, Л. (2003), Положбата на малолетникот во кривичната постапка, Кавадарци: Совет за превентива против малолетничка деликвенција

45. Нанев, Л. Кошевалиска, О. (2018), Малолетничко казнено право, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип

46. Национална стратегија за развој на пенитенцијарниот систем (2015-2019), (2014), проект на Советот на Европа: Јакнење на капацитетите на органите за спроведување на законот за соодветно постапување со задржани и осудени лица, финансиски поддржан од Европската Унија

47. Osvrt (1971), Etiologija maloletničkog prestupništva - Zbornik članaka - Savez društva defektologa Yugoslavije, Beograd

48. Одлука за пренесување на основачките права и обврски над постојните основни училишта, на општините и на општините на градот Скопје и пренесување на правото на сопственост на објекти („Службен весник на Република Македонија“ бр. 51/2005)

49. Посебен извештај за условите за извршување на воспитно-поправната мерка упатување во Воспитно-поправен дом и степенот на остварување на правата на децата (кој во моментот функционира во КПУ Затвор Охрид) (2016), Народен правобранител на Република Македонија, Скопје

50. Посебен извештај за констатираните состојби од повторната посета на ВПД Тетово (кој функционира во Затвор Охрид), (2019), Народен правобранител, Скопје

51. Правилникот за распоредување, класификација и разместување на осудените лица во казнено-поправните установи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 173/2011).

52. Правилникот за начинот на вршење на полициските работи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 149/2007, 110/2011, 117/2014, 14/2017, 49/2017, 203/2018)

53. Прирачник за полициско постапување, (2009), Скопје

54. Прирачик за употреба на инструментот за проценка на ризик и потреби на осудени лица во казнено-поправните установи, (2011), Министерство за правда на Република Македонија, Скопје

55. Прописи на ОН за заштита на малолетниците лишени од слобода (Хавански прописи), А/РЕЗ/113 од 14 декември 1990 година

https://www.unodc.org/pdf/criminal_justice/United_Nations_Rules_for_the_Protection_of_Juveniles_Deprived_of_their_Liberty.pdf

56. Report to the Government of “the former Yugoslav Republic of Macedonia” on the visit to “the former Yugoslav Republic of Macedonia” carried out by the European Committee for the Prevention of Torture and Inhuman, Degrading Treatment or Punishment (CPT) from 6 to 9 December 2016

57. Sins, Barbara & Preston, Pamela (2006), Handbook of Juvenile Justice: Theory and Practice, Taylor & Francis Group, LLC

58. Singer, M. Mikšaj-Todorović, Lj. (1989), Delikvencija mladih, Fakultet za defektologiju sveučilišta u Zagreb, Globus, Zagreb

59. Сламков, Ѓ. (2009), Казнено право-општ дел, Европски универзитет-Република Македонија, Скопје

60. Сторители на кривични дела во 2017 година, Државен завод за статистика на Република Македонија, Скопје, јуни 2018 година

61. Стандардни минимални правила на Обединетите Нации за постапување со затвореници (1955) https://www.unodc.org/pdf/criminal_justice/UN_Standard_Minimum_Rules_for_the_Treatment_of_Prisoners.pdf

62. Стандардни минимални правила на ООН за спроведување на малолетничка правда (Пекиншки правила), A/PE3/40/33 од 29 ноември 1985 година

63. Стандардните минимални правила за постапување со затвореници (Правила на Нелсон Мандела) https://undocs.org/A/RES/70/175

64. Стефановска, В. Бачановиќ, О. Батиќ, Д. Пеовска, Н. Маргинализацијата и девијантноста на младите во судир со законот вовоспитно-поправните и казнено-поправните домови (научно-истражувачки извештај), (2019), Универзитет Св. Климент Охридски –Битола, Факултет за безбедност – Скопје, Скопје

65. Стратегија за ресоцијализација и социјална адаптација на осудени лица кои издржуваат казна затвор 2010-2012, Министерство за правда на Република Македонија, Скопје, 2010 година

66. Сулејманов, З. (2000), Македонска криминологија. Скопје: Графохартија

67. Сулејманов, З. Стојаноски, Н. (2002), Социјална патологија, Скопје: Југореклам

68. Subcommitte on Prevention of Torture and Other Cruel, Inhuman or Degrading Treatment or Punishment, Visit to the former Yugoslav Republic ofMacedonia, undertaken from 23 to 29 April 2017:observations and recommendations addressed to the State party

69. The Istanbul statement on the use and effects of solitary confinement, adopted on 9 December 2007 at the International Psychological Trauma Symposium, Istanbul

http://solitaryconfinement.org/uploads/Istanbul_expert_statement_on_sc.pdf

70. Trotti, T. and Justice Planners International LLC (JPI), Project Guide: Best Practices – In – Custody Programs for Juveniles and Adults, NAATAP, Native American and Alaskan Assistance Project

71. Упатства на ООН за спречување на малолетничка деликвенција (Ријадски упатства), А/РЕЗ/45/112 од 14 декември 1990 година

72. Упатства ОН за постапување со деца во рамки на кривично-правнио систем (Виенски упатства) – 21/07/1997

https://www.unodc.org/pdf/criminal_justice/Guidelines_for_Action_on_Children_in_the_Criminal_Justice_System.pdf

73. Упатството за определување на видовите и начините на третман на осудените лица („Службен весник на Република Македонија“ бр. 173/2011)

74. Šeparović, Z. Kriminologija i socijalna patologija. Zagreb: Pravni fakultet

75. Underwood, L. A. Sandor von Dresner, K. Phillips, A. L. (2006) Community Treatment Programs for Juveniles: A Best-Evidence Summary, International Journal of Behavioral Constitution and Therapy, Volume 2, No. 2

76. Устав на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.52/91)

77. United Nations Treaty Collections

https://treaties.un.org/pages/ViewDetails.aspx?src=TREATY&mtdsg_no=IV-11&chapter=4&lang=en

**Прилог 1**

**<u>Прашалник за интервјуирање вработени во Затворот за деца Охрид</u>**

**I Кадровска екипираност на Затворот за деца Охрид и услови за работа**

1. Со каков правен акт е уредена внатрешната систематизација на работните места?
2. Колку лица работат во затворот и која е стручната подготовка на вработените?
3. Дали бројот на вработени ги задоволува потребите за нормално одвивање на секојдневните активности, а пред се за реализација на основната цел на затворот за деца, ресоцијализација и реинтеграција на децата по излегување од затвор?
4. Дали се спроведуваат здравствени (систематски) прегледи на вработените?
5. Дали имате психолошки проценки или т.н дибрифинзи? Дали го чувствувате т.н. „Burn-out“ ефект?
6. Дали во последните 5 години сте посетувале обуки? Доколку да, од кого се организирани и на кои теми?
7. Дали во последните 5 години сте биле на некакво студиско патување? Доколку да, каде и во чија организација?
8. Дали во затворот има лекар? Медицинска сестра?
9. Какво обезбедување имате?Физичко (цивилно), униформирано?
10. Дали во затворот има вграден аларм?
11. Дали сметате дека материјалните услови во затворот се на задоволително ниво?
12. Што би смениле?
13. Дали како установа за лишување од слобода на деца имате потреба од каква било помош? (стручна, материјална, едукативна (обуки, студиски патувања), финансиска)
14. Што сметате дека треба да се смени за условите да станат подобри, како за вас како вработени, така и за децата кои ја издржуваат казната затвор?

**II Административни подготовки за прием на дете во затвор**

1. Со каква документација располагате при прием на ново дете-осуденик во затвор? Што истата содржи?

2. Од каде ја добивате документацијата?

3. Дали заедно со неа добивате стручен наод за состојбата на детето од аспект на физичка, ментална и општа здравствена состојба?

4. Во случај на недостиг на одредени списи/документи/извештаи, дали истите ги барате да ви бидат дополнително дадени и доколку да, кој е рокот во кој истите ги добивате?

5. Што се случува кога и покрај испратеното барање за дополнителна документација, не ја добивате истата?

**III Услови за престој на дете во затвор**

1. Колкав е просторот во кој се сместени децата?

2. Колку деца се сместуваат во една соба?

3. Дали храната што се дава во затворот е согласно нутритивните вредности пропишани со закон и дали се изготвува неделно мени?

4. Каде се приготвува храната? Дали децата учествуваат во процесот на приготвување?

5. Дали децата имаат приватност и на кој начин приватноста е обезбедена од страна на затворот?

6. Дали децата имаат слободно време и на кој начин истото е организирано?

7. Дали децата учествуваат во одредени спротски, рекреативни активности?

8. Колку време во денот поминуваат надвор?

9. Кога временските услови не дозволуваат престој на отворено, каде децата го минуваат слободното време?

10. Каков вид третмани спроведувате? Колку често се организираат? Кој го сочинува тимот за работа со детето?

11. Дали во затворот се одржува настава и како е истата организирана? По кои предмети? Се издаваат ли уверенија/потврди/сертификати? Кој ги издава ваквите уверенија/потврди/сертификати?

12. На кој начин децата се информираат за случувањата во надворешниот свет? Интернет, списанија, весници?

13. Дали децата имаат здравствена заштита?

14. Во случај на итна медицинска нега, кој истата ја дава? Каде му се укажува на детето прва помош? Дали ги известувате родителите/старателите и во која форма?

15. Во случај детето само да побара медицинска помош, во која форма истата ја бара (усна/писмена)? Кој ја одобрува односно врши проценка дека таквата помош е навистина потребна?

16. Во случај на користење терапија поради хронична состојба, кој во затворот истата ја дели?

17. Дали изготвувате извештаи за напредокот на детето и кому ги доставувате? Каде ги чувате? Дали ги ревидирате и доколку да, на кој временски период? Дали правите ад хок извештаи за детето и во кои ситуации?

18. Дали го известувате судот за напредокот на детето? Каква е соработката со судот?

19. Дали го известувате надлежниот центар за социјална работа? Каква е соработката со центрите за социјална работа?

20. Во случај на непримерно однесување од страна на детето, на кој начин се справувате со истото? Дали користите средства за присилба? Казна? Самица?

21. Во случај на изолација на детето, каде го изолирате и дали некој работи со него во периодот на изолација?

22. За колкаво времетраење го изолирате детето?

23. Што правите по изолацијата на детето?

24. Како ги решавате конфликтите меѓу децата?

25. Дали децата примаат посети од страна на своите најблиски?

26. Дали децата користат отпуст?

27. Како ги подготвувате децата за живот на слобода?

28. Во случај на преминување на дете од затвор за деца во затвор за возрасни, како го подготвувате детето?

29. Го известувате ли надлежниот центар за социјална работа за пуштањето на детето на слобода и во кој временски рок пред отпуштање на детето? Во која форма е известувањето и што истото содржи? Дали во него давате насоки за работа со детето по излегување од затвор?

30. Дали пред напуштање на затворот детето се прегледува од страна на здравствено лице и му се прави психолошка проценка на неговата ментална состојба?

**IV Прием на дете во затвор**

1. Кој го носи детето во затвор?

2. Дали се врши класификација и категоризација на детето и на кој начин?

3. Дали се врши физички и медицински преглед?

4. Дали се врши проценка на психолошката состојба на детето (интелектуални капацитети), како и проценка на неговото образовно ниво?

5. Дали се отвора посебно досие за детето и што истото содржи?

6. Каде се чува досието и кој се има пристап до него?

7. Дали се изготвува Индивидуален план за помош за детето?

8. Дали се ревидира ваквиот план и доколку да, на колкав временски период?

9. Дали го информирате детето за куќниот ред на затворот, и доколку да во каква форма, усна/писмена?

10. Дали обезбедувате преведувач во случај детето да не го зборува македонскиот јазик?

11. Дали го информирате детето, односно дали го поучувате за неговите права, каде може да поднесе жалба, кому, на кој начин?

12. Дали му давате гардероба или самото си носи од дома?

13. Каде се сместува детето по неговиот прием во затвор?

14. Колку време трае ваквата проценка?

**V Законодавен дел**

1.Дали националното законодавство треба дополнително да се уреди во одредени области по однос на постапувањето со деца упатени на издржување на казна затвор?

Да не

Доколку да во кој дел (во кои области), на кој начин.................................................................

2.Според вас, дали пропишаните одредби се спроведуваат во пракса?

Да не

Доколку не, во кој дел и поради што не се спроведуваат..............................

3.Дали имате соработка со локалната заедница и доколу да на кој начин?

**Прилог 2**

**<u>Прашалник за интервјуирање вработени во Управата за извршување на санкции</u>**

1. Би сакала накратко да ме информирате околу реформите што се спроведуваат во пенетенцијарниот систем, со посебен фокус на децата упатени на издржување на казна затвор?
2. Националната стратегија 2015-2019 имаше за цел сеопфатни реформи во пенетенцијарниот систем, како ќе го оцените спроведувањето на реформите досега, земено предвид дека стратегијата е веќе во својата завршна фаза? Дали се подготвува нова стратегија за наредните пет години? Доколку да, на што ќе биде ставен главниот фокус?
3. Ве молам за повеќе информации во делот на децата упатени во Затвор за деца Охрид. Стратегијата има посебна стратешка цел која ги опфаќа третманите за децата, образованието, обуки за обучувачи кои би биле оспособени за работа со овие деца, соработка со надворешни организации во делот на образованието на децата, програми за основни животни вештини?
4. Какви се резултатите од спроведување на YOU TURN/EQUIP програмата?
5. Може ли да ми кажете нешто повеќе за здравствената заштита на децата?
6. Дали во моментов се спроведува образование за децата?
7. Каков вид третмани се спроведуваат со децата? На што особено се посветува внимание?
8. Се користи ли уште самицата? Новиот Закон за извршување на санкциите повеќе не предвидува самица, а тоа е воедно и препораката на Европскиот комитет за превенција од тортура (СПТ).
9. Во одредени извештаи на Народниот правобранител имаше констатации за тортура или деградирачки однос од страна на вработените кон децата, дали е тоа се уште случај? На кој начин децата се штитат од таквиот однос?
10. Што Управата за извршување на санкции презема за спречување на повтор или ширење на криминогената инфекција помеѓу децата затвореници?
11. Кој е составот на вработени во Затвор за деца Охрид?
12. Дали во Затворот има униформирани лица и дали носат оружје?
13. Каков вид на обуки имаат вработените во затворите, особено оние кои работат со деца?
14. На кој начин ги заштитувате вработените во затворот од т.н burn out ефект?
15. Веќе подолго време се зборува за преселување на децата од воспитно-поправниот дом Тетово, моментално сместени во Затвор за деца Охрид во новоизградениот објект во с. Волковија, кога тоа ќе се случи и дали само децата од воспитно-поправниот дом ќе бидат таму или можеби планирате и децата од Затвор за деца Охрид да ги сместите во новата установа?

16. Во случај и тие од Затвор за деца Охрид да бидат сместени во домотво с. Волковија, на кој начин ќе обезбедите одвоеност помеѓу оние од воспитно-поправниот дом и тие од затворот?
17. Каква е соработката со Министерството за труд и социјална политика и центрите за социјална работа?
18. Дали соработувате со невладини организации со цел развивање на одредени активности и програми за анимирање на затворените деца? Образовни, рекреативни, културни активности?
19. За крај што би направиле вие како прво лице на Управата за извршување на санкции со цел коренито менување на затворот за деца? На што би го ставиле главниот акцент, односно кој би бил вашиот приоритет?

**Прилог 3**

**<u>Прашалник за интервјуирање вработени во Меѓуопштинскиот центар за социјална работа Скопје</u>**

1. Согласно кои правни акти постапувате при постапување со дете упатено на издржување на казна затвор?
2. Што содржи (какви податоци и информации) извештајот што го упатувате до затворот за деца? Дали давате упатства за постапување со детето додека е на издржување на казната затвор?
3. Дали сте присутни/го придружувате детето кога се упатува во затвор?
4. Дали учествувате во спроведување на детето во затвор? Дококу да, во кои случаи, кога е во бегство, недостапно за полиција?
5. Дали го следите напредокот на детето додека е во затвор?
6. Дали добивате други извештаи за напредокот на детето додека е во затвор?
7. Дали го посетувате детето додека е во затвор? Дали ја следите неговата состојба?
8. Каква е соработката со вработените/одговорните во Затворот за деца Охрид? Управата за извршување на санкциите? Полицијата?
9. Дали добивате завршен извештај од затворот пред излегување на детето од затвор?
10. Дали остварувате средба откако детето ќе излезе од затвор?
11. Дали остварувате редовни средби по негово излегување од затвор?
12. Дали детето добива одредена финансиска помош/инструкции за наоѓање работа, домување?
13. Дали му се нуди одредена поспенална помош? Дали работите со неговите родители/старатели?
14. Доколку да, во што истата се состои?
15. Имате ли соработка со меѓународни организации по однос на оваа проблематика? Домашни организации? Поддршка? Размена на искуства со странски институции од сличен вид?